**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
**од Деведесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 јуни 1998 година**

**Скопје, јуни 1998 година**

**93-та седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 3.06.1998 година**

**Дискутанти:** | **Дневен ред:**

**- Пратенички прашања**

1. **АБДИ ФАИК** - 75, 78;
2. **АМДИ БАЈРАМ** - 121,139,140,142;
3. **ВИДИМЧЕ КИРЕ** - 2, 3, 68, 70, 75;
4. **ГАЈТАНОВСКИ ИЛО** - 26,102; (зам. за Внатр. раб.)
5. **ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН** - 104, 107;
6. **ДОКУЗОВСКИ КИРО** - 11,13, 27, 30, 32, 34, 35, 36, 40, 61, 65, 77, 91,109,116 (Мин. за земјод.);
7. **ИЛИЕВСКИ ПЕТАР** - 39, 40, 54, 94, 143,1 44 (Мин. за здравство);
8. **ЈАНКУЛОВСКИ ЖИВКО** – 79;
9. **КОЦЕВСКИ АЦЕ** - 44, 49, 52;
10. **КОТЕВСКИ СЛАВКО** - 99;
11. **КУЉАН - ЗОГРАФСКА РАТКА** - 132;
12. **ЛАЗАРОВ ЈОВАН** - 133,137;
13. **МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ** - 26;
14. **МУСОВСКИ ДЕРИД** - 35;
15. **МУРАТИ ЏЕЛАДИН** - 54 (води сед,);
16. **МИНОВ ПАНЧО** - 82, 87, 91, 98;
17. **МЕШКОВ ЉУПЧО** - 137,139;
18. **НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН** - **19**, 22, 24;
19. **НАУМОВСКИ ВАНЕ** - 28;
20. **НАУМОВСКИ ВЛАДИМИР** - 64, 78 (Мин. без портоф.);
21. **НИКОЛОВСКИ РИСТО** - 108;
22. **ПЕТКОВСКИ ТИТО** - 1 (води седн,);
23. **ПОПОВСКА ЗЛАТКА** - 50, 53, 61, 90, 91,103,131;
24. **ПОПОВСКИ Р. НИКОЛА** - 67;
25. **РИКАЛОВСКИ БОРИС** - 22, 42, 81, 96, 107, 131 (Мин. за стопан.);
26. **СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ** - 124, 128;
27. **СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР** - 103, 144;
28. **СПАСОВ ЃОРЃИ** - 23, 41 ( Мин. за правда);
29. **СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ** - 111, 118, 119, 120;
30. **СТОЈАНОВСКИ ПЕЦО** - 30;
31. **СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН** - 31;
32. **ТАИРИ МЕВЉАН** - 101, 103;
33. **ТАНТАРОВ ВЕЉО** - 3, 6,15, 16;
34. **ТРАЈКОВ МИЛЧО** - 17;
35. **ТРАЈАНОВСКА НИКОЛИНА** - 25;
36. **ТАЛИМЏИОСКИ ПЕТАР** - 34;
37. **ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР** - 36;
38. **ТРИПУНОВСКИ МИРКО** - 62;
39. **ТОДОРОВА СОФИЈА** - 72, 105, 128, 135 (Мин. за образ.);
40. **ШАПУРИЌ ЗОРАН** - 56, 59.

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Деведесет и третата седница на Собранието на**
**Република Македонија, одржана на 3 јуни 1998 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 13,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам Деведесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благоја Стефановски, Александар Гештаковски, Туше Гошев, Иван Бојков, Љубомир Чадиковски, Зоре Темелковски, Маријан Начевски, Илинка Митрева, Илија Каров и Славе Наумовски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собрнаието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав само за поставување на пратенички прашања.

Поради тоа предлагам на оваа седница да не се разгледуваат други прашања.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (67 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?

Констатирам дека на оваа седница ќе се поставуваат само пратенички прашања.

Преминуваме на пратенички прашања.

Известен сум дека само неколку министри се отсутни, а дека другите по завршувањето на оваа седница ќе влезат во салата.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија достави одговор на пратеничките прашања на пратениците на: Газменд Ајдарага, Александар Јакимовски, Зеќир Кадриу, Слободан Најдовски, Наџи Пурде, Нано Ружин, Вељо Тантаров, Ристо Трајков, Борис Павлов, Драган Георгиев, Димитар Трпеновски, Хисни Шаќири, Илија Каров, Санде Давчев, Дане Милошевски, Панчо Минов, Никола Поповски, Сејфедин Харуни, Илија Гоцевски, Кире ВИдимче, Томислав Стојановски, Благоја Стојковски, Наум Симјановски, Пецо Стојановски, Јован Лазаров, Звонко Каров, Милчо Трајков, Фаик Абди, Слободан Даневски, Митко Ристевски, Назми Маљичи, Аце Коцевски, Ванчо Чифлиганец, Зоран Шапуриќ, Абдуладии Вејсели, Мирко Пецов, Сами Ибраими, Мевљан Таири и Наќе Стојановски.

Бидејќи овде практично имаме двајца претставници на две министерства на Владата, јас незнам, мислам дека можеме, односно предлагам пратениците кои имаат незадоволство, прво од одговорите на овие прашања, а само за министрите кои се тука, да започнеме, па еве со доаѓањето на другите министри да продолжиме.

Прашувам, од овие што ги прочитав, дали некој има да постави дополнително прашање.

Има збор г-дин Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Г-дине претседателе, јас имам две дополнителни прашања, но прашањата се од области на кои министрите не се тука присутни.

Кому да ги поставам дополнителните прашања, навистина не ми е јасно.

Дали воошто да ги поставувам или да причекам да дојдат министрите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ако имате дополнително прашање за министер кој не е тука, мислам дека......

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Ако не, да ги почекам министрите, па да поставам до министрите. Благодарам.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Тогаш одиме на поставување нови прашања.

Има збор г-дин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, јас за денеска имам да поставам повеќе пратенички прашања, бидејќи сум пратеник од 6 - 7 Битолски села, во кои се присутни огромен број на проблеми.

Најпрво, пред да почнам со поставување на моите пратенички прашања, сакам да им го честитам на сите земјоделци денешниов голем македонски празник "Св.Никола" и да им посакам успешно извршување на претстојните работни задачи во полето.

Моите прашања претежно се однесуваат до министерот за земјоделие и се надевам дека внимателно ќе не слуша и ќе даде соодветни одговори.

Хидро-системот "Стрежево", како што е познато, пролетва донесе одлука селата што недоволно ги подмируваат обврските за наводнување, годинава да бидат исклучени од мрежата за наводнување на овој водостопански објект.

Оваа тешка и пребрза санкција се однесува за сите земјоделци по селата Могила, Кукуречани, Срботи, Карамани и некои други помали села, кои во рамките на овој систем имаат околу 3000 ха обработлива површина, односно толку површина е покриена со водите за наводнување. Значи, овие површини и покрај тоа што се покриени со мрежата за наводнување, летово ќе бидат жедни за вода. Растенијата ќе бидат зависни од небото, а водите во преполнетото Стрежевско Езеро ќе стојат не искористени. Мислам дека штетите ќе бидат големи и за Стрежево и за државата, а посебно за земјоделците кои живеат од своето производство.

Овој проблем во изминативе 20-тина дена во два наврати го поставив на оваа говорница и барав Владата на РМ да поднесе информација како смета да го реши соодветниот проблем. Меѓутоа, до денеска таква информација не добив, па сум задолжен од Здружението на земјоделците од општина Битола, денеска повторно да го поставам како пратеничко прашање, со оглед на тоа што, сигурно министерот има некои нови сознанија и ќе даде конкретен одговор.

Значи, за селскиот министер, односно за министерот за земјоделие се упатува следново прашање: Дали стрежевските води ќе потечат низ каналите на атарите на селата: Могила, Кукуречани, Срноболки и Карамани, а потоа ќе се бара решение за проблемот со наплатата на надоместокот за наводнување за изминативе три години.

А, зошто Стрежево, ако земјоделците три години не плаќале надоместок за наводнување, своето право на овој план не го оствариле преку нашата судска власт, туку Стрежево, самото ја презема улогата на суд со затворање на славините на водата, е друго прашање.

Дали немаше образ да ги тужи земјоделците за тоа што ние сакале или не, мора да признаеме дека Стрежево сеуште се води како објект во изградба, а направи веќе 20 години како што се гради.

Затоа што парите што беа наменети за опрема за наводнување за селаните, наместо за опрема се потрошени за изградба на управната палата во Битола, кафеани, ресторани, рекреативни центри, базен за капење и лифт за скијање на Пелистер.

Господо, на земјоделците не им треба лифт, им треба опрема за наводнување. Во една ваква состојба, селаните останаа без опрема и во ова тешко време не можат да ја купат. А, со постојаната опрема што ја имаат моментално земјоделците, од 7 илјади земјоделци денеска можат да наводнуваат само 1200 земјоделци. Ова е катастрофален податок. Или пак, затоа што немаат склучено договори за наводнување, што нашите

земјоделци со години ги бараат од Стрежево и во бившиот систем и во овој систем, или пак сакаат да продолжат со работа онака како што работеа во стариот систем, јал не јал мораш да платиш, инаку отиде од пондилата или телото или кравата.

Министре, водите на Стрежево мора да потечат во овие села и тоа веднаш, а потоа ќе се среди да се разговара за наплата на надоместокот. Се разбира, ако има такви долгови од селаните према овој објект. Во времето кога селаните крадат на секое чоше, кој што откупил на никого ништо не му платил, не може да ги платат овие давачки ако постојат за рок од 3 години. Треба да се испита можноста тие долгови да се пребијат со нивното учество во изградбата на Стрежево, а битолските селани 7 години плаќаат придонес за Стрежево тие се единствени во нашата држава при изградабата на вакви објекти, или да се пребијат со штетите што Стрежево им ги направи на селаните пред 5 години, кога водата, заради грешки на системот ја испушти и во јули месец престана наводнувањето и изгинаа сите култури. Цело поле беше со една жална глетка.

На крајот многу да не должам по ова прашање г-дине минис-тре, пролетните култури не трпат политика и молитва, бараат вода за да родат, тоа што треба да го родат за црпење на селската сиромаштија. Морам да кажам дека во Могила, најголемото земјоделско село во Македонија и во Битола, годинава се очекуваат околу 2 милиони кулограми ситно лисен и крупно лисен тутун, цело поле е посадено со пиперки и домати. Првпат по престанокот на коопернати се воведени доматите.

Сметам дека овој проблем треба веднаш да го решиме. Доколку не се реши од оваа говорница можам да кажам дека од недела битолските земјодлеци ќе стапат во селска буна, за остварување на ова нивно право.

Второ прашање од областа на Стрежево за овој министер, годинава е донесен Закон за земање на кредит за реконструкција на некои хидро-системи во нашава држава. Прашањето гласи: "дали со дел од оваа кредитна линија, или некој друг странски капитал, хидро-системот Стрежево може да ја прошири својата мрежа за наводнување преку Црна Река, односно во атарите на селата Новаци, Либанци, Dобормире, Арванци и Добрушево и што станува со изградбата на Браната Бучим, кое што е проектирано да наводнува од Пелагонија на 60 илјади хектари плодни површини.

Од областа на Водостопанството уште едно прашање. Пред три децении Собранието на општина Битола донесе одлука за плаќање на надоместок за одводнување. Оваа тема беше присутна скоро цела зима во Собранието. Со оваа единствена давачка за замислено одводнување или наводнување баење за селаните на Битолска Пелагонија се задолжени илјадници земјоделци од околу 80-тина села. Некој од нив од страв и срам ја плаќаат оваа давачка, а некој не. Меѓутоа, грото од селаните не плаќаат, затоа што не постои одводнување и сите селски атари сега засега тонат од високите потпочвени води во Пелагонија. Не плаќаат, затоа што нивните земјоделски површини не се одводнети. Напролет не се ораат, ниту се садат. Во последно време водостопанското претпријатие Пелагонија издаде соопштение во кое што бара, селаните кои што ќе го платат половина од долгот, втората половина ќе им биде отпишана. А меѓутоа, селаните и тоа не го прифатија и сега почнуваат судски расправии.

Сметам дека до вакви расправии не треба да дојде и бараме Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да испрати комисија и да се увери на лице место дали во битолскиот дел од Пелагонија постои одводнување или не, а потоа нека си го применува Законот за води. Како што рече министерот дека одводнување ќе плаќаат само тие земјоделци каде што постојат такви системи.

Министерот за развој не е тука, меѓутоа, мислам дека треба да се постави прашањето, сигурно ќе добиеме одговор. Општината Бач е погранично и ридско планинска општина. Во нејзините села Бач, Брод, Гермијан, Живојњо, Скочивир и Добровини, што се наоѓаат кај самата вештачка граница со Грција, владее сиромаштија со тапија. Ридиштата раѓаат жито и храна за добитокот, само ако има врнежи од дожд.

Ако нема врнежи, ова подрачје е права пустија Сахара. Овде суштата постојано царува. Меѓутоа, од другата страна на вештачката граница, во другиот дел на Македонија состојбите на овој план се поинакви. Со помош на електрична енергија и бунари за вода до секоја ораница ридиштата се претворени во вистинско зеленило. Прашањето гласи: "Дали Министерството за развој во рамките на своите можности да го поткрепи проектот на Бач за воведување на електрична енергија и бушотини низ овие села, тоа не се големи пари, меѓутоа можат да направат голема работа.

За министерот за земјоделие уште едно прашање. Во текот на идниот месец, г-дине министер, вие добро знаете дека ќе почна жетвата на пченицата и јачменот и за жал за Македонија и на р'шта што е посеана на мали и незнати површини. Цената на пченицата е позната. И за оваа жетва е утврдена на 10 денари. Тоа на прв поглед значи иста цена како што беше и цената на далечната 1994 година, но по ланската инфлација, не е така. Пченицата и лани и летово ќе се откупува само по 7 денари.

Прашањето на г-динот Докузовски гласи: "Дали оваа заштитна цена на пченицата ќе биде корегирана, бидејќи постојат безброј причини за нова заштитна цена за оваа култура. Имаме ланска инфлација, имаме трипати зголемени трошоци за производство на пченицата во однос на 1994 година, имаме една смешна состојба со домашната и увозната пченица. Нашата пченица како што реков се откупува по 7 денари, или се купува за брашно и трици, а пченицата што се увезува од Аргентина и Маџарска овде кај нас се носи од 13 до 14 денари од килограм. Ако сакаме леб од домашна пченица, ако сакаме да не даваме по 40 до 50 милиони долари за извоз на пченица што се носи преку многу мориња и океани, сметам дека цената на пченицата годинава не смее да биде пониска од 20 денари. Инаку со 10 денари за килограм пченица на нашиот селанец не му останува ништо. Ни сламата. И таа треба да ја продаде за да ги покрие своите трошоци.

За министерот за развој едно кратко прашање: "Дали летово приватните комбајнери ќе можат да користат гориво од ФАРЕ за своите комбајни, бидејќи беспарицата може да предизвика огромни проблеми со работата на овие машини, околу собирањето на родот на житото од приватниот сектор.

За министерот Докузовски повторно ново прашање. Ланското производство на тутун годинава беше откупено и испратено според новиот Закон за тутун, така како што со децении сонуваа мачениците на оваа култура. Брзо, без да се тресат пред тутунските кантари на кој што се цени и мери тутунот без крстење на калси на тутнот, без измислени нечистоти од песок и земја, без од око утврдена влага во тутунот и без чекање на покана за носење на тутунот на самата откупна станица. Напросто речено, имаше откуп според правилата на пазарното стопанство. Прашувам: со оглед на тоа што со Законот на тутун беше предвидено, авансирањето на тутунот да почне со самото расадување, дали оваа мерка во нашите тутунски претпријатија е отпочнато или сеуште се чека. Имам сознание дека работите на овој план не се добри.

На крајот за министерот за здравство, што за жал не е овде, морам да повторам по петти пат едно прашање за кое нема одговор. Кога во здравствените амбуланти што работат низ нашиве села ќе почна да функционира апотекарска служба, за да можат болните селани лековите да ги набавуваат во овие амбуланти. Да не одат по лек во градовите. За овој стар проблем сто години се расправа, меѓутоа сега засега нема никакво решение. Прашувам до каде стигнаа работите на овој план. Ќе има ли решение за оваа селска мака или не, и дали министерот за здравство планира во селските амбуланти да воведе дежурна служба за ставање на инекции на луѓето што ги имаат тие потреби, затоа што сега засега по завршувањето на работното време оваа категорија на пациенти се должни да одат по инекции во градовите.

И на крајот за министерот за земјоделие едно кусо прашање, ние донесовме два значајни закона, Закон за денационализација и Законот за земјоделско земјиште. Дали во

Министерството за земјоделие се размислува наскоро да им се врати земјата на оние, на кои што по растурање на колективите ја откажаа од многу причини.

Одговорите ги барам усмено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За оние прашања за кои министрите не се тука за здравство и за развој ќе ги добиете во писмена форма.

Ве молам сите пратеници да поставуваат кратки прашања, бидејќи министерот ќе заборави што го прашуваат со толку голема елаборација.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Прво, прашањето за системот Стрежево и наводнувањето е одговор кој би важел за сите други средини, каде што има исти постапки и слични проблеми. Законот го донесовме скоро, законот е во фаза на реализација, јавното претпријатие е формирано и прашањата ќе ги упатиме до тоа претпријатие, бидејќи министерот нема недостиг да учествува во решавањето на договорните односи меѓу субјектите, кога е во прашање водата. Тоа е значи, кој сака вода, потпишал договор со претпријатието, обврските треба да ги исполнуваат едни према други. Меѓутоа, не би било коректно ако така заврши одговорот. Од оваа говорница кога го носевме законот паднаа 40 амандмани. Повеќе сега не можеме да зборуваме за измислени давачки, или измислени надоместоци. Станува збор за донесени законски обврски, кои што треба да се почитуваат и ова Собрание како законодавен дом треба да се залага така и да биде.

Меѓутоа, некој од оваа говорница кажа дека ќе се залага овој закон да биде не спроведуван. Кога така настапува некој од пратениците или функционерите, тогаш се јавуваат проблеми. Ако во битолско има над 30 села, а 3-4 села не плаќаат, што ќе правиме со овие што плаќаат. Ние веќе упаднавме во една добра политика, во една зона на послушност во оваа област, на плаќање итн, итн. Враќање назад нема и да сакаме. Од тие причини кој ќе плаќа ќе добие услуга. Дискусиите и по првото и по третото прашање да ги упатуваме на суд е некоректно и за земјоделците ниту за овој Парламент. Затоа што земјоделецот ако не ја плати претходната направена услуга, губи право и нема право да побара нова услуга, бидејќи претходната не ја платил. Овде станува збор за 3 години неплатена обврска. Оттаму да завршам секаде се постапува исто, ако некаде не се исполнети обврските, тогаш ќе се оди на суд. На прашањето врзано за ова има кредитна линија нова и дали сега ќе се врати во Стрежево уште систем за наводнување, јас одговарам не, таа ќе биде наменета за Тиквеш да заврши и Брегалница или отпочне Полог, пак по еден услов ако Полог ги измирува обврските за наводнувањето од претходната година и се разбира од оваа година, бидејќи договорот со светска банка вие го парафиравте овде и оној кој се задолжил со Светската банка ќе го враќа, односно тие што ќе плаќаат воден надоместок. Ниту законот, ниту проектите предвидуваат за Стрежево да плаќаат Кривопаланчани или Кратовчани што немаат вода. Ќе плаќаат тие кој се наоѓаат под системите и камо среќа Македонија да има земјиште што ќе наводнува и ќе го плаќаат тие што ќе наводнуваат. Ако вака не свртиме внимание кон земјоделците, ние постојано ќе се соочуваме со проблеми и со дискусии кои што не водат напред. Ќе нагласам чесните земјоделци, што се во најголем број го сфатија ова и во полно подрачје од Македонија тргнавме услугите да ги наплаќаме.

Прашањето за Бучим, би рекол, е голем проект, бара многу пари, влезен е во сите листи на објекти, кои што се за стартување на меѓународни кредити, меѓутоа засега, јавно кажувам, сите биланси покажуваат дека таков голем објект Македонија не ќе може барем до 2000-та година, да почне да гради.

Прашањето на одводнувањето го одговарам на начин, кој што и овде беше кажан, дека тоа е измислена давачка. Таа за некого можеби е измислена, меѓутоа сега не е, давачка измислена, туку закон, пропишана и таму ќе потврдам каде што е направена таква услуга, таму и ќе се наплатува таа услуга. Доколку не е направена, ќе повторам, ќе

се заведе спор. Меѓутоа, да не бидам категоричен околу овие проблеми на водостопанството, Вие како пратеници добивте анализа за работењето на аграрот во овие две три години, за неговите состојби. Ветувам дека ќе направиме еднаш согледување за тоа каква е состојбата на користењето на системите во Македонија, на стартот на новиот закон.

Но, да соопштам дека на стартот на формирањето на новото јавно претпријатие, билансот покажа дека претпријатијата, водостопанството влегоа во јавното претпријатие влегоа во загуба од 114 милиони денари непокриена загуба, која потекнува, пред се, од неплатен воден надоместок. Кој ќе ја покрие оваа загуба? Загуби не правевме, за јавноста да ги покрива загубите. Загубара не треба да се создаде, туку треба да се работи домаќински, а домаќински е така како што во законот пишува. На крај имаше уште две прашања.

Прво, пченицата. Да соопштам тоа дека цената на пченицата е заштитна, која во цел свет секогаш е испотпазарната со цел да не се поттикнува производство за залихи. Деновиве во Комората ќе се одржи разговор помеѓу мелничко пекарската индустрија и тие што произведуваат житарици, да се утврди пазарната цена. Секако, во право е Тантаров кога се залага дека ние мораме цената на пченица која што се увезува да ја поистоветуваме, односно да ја приближуваме до Вашата цена, бидејќи би поттикнувале увоз на жито. Меѓутоа, тоа е пак прашање што го договорат самите претпријатија, како што беше и досега. Мислам дека е некоректно да кажуваме 7 денари, кога тоа никој ниту го плаќа и во Битола бевме заедно со Тантаров со земјоделците, ниту го прави. Меѓутоа, не е пријатно, реков, самите селани знаат колку жито им беше платено во 1997 година.

За тутунот беше прашано со, би рекол одушевување дека се купуваше без класи, без ваги, без нечистотии и слично измислени. Тоа не води напред ако се залагаме дека тутунот треба да се купува без класи, без влажност, без песок и слично. Иднината не е тоа. Тоа беше една коњуктура која, гледате дека заврши. Заврши, затоа што се повлекуваат тие што така сакаат да работат. Од тие причини јас како министер брзав законот да го предложам, за да фатиме новата кампања да биде во нови законски услови. Токму во интерес на земјоделците, бидејќи сега кој ќе ги бара тутунските комбинати во Прилеп, да дадат аванс кога тие земјоделци што го продаваат тутунот, би рекол, преку дилери, а сега тие дилери ги нема.

Според тоа, сите земјоделци кои имаат и имаа договори со тутунските комбинати во Македонија, веќе со законот рековме дека се елиминирани сите тие положби, добиваа аванси и ќе добиваат аванси. Се друго што сака да работи на принципот без вага, односно без класа, ќе останат не авансирани. Законот е јасен и ние го спроведуваме, засега, би рекол успешно и сум оптимист дека секаде каде што ќе се почитува законот, ќе имаме и успех во производството.

За Законот за земјиште деновиве ќе имаме, на 9 и на 12 конкретни средби со претпријатијата, враќањето на земјишниот Закон за национализација, тоа не е мое прашање, тоа е прашање на Законот за финансии, како надлежен орган и од тие причини не би сакал да коментирам во овој дел.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Тантаров. Само Ве молам без елаборација ако имате дополнително прашање.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Министерот даде исцрпни одговори, меѓутоа јас како пратеник со некои од нив не сум задоволен.

Најпрво, г-дине министер, јас никогаш на оваа говорница не сум изјавил дека ќе бидам тој пратеник, што ќе ги терам селаните да не плаќаат наводнување. Ние долго време се бориме наводнувањето на земјоделските површини да биде влезено во

пазарните правила. Кој што ќе навади, тој да плати, кој што ќе нема наводнување, нема да плати, а ќе плати само оној така наречен сув надоместок.

Меѓутоа, за жал, за овие села, за кои денес станува збор, Стрежево не сака да склучи договори годинава за наводнување. Сметам дека ова е погрешно, погрешна политика на Стрежево, затоа што ќе Ви кажам еден пример...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, господине Тантаров, Ве молам, ако имате дополнително прашање до министерот поставете го, а ако отвориме расправа по некоја информација за оваа состојба, тогаш ќе елаборираме нашироко.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Дополнителното прашање не постои, меѓутоа постои само во рамките на инаетот што денес го води Стрежево да кажам една вистина. Кипар кога се подели, господине министер на два дела, кај Турците падна водата, а кај Грците струјата. Ни Грците, ни Турците, никогаш не си направија проблеми со водата и со струјата, а кај нас ова денес го имаме присутно. Добро е што министерот денес на оваа говорница изјави дека ќе се согледаат прашањата со одводнувањето каде тоа функционира и се надеваме дека ние како Битолчани, кои што сме единствени задолжени да плаќаме одводнување, ќе ја имаме таа прилика први да се видиме со министерот и да поразговараме на овој план. Тоа што рековте дека нема пари за Стрежево да помине преку Црна Река и да дојде во селата Новаци, Рибарци, Агварци, Добромири, Добрушево, не држи.

Сметам дека пари мора да се најдат, бидејќи како што реков од почетокот Стрежево е сеуште во изградба и на Стрежево треба да му се помогне да ја заврши оваа работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Милчо Трајков.

Се извинувам, му дадов право на г-дин Тантаров, не беше прв, единствено заради причината што министерот за земјоделство беше тука присутен.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, господа министри, дами и господа и јас ќе бидам многу по концизен и се надевам дека ќе успеам овој дебатен дел од седницата да го прекинам. Имам неколку прашања.

Првото прашање е до Министерството за одбрана. Во центарот на Градот Велес веќе неколку години е во тек на изградба на трговски центар со двонаменска употреба. Како инвеститор се јавува Министерството за одбрана.

Поставувам прашање зошто сеуште овој објект не е пуштен во употреба.

Уште едно додатно прашање, во текот на изградбата, заради инфраструктурниот дел на објектот беше раскопана улицата Димче Мирчев, а додатното прашање е дали Министерството има намера да ја врати улицата во првобитна состојба.

Второ прашање до Министерството за сообраќај и врски. Во последниве две години е забележлива експанзија на радио такси службата низ Републиката. Тоа, секако е за поздравување, заради конфорот на граѓаните, а секако и заради вработување на нови граѓани на нашата држава. Прашањето е што прави Министерството за сообраќај и врски за безбедноста на сообраќајот, во смисла за безбедноста на патниците внатре. Сведоци сме, дека главно, како возачи се појавуваат млади граѓани на оваа држава, кои што имаат по 18, 19 години. Од тој аспект дали Министерството има намера да донесе некои подзаконски акти, со кои што би се влијаело врз безбедноста на сообраќајот.

Трето прашање до Министерството за здравство, прашањето е директно, дали министерството има намера да ја укине Уредбата за двонеделна терапија. Да објаснам, сите хронични болни сега имаат право на двонеделна терапија припишана од страна на матичниот лекар. Меѓутоа, ние знаеме дека хроничните болни се тие кои што мораат да примаат терапија повеќе години, како што се дијабетичари, како што се хипертоничари, тиротокситоза, за жал, сега тие немаат право во тек на едно одење на лекар да добијат

рецепт за цел месец, за подолго време, туку за само две недели. Прашувам дали Министерството има намера нешто да направи во тој поглед, се со цел да се избегне малтретирањето на овие хроничари, кои што и тоа како се погодени од самата болест.

Четврто прашање до Министерството за образование и физичка култура, директно каков е статусот на Спортската сала 25 мај во Велес, која што е градена со средства од самопридонес на граѓаните од овој град. Ова прашање беше поставено некаде пред две години, меѓутоа одговорот беше дека треба да се почека Законот за локална самоуправа. Затоа, сега бидејќи е нова ситуација законот како таков постои прашувам што со сопственичкиот статус на таа сала, која што е градена на средства на граѓаните на град Велес.

Петто прашање, ова е дополнение на прашањето на почитуваниот колега Аце Коцевски, а од прилика тоа е од пред шест месеци, толку доцнат овие мои пратенички прашања. Се однесуваше на Велеспром, на состојбата. Јас го подржувам неговото прашање и имам едно додатно прашање, ако е деловнички можно, до Министерството за внатрешни работи и за финансии. Јас го поддржувам тоа дека треба да се даде еден извештај за работата на Велеспром, меѓутоа не од моментот кога Велеспром испадна од стечај, туку јас како пратеник барам да се даде извештај за работењето на Велеспром и во периодот додека беше во стечај, така што ние како пратеници имаме комплетен увид во работата на таа организација, кога предизвика доста бури во јавноста, се надевам дека ќе добиеме исцрпни информации и дека во тој случај точно ќе видиме дали можеме некој да именуваме како кривец таму или не.

Последно прашање до труд и социјална политика што со граѓаните кои исполниле услов за одење во пензија, но заради не плаќање на придонеси одредени работни организации не можат да остварат право на пензија. Имено, не плаќање на придонеси во тек на година, на две години. Има поедини судски решенија за плаќање на придонеси од страна на работните организации, но ПИО не прифаќа поединечни решенија. Сите овие прашања очекувам да бидат во писмена форма, од едноставна причина што министрите физички не се присутни тука.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Најдовски.

Одговор на претходните прашања се бара во писмена форма.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, имам три прашања и ќе се обидам да бидам прилично краток.

Првото прашање се однесува околу штедилницата "ТАТ". Деновиве сите сме сведоци заврши судскиот спор, сега имам едно прашање, ЛДП и пратеничката група постојано укажуваше на фактот дека треба да се отвори судски спор и надлежните органи да гонат за измама и грабеж под форма на штедење во штедилниците "ТАТ", "Лавци", "Алва-С" и другите во Република Македонија.

Но, за жал тоа не беше прифатено. и завчера можевме да видиме таму некои, посебно до присутните лица, кои што некој сакаше да ги претстави како октопод, на крајот испадна, изгледа посебно оние присутните лица дека најмалку се виновни. Се запраша ли некој зошто трезористот од Службата за општествено книговодство или сега Завод за платен промет, кого човекот лично воопшто не го познавам, го ставивме на столбот на срамот како октопод во Република Македонија и на крајот еден од тие да ја понесе целата одговорност. Почувствувавме ли сите ние граѓаните малку срам, посебно овде дел од пратениците и посебно надлежните органи и институции за она што се случуваше.

Затоа, моето прашање е следното. Дали надлежните органи кои што се во надлежност на Владата на Република Македонија ќе покренат постапка за откривање и изведување пред лицето на правдата на вистинските виновници за пропаѓањето на

штедилницата "ТАТ", односно за грабежот на граѓаните под форма на штедење. Вие видовте дека и штедачките асоцијации во Битола не добија одговор, а и граѓаните на Република Македонија на едно главно прашање. Кој ги зеде парите од "ТАТ". Сето друго е фарса. Ни еден досега нема обвинет за тоа дека зел пари и дека ја уништил штедилницата. Очигледно е дека штедилницата не пропадна од внесување на пари, не навлегувам во тоа колку се тие кривични дела и сета таа работа, но очигледно е дека штедилницата не пропадна од тоа, туку пропадна од тие што ги зедоа парите. До денес надлежните органи немаат покренато таква постапка. Тоа е првото прашање.

Второ прашање кое што сакам да го поставам е имено, во јавноста се пишуваше прилично, Битолската пивара е под стечај веќе неколку месеци. Се пишуваше во весниците и на другите медиуми, на електронските медиуми дека Владата на Република Македонија презема одредени активности за продажба на Битолската пиварница на грчка фирма. Па, ме интересира, со оглед на тоа што, навистина, ниту вработените во Битолската пиварница, ниту јавноста е доволно информирана, да ми се одговори на прашањето кој активности ги презела Владата на Република Македонија во врска со Битолската пиварница, односно со продажбата на Битолската пивара. Морам да кажам дека не сум со намера да сугерирам за било кое решение во овој момент, туку чисто информативно, бидејќи сметам дека во најкратко време ако не се разрешел овој проблем, овој капацитет ќе биде уништен, затоа што пиварството е такво производство со такви карактеристики, кои што ако уште во најскоро време не проработи, навистина овој капацитет после тоа тешко ќе може да се врати во првобитна состојба.

Третото прашање, истото кое што го имаше г-динот Милчо Трајков за во Велес во врска со спортската сала, јас би прашал во врска со спортската сала во Битола. Колку што сум информиран Владата на Република Македонија донесла заклучок од средствата за тековни резерви во Владата на Република Македонија издвојува финансиски средства за покривање на спортската сала во Битола. Вие сте сите сведоци кога се играше ракометниот натпревар Пелистер и Лимко како се претставивме и како држава и како град и како спортски организатори во врска со спортската сала во Битола.

Од тие причини сметам дека треба да се преземат на итно мерки во врска со спортската сала во Битола, бидејќи и овие спортисти кои што сега ги имаме за кратко време ако вака продолжиме, ќе ги изгубиме. Само да Ви напоменам дека во спортската сала во Битола во текот на цела зима во општо не се греe, така што овие ракометари на, кои што сега им аплаудираме тренираат на минус 20 степени на зима и немаат соблекувални во салата и одат 200 или 300 метри надвор од таа сала.

Од тие причини не само да ги поддржуваме спортистите и да ги пречекуваме на Аеродром кога ќе постигнат некој успех и да се гордееме кој побрзо до нив ќе застане, туку да преземеме некои активности за надминување на состојбата во која што се наоѓаат. Сметам дека Република Македонија треба да се заангажира спортската сала во Битола да ја донесе во најдобар ред, бидејќи Битола е еден од центрите за малите спортови, посебно за ракометот.

Барам одговор, доколку е можно усмено, а ако не може и писмено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се извинувам г-дине Најдовски првото прашање за "ТАТ" го поставувате до Владата или до некои од министрите.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

До Владата на Република Македонија. Па, имаме потпретседател на Влада, имаме министри, кои можат да одговорат.

За збор се јави г-дин Рикаловски, министер за стопанство.

**БОРИС РИКАЛОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа, јас би дал одговор на второто прашање на г-динот Најдовски врзано за Битолската пиварница. Состојбите во ова претпријатие ми се

добро познати и правиме напори навистина да дојде до продажба на ова претпријатие, за што покажаа неколку фирми интерес и тоа се странски фирми. Но, на крајот од сите тие, кои во прелиминарна фаза пројавуваа интерес, остана една сериозна фирма, која го потврди својот интерес деновиве и во Агенцијата за приватизација во соработка со стечајниот судија и стечајниот управник на пиварницата, се водат конкретни разговори со оваа заинтересирана фирма. Се работи на склучувањето на договорот, односно на неговиот текст, се надевам доколку сите прашања бидат успешно надминати, засега такви можности постојат, да дојде до усогласување на ставовите и наскоро да се потпише договор за продажба на пиварницата на еден грчки партнер или на Нортен Бровери како што се вика компанијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Прашањето во врска со "ТАТ" беше колку што јас го разбрав, дали надлежните органи ќе ги изведат пред лицето на правдата вистинските виновници за пропастот на штедилницата "ТАТ". Јас колку што знам нашето независно судство водеше постапка и во рамките на таа постапка дојде до одредена вистина. Ако г-динот пратеник ги знае вистинските виновници, а досега не ги кажал и не ги предложил пред надлежните органи, мислам дека е тоа голема штета и дека е крајно време во едно општество како што е нашето секој  на кого што му се познати податоци, кои што не ги знаат надлежните органи и кои што се единствено надлежни да судат и да пресудуваат, таквите информации да им ги стави на располагање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Најдовски, дали сте задоволни од одговорот и дали имате дополнително прашање.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа. Јас благодарам на вашата сугестија што ме предупредивте дали имам дополнително прашање и се согласувам, затоа што е тоа во согласност со Деловникот и така треба да постапувате. Но, така требаше да постапите и министерот за правда да го прекинете да одговара на прашањето, бидејќи министерот за правда не одговори на прашањето туку за жал, човек кој што одамна многу го ценев се обиде на еден можеби хумористичен начин да одговори на едно прашање кое што е од битно прашање не само за Битола, туку воопшто  за државата Република Македонија и за нејзиниот дигнитет и понатамошната доверба која што ќе ја гради во Република Македонија и надвор од Република Македонија.

Имено, навистина сум изненаден што министерот на таков начин лично ми се обрати, а јас би се обратил следново. Ако јас работев во надлежни институции кои што се  за откривање на вистинските виновници и ако сум одговорен за органи во Република Македонија кои што треба да ја водат таа постапка, верувајте ми дека ќе ги откриеме досега. Со оглед на тоа што ја немам таа надлежност, ниту можам, ниту сум моќен тоа да го направам. Верувајте ми дека првата Влада што ќе дојде на власт во Република Македонија ќе се позанимава поинаку со овој  проблем.

Затоа сметам дека до крај требаше на прашањето да ми одговорите. Прашањето не се однесуваше само на првите три реченици, туку последната реченица која што вие ја изоставивте е за грабежот и измамата на граѓаните под форма на штедење. Затоа мене ми е сосема јасно дека судството во Република Македонија е независно и можам да кажам дека немам ни намера да се мешам во неговите надлежности, но истовремено морам да кажам дека има многу органи, институции кои што се под директна надлежност на Владата на Република Македонија, кои што оваа работа ако квалитетно ја завршеа, денеска ќе имавме успех.

Сметам дека на ова прашање треба писмено да ми се одговори, бидејќи се гледа дека министерот навистина наместо да ми одговори на прашањето сакаше да покаже нешто друго.

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници. Имам две прашања.

Првото прашање е до Министерството за внатрешни работи а се однесува на студентите на Факултетот за безбедност, дипломирале над 40-тина студенти и се стекнале со звање дипломирани криминалисти и криминалисти, а кои сеуште се невработени. Имаме сознанија дека во изминатиот период во Министерството за внатрешни работи се вработувани лица со завршен Електротехнички, Правен или друг факултет, а завршените студенти на безбедност, кои единствено се квалификувани за таква работа не се вработуваат. Прашањето е следно. Каков е ставот на Министерството за внатрешни работи во поглед на нивното вработување и дали се точни ваквите сознанија. Доколку се точни ваквите сознанија која е оправданоста од тоа.

Второто прашање е до Министерството за одбрана и Министерството за труд и социјална политика, а се однесува на следното. Во периодот по осамостојувањето на Република Македонија и на Армијата на Република Македонија одреден број на воени старешини останаа во служба на ЈНА. Во овој период некои од нив се стекнаа со право на пензија како старешини на ЈНА, а истите во моментот живеат во Република Македонија. Денес овие пензионери не добиваат пензија. Моето прашање е следно: Дали Министерството за одбрана го има ова сознание, воедно и Министерството за труд и социјална политика и што се планира да се превземе во насока на регулирање на овие односи, како би можеле овие пензионери да ги добијат своите заслужени пензии.

**ИЛО ГАЈТАНОВСКИ:**

Мислам дека на ова прашање најдобро е да се даде одговор во писмена форма, бидејќи се работи за конкретни податоци.

Меѓутоа, не држи ова што госпоѓата пратеник оцени дека ние имаме некоја дискриминација према завршените студенти на Факултетот за безбедност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се согласуваат. Има збор господинот Милошевски.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, драги колеги. Јас имам дополнително прашање уште на самиот почеток, но сега ќе го поставам затоа што тогаш беше само министерот за земјоделие.  Прашањето се однесува токму до министерот за земјоделие.

Дополнителното прашање се однесува за браната Оточница. Добив одговор дека во текот на календарската 1998 година нема средства за довршување на вакви започнати објекти. Имено, знае Собранието дека браната Оточница е започната некаде 1991 година и сеуште е недовршена. Три години не е чепнато ништо, не е инвестирано ништо, ниту пак во програмата за распределба на буџетските средства од Министерството за земјоделие, ми се чини во точката 3 каде имаше една ставка за довршување токму на вакви објекти не е содржана.

Јас мислам дека овој објект заслужува барем со минимални средства да влезе во програмата и да има активности оваа година, за да не се приклучи оваа година на претходните две. Тој објект е започнат,  насипот е изграден и уште неколку ситни работи кои што чинат неколку милиони денари треба да се доврши. Покрај тоа што таа инвестиција е оставена на забот на времето, таа инвестиција претставува и опасност за неколку населени места низ водно по реката Оточница.

Исто така, не сум задоволен со одговорот на прашањето што со браната Глобочица. Одговорот што ни е даден е дека до 2000-та година не се планираат никакви

активности на оваа брана. Инаку, тоа е брана на Крива Река, која што со преградувањето на Крива Река Славишко поле ќе биде целосно задоволено со потребите од вода. Инаку, сега како што Тантаров рече дека Бач е пустина, меѓутоа Славишко поле е едно плодно поле, кое што во сушните години буквално е пустина.

Би го замолил министерот доколку има можности да даде одговор на ова прашање од оваа говорница.

Исто така не сум задоволен од едно два пати поставено прашање до Министерството за надворешни работи. Ми се чини дека првото поставување е пред година дена и сеуште нема добиено одговор, а се однесува за граничните премини Крива Паланка - Босиле Град, СР Југославија и Крива Паланка, Ранковци - СР Југославија, Трговиште - Крива Паланка - Ранковци.

**КИРО Д0КУЗ0ВСКИ:**

Во Македонија последниве 15 години се градени скоро во секоја поголема општина или сливно подрачје по некоја мала акумулација. Сите почнуваат со затворена финансиска конструкција во која што државата учествуваше со свои средства. Државата во сите објекти ги има измирено своите обврски, меѓутоа во тие брани и мали акумулации најголем дел не се завршени пред се заради неизвршување на обврските од страна на другите инвеститори, општините во тоа време. Во тие објекти спаѓа и овој објект за кој што се тврдело дека се обезбедени пари.

Од тие причини ние јасно кажавме дека за 1998 година пари за такви објекти нема и подготвуваме за Есен, наредната година сигурно ќе биде тоа актуелно кој од овие објекти има реални шанси со помалку ангажирање на пари да даде поголеми ефекти. Тие објекти ќе бидат приоритетни, ќе бидат завршени како објекти. Другите ќе се одржуваат до време кога ќе обезбедиме подобри услови за градба. Според тоа јасно кажувам дека програмата има пари, меѓутоа за обврски кои што ги преземало Министерството преку договори кои треба да ги исполни.

За прашањето за другите објекти, како што беше споменато прашањето Глобочица Крива Река добро е што имаме идеи, имаме проекти, ги земаме во предвид и реков дека со нив ќе стартуваме секаде каде што ќе биде можно да обезбедиме поволна финансиска конструкција за градба, меѓутоа никаде нема да почнеме објект додека не обезбедиме сигурни и цврсти извори на покритие за градба на овие објекти. Значи, само останува ова како регистрирана идеја, а материјални средства ако имаше ќе ги правевме како првиот објект, кој што почна да се гради, а сеуште не е довршен.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници. Имам две прашања.

Првото прашање е до Министерството за сообраќај и врски, кој не е тука, и најверојатно ќе следи писмен, одговор. На магистралниот пат Скопје – Кичево - Охрид на излезот од Кичево према Охрид дел, од тој магистрален пат е нерегулиран и незаштитен и од левата и од десната страна. Граѓаните се принудени да врват покрај тој пат што не е обезбеден и често се случуваат и сообраќајни несреќи, а се работи и за вработени и за ученици, деца кои мора тој пат да го поминат. Прашањето е дали е тоа во компетенции на Министерството за сообраќај и врски, да го регулира тој дел на сообраќајот за да биде што по безбеден за врвење на луѓето. Ова прашање граѓаните често пати доаѓаат и го поставуваат, или е во надлежност на локалната самоурпава.

Во овој дел како потпрашање би дошло и за реконструкцијата на патниот правец Скопје - Охрид на делот до Кичево и од северната и од јужната страна се реконструира, а делницата што поминува низ градот, околу 2 км. остана не преасфалтирана. Прашањето е дали тоа е во надлежност на Министерството за сообраќај и врски, бидејќи се работи за магистрален пат.

Второто прашање е до Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство. Се работи за системот за наводнување Студенчица, кој поврзува четири општини (Кичево, Македонски Брод, Прилеп, Крушево и термоелектраната). Овој систем функционира подолго време и дел на села се приклучија на овој водовод уште во фаза на неговата изградба, добиваат вода така да ова витално прашање го имаат решено. Дел на села и граѓани не се обезбедени со вода за пиење, а потекнуваат од еден крај на Кичево кое има изобилие од ова природно благо на државата. Често доаѓаат во овој период и прашуваат дали селата, без разлика дали се работи за јужниот регион каде што се Вранешница, или северниот регион, каде што се ново формираните општини Осломеј и Зајас можат да се приклучат на овој регионален водовод и да го решат проблемот за наводнување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Киро Докузовски.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Не мислев да одговорам, бидејќи не сум надлежен за прашањето на водоводите, треба да се преориентира за урбанизам, бидејќи со Законот за водите за објектите кои имаат комунален карактер одговараат комуналните дејности, па од таму треба да се преориентира само за урбанизам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи за ова прашање одговорот ќе биде во писмена форма.

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници.

Сакам да поставам две прашања.

Првото е, имаше најава дека патниот правец Велес - Прилеп во 1998 година ќе се гради по пат на концесија. Прашувам до каде се активностите за реализација на овој проект.

Второто прашање е до Министерството за образование и физичка култура. Има изготвено техничка документација за доградба и реконструкција на централното основно училиште "Даме Груев" од Градско и истата е доставена до Министерството за образование и физичка култура. Прашувам кога ќе отпочне реализацијата на овој проект.

Исто така има изготвено проект за водоснабдување на подрачното основно училиште "Даме Груев" од Виничани. Овој проект е влезен во програмата на Министерството за образование и физичка култура, па прашувам кога ќе се отпочне со реализација на овој проект и кога овие 154 ученици од Виничани ќе добијат вода за пиење во своето училиште.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи немаме претставник, одговорот ќе биде во писмена форма.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги. И јас исто така имам прашање до министерот за земјоделие. Моето прашање е дали размислува и како мисли Министерството за земјоделие да го реши проблемот на наводнување во населените места, каде што нема изградено системи, затоа што имаше практика порано во деловите каде што немаше систем за наводнување во летниот период да се излезе во пресрет со ставање на мотори кои што влечеа вода од Сарај и Треска. Таква ситуација имавме подолго време, неколку години со ред, инаку вас ви е познато дека делот од Сарај према Матка кон Тетово е познато како место со производство на раноградинарски култури. Тие беа носечки во тој дел и беа носители на огромни средства, а сега со новата поделба и на девизни средства за Република Македонија. Поради тоа што една огромна површина која го зафаќа делот од Сарај према Глумово и натаму, нема поставено такви пумпи веќе неколку години, во тој дел се помалку и помалку ги има овие култури. Во секојдневните средби со тие граѓани што се занимаваат

со таа проблематика се поставува прашањето, како мисли и која е надлежна институција до која можат да се обратат тие за да им се излезе во пресрет, инаку не се поставува прашање колку и како ќе се плати. Најбитно е која е таа институција и дали воопшто се мисли тој проблем да се реши.

Другото прашање е многу практично прашање. Знаете дека е во ек или за кратко време ќе дојдат до израз раноградинарските култури, односно производството на патлиџани и пиперки. Мислам дека е познат случајот дека пред неколку години дојде до блокада. Околноста во која живееме има реални шанси да дојде до нешто слично поради ситуацијата што е на Косово, дали Министерството за земјоделие превзема мерки и активности во случај да дојде до тоа тие раноградинарски култури да бидат пласирани надвор, или на алтернативни патишта.

Одговорот на прашањето по можност ако може да го добијам усмено, со оглед дека се работи за итност и актуелност во оваа област.

**КИРО Д0КУ30ВСКИ:**

Првото прашање за тоа какви извори на вода имаме и начин на снабдување би оставил да му одговориме по писмен пат, бидејќи треба да согледаме и бара технички согледувања, така да мислам дека сега не е коректно сега да кажеме може или неможе.

Во врска со прашањето за пазарот за овие производи навистина секогаш е најосетливо и најболно прашање и со страхување секој од нас, особено јас како ресорен министер следам дали ќе се јави проблем со пласманот особено за 1998 година, кога имаме една ориентација што е позитивна, сите се определија да произведуваат зеленчук особено средно ран зеленчук, заради тоа што минатата година добро поминаа на пазарите.

За сега за среќа проблеми во пласманот на раноградинарските производи нема. Тоа потрошувачите го почувствува преку високите цени, бидејќи се извезува зеленчук на други подрачја. Од овие причини сметам дека пазарно ориентирани се тие што сме ги досега договориле (Словенија, Хрватска, Босна, Југославија како најголем пазар), присутна е и Руската Федерација која што деновиве ќе има и посета и во која што платформа ќе биде предмет и прашањето на наш поголем пласман на тие производи во тие земји. Деновиве преговаравме со колегите од Чешка, од Словачка за сличните прашања околу пласманот.

Меѓутоа, засега сепак блискоста го прави тоа дека зеленчукот најреално е да го бараме на пазарите кои што се близу, бидејќи транспортот е голема ставка во сето ова. Да се надеваме, мислам дека и политиката на Владата е таква да правиме се да не дојде до неповолни политички состојби. Не станува збор за алтернативни решенија во преработката, бидејќи раниот зеленчук е ниту исплатливо, ниту може да се преработува. Оттаму да продолжиме сите заедно да ги разработиме пазарите, или да сме оптимисти дека нашиот зеленчук ќе го правиме би рекол по продуктивен, затоа што со дискусии од типот: што со пласманот? Самите лошо правиме, бидејќи поттикнуваме идеи да не тестираат, да прават ограничувања и сл.

Сепак, засега не гледаме опасности околу пласманот на зеленчукот и сето тоа е добро и така сакаме да продолжи.

**ПЕТАР ТАЛИМЦИОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, јас имам едно единствено прашање, дали до господинто министер за земјоделие, или пак до финансии. Поттикнат токму од шумската полиција и судската полиција. Прашањето гласи: Како мисли Министерството за земјоделие, односно Министерството за финансии да го реши прашањето на чување на земјоделските имоти во РМ? Имено, во традиција на македонското земјоделство се полските имоти да ги чуваат полски чувари така наречени пољаци. После бројните реорганизации и реформи во нашата земја дојдовме до ситуација всушност да немаме полски чувари и насилно нарушување на сопственоста и

правата на полските имоти. Ова постепено станува наше секојдневие. Во разговор со функционери на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство е утврдено дека и тие се загрижени за состојбати што постепено настануваа, но немоќни се и загрижени за да го решат овој проблем, бидејќи проблемот со обезбедување на финансиски средства за плати на чуварите е во надлежност на Министерството за финансии. Токму затоа го поставувам и ова прашање како да го решиме.

**КИРО Д0КУЗ0ВСКИ:**

И јас сум исто така загрижен што во земјоделството штетите кои ги нанесуваат самите граѓани, можеби пак земјоделци се се помасовни, особено заради тоа што се ослободи чувањето на кози, козите се почесто прават штети. Досега имавме Закон за полски штети, кој го подготвуваше Комисијата на Собранието во минатиот состав и ние партиципиравме како Министерство во тоа време. Тој закон сеуште е на сила, меѓутоа тој закон се потпира локалната самоуправа да ги регулира сите тие прашања, а финансирањето како што се кажа овде е отворено.

Прифаќам обврска да го разгледаме прашањето заедно со финансии, правда и законодавство и да видиме дали е можно да подготвиме некој текст, со кој што тоа прашање ќе го согледаме, сепак останува обврска на локалната самоуправа, меѓутоа да пружиме стручна помош како тоа прашање да го регулираме и да предложиме некој текст на закон за ова прашање. Ова прашање навистина е сериозно, бидејќи одгледуваме скапи култури, а штетите се се помасовни во оваа дејност. Ако задоволи тоа, да прифатиме една обврска да го погледаме тоа прашање.

**ФЕРИТ МУСОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, колеги пратеници, ќе поставам едно прашање, бидејќи овој  Парламент ги донесе Законот за води, шуми и земјоделско земјиште и во овој момент прашувам: зошто се доцни со донесувањето на Законот за национални паркови кој што сметам дека ќе ги разреши проблемите и со шумската полиција и други проблеми, чување на шумите. Ако може да добијам писмен одговор, или усмен одговор, зависно од можноста на министерот.

Јас ви доставив една анализа, мислам дека тоа е можеби мотив да се постават повеќе прашања. Да кажам дека Министерството за урбанизам подготвува Закон за националните паркови. По него има доста забелешки заради решавањето на прашањето на статусот на шумите во националните паркови, ловиштата, дивечот итн., има би рекол колизија во управувањето со тие објекти.

Бидејќи се спомна шумската полиција, да кажам, таа е одвоен дел и нема да биде предмет на решавање на тој закон. Шумската полиција ќе почне да функционира од 1 јули, веќе е во тек на конституирање и таа ќе се почувствува во своето работење дури после месец јули, така како што и во законот е предвидено. Инаку ќе кажам дека законот е во подготовка за националните паркови. Не се вика така, друго име има, меѓутоа ќе биде сигурно доставен до Парламентот  на наредните седници.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, првото прашање е до Министерството за финансии: како се движи порастот на јавните расходи, односно трошоци на државата, односно Буџетот во периодот од 1992 до 1997 година во споредба со доходот пер капита во споредба со земјите на ОЕЦД и неразвиените држави.

Второ прашање, дали е точно тоа дека за санирање на девизниот долг се издадени обврзници кои банките ги продадоа со попуст, со дисконт од 40 до 50% на одделни фирми за потоа фирмите обврзниците да ги користат за отплата на приватизационите рати, а се работи за имот од околу 35 милиони марки.

До Министерството за стопанство? Колкав е внатрешниот дефицит на пари потребни за регулирање на должничко доверителните односи меѓу работо - правните субјекти и дали постои таков дефицит?

Второ прашање до Министерството за стопанство, дали порастот на индустриското производство во РМ е лоциран кај стопанските субјекти кои што се под режимот 7 ЛБ, или и во другите стопански субјекти од 32-те индустрики гранки, мислам на индустриското производство.

Трето прашање до Министерството за стопанство, дали е точно дека 1997 година заврши со 100 илјади стечајни работници. Дали 1997 година со распадот на одредени работо - правни и стопански субјекти се испродуцирани околу 100 илјади стечајни работници? Дали е точен овој податок.

До Министерството за земјоделие, дали би можел од Министерството да добијам информација, за тоа до каде се стигнати активностите околу регулацијата на реката Сатеска, како стратешка определба за заштита на Охридското Езеро.

До Министерството за урбанизам, Охридското Езеро поседува колекторски систем и пречистителна станица. Меѓутоа, имам информација дека одредени населби околу реката Црн Дрим, кои што имаат дадено допринос за изградба на колекторскиот систем не се вклучени во истите, а прашањето е дали се планира едно одредено време и кое време да се реши ова прашање. И во тој контекст пак прашањето, бидејќи колекторскиот систем ја има поминато реката Црн Дрим и бидејќи неговата источна страна преку Охридското Езеро е изрегулирано, што станува со западната страна, односно со решенијата спрема Република Албанија пак од аспект за значењето на Охридското Езеро за Република Македонија.

До Министерството за одбрана, имам информации дека во ридско - планинските предели кај планината Јабланица дека границата спрема Република Албанија е многу транспарентна така што цели стада на добиток одат во Република Албанија и таму се врши продажба на истите, а да не зборуваме за ноќни грабежи на добиток во населбите лоцирани во овој крај.

Агенција за развој на недоволно развиени краишта, водоводот во населбата Подгорци е во завршна фаза, меѓутоа сеуште не е доинвестирана изградбата на пречистителна станица и брана. Па прашувам дали во овогодишната програма за решавање на овие инфраструктурни објекти, е влезено доовршувањето на овој важен објект за овој ридско - планински предел во Република Македонија?

До Министерството за здравство, дали Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување планира да го зголеми контингентот на листата, на позитивната листа на лекови и хумана медицина во летниот период во туристичките населби, вклучувајќи ја тука Струга, Охрид и другите туристички населби, од аспект што во тој период ќе се зголеми бројот на конзументите на лекови од позитивна листа и се разбира и од областа на хумана медицина. Ова само заради тоа да превелираме одредени проблеми кои во летниот период би се јавиле зошто и порано се преземани такви и слични мерки, меѓутоа сега ова го актуелизирам, затоа што имаме добра позитивна листа и добро конципирана хумана листа.

Второто прашање до Министерството за здравство е, дали се ангажира Министерството за здравство заедно со Агенцијата за развој на недоволно развиените краеви ридско – планинските, односно оние што се во законот третирани врз основа на проекти да ангажираат средства за доизградба на некои веќе почнати капацитети од амбулантски тип во ридско - планинските населби?

До Министерството за образование, Министерството за образование има долг за неплатени прегледи за систематски прегледи, кои што образовните институции согласно одредбите на законот должни се да ги платат. Па прашувам Министерството за

образование, кога планира, има ли средства да ја покрие оваа обврска спрема здравствените организации, затоа што се работи за еден период од скоро две години?

До Министерството за сообраќај и врски, дали Министерството планира оваа година да ги заврши патните правци во струшкиот предел Долна Белица - Октиси, Вевчански пат - Подгорци и Боровец – Јабланица, за што веќе имаат и известие?

До Владата, односно до Електростопанство на Македонија. Имам информација дека при локација на трафостаници во ридско - планинските предели, дека за финансирањето на трафостаниците се бара учество на граѓаните преку сметките за наплата на струја. Дали тоа коинцидира со законските прописи или е само со една иницијатива?

Прашање до Министерството за правда, која институција е надлежна да издава дозволи за називи на реклами, називи на стопански работо - правни субјекти, од аспект што кога ќе ги погледнеме фирмите има многубројни називи, но најмногу, барем мене така ми се чини напишани на македонски јазик?

**ПЕТАР ИЛИЕВСКИ:**

На поставеното прашање на пратеникот би одговорил следното. Дали Минситерството и Фондот планираат да ја зголеми квотата за оние предели како што се Струга, Охрид и други туристички предели, каде што се очекува во летниот период да има повеќе посетеност на населението. Јас би одговорил следното, дека секоја година тоа го правиме, но постои едно не дообјаснето прашање. Имено тие луѓе што одат на летување обично тие се здрави, тие не одат на лекување, но не зависно од тоа, бидејќи очекуваме неколку пати да се зголеми бројот на присутни гости во однос на населението, тоа секоја година го правиме и ќе го направиме и оваа година. Но, постои еден друг необјаснив феномен, се зголемува и процентот на потрошувачка и на оние места кои што се празнат од летувалците, поготово Скопје и некои други градови. Мислам дека тоа секоја година го правиме, ќе го направиме и оваа година.

На другото прашање би одговорил следното: дека Министерството за здравство чија единица е проектната единица од Светска банка, ние правиме анализа на сите амбуланти во руралните предели вклучувајќи го и пределот каде вие сте пратеник, мислам дека во соработка со Агенцијата за неразвиени подрачја и Светската банка се прават такви анализи и одобрени се средства за реадаптација на тие објекти, бидејќи имаме обврска сите рурални предели во тие краишта каде има секој ден лекар да бидат реновирани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Докузовски, министер за земјоделие.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Јас сум обврзам да одговорам на прашањето за Сатеска река како проект. Сатеска река е доста сложен проект, тоа е враќање на река Сатеска од Охридското Езеро во своето старо корито Црн Дрим. Сложен е, затоа што станува збор за доста значаен објект од еколошки карактер, бидејќи со нејзиното внесување во Охридското Езеро доста се загадува езерото кое е многу значајно за нас.

Вториот аспект е хидролошки, значи ако водата се врати во старото корито, а не во Охридското Езеро се нарушуваат дотоците на вода кои се направени кога се давани согласностите од тогашните органи за градба на термо - електричните централи. Меѓутоа, за ваква сложеност се подготвува главниот проект кој деновите ќе помине на ревизија, станува збор за доста сложени финансиски објекти, што чини над 5 милиони ДМ, кои во оваа држава за сега нема средства, меѓутоа деновиве се определивме по извршената ревизија на проектот тој да биде основа за наше стартување пред сите меѓународни донатори, за учество во финансирањето на овој објект.

Инаку, да кажам дека со Буџетот пари за ваква намена не се обезбедени, освен што се обезбедија средства за изработка на главен проект, кој ќе претставува основа за

негова реализација. Можно е есенва да почне реализација на овој проект, само во делот на горниот дел на Сатеска да се врши по масовно пошумување, како една од клучните мерки за решавање на овој објект. Инаку, ќе завршам со тоа доста е сложено и предизвикува и други хидролошки, економски прашања, кои треба да бидат согледани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

По однос на испишувањето на имињата на фирмите, прво вие знаете дека имињата на фирмите се утврдуваат низ процесот на нивното пријавување и запишување во судскиот регистер. Така како што се запишани, така треба да биде испишано и нивното име на фирмата и на меморандумите што тие ги користат. Со закон исто така е утврдено исклучитгелно фирмите кои сакаат во своето име да биде содржан зборот Македонија или изведеницата од зборот Македонија МАК, мора да добијат посебна дозвола од Министерството за правда и тоа се дава со посебно одборение.

Што се однесува до самото испишување на фирмите, како што знаете тоа е регулирано со последниот закон што овде го донесовме за македонски јазик, во кој е предвидено дека имињата на фирмите на целата територија на Република Макеоднија треба да бидат испишани и на службениот македонски јазик. За тоа постојат инспекциски органи, исто така постојат надлежни органи кои водат сметка за казнените одредби кои се предвидени во тој закон и доколку таа одредба не се спроведува надлежните органи ќе треба да преземат мерки.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Рикаловски, министер за стопанство.

**БОРИС РИКАЛОВСКИ:**

Од г-динот Трпеновски забележав три прашања, кои ги лоцира на Министерството за стопанство.

Прашањето за внатрешниот дефицит подразбира дека се однесува на внатрешната задоллженост или внатрешната неликвидност, која се одразува во долгови помеѓу стопанските субјекти, мислам дека на тоа прашање треба да даде одговор Заводот за платен промет кој ја води таа евиденција, јас денеска овде не располагам со тие конкретни податоци, па упатувам на писмен одговор по тоа прашање од оваа институција, а ние ќе посредуваме тој одговор да се добие.

По однос на прашањето дали порастот на индустриското производство воглавно е кај гранки чии производи се на режим ЛБ-7, јас би рекол дека порастот на производството во изминатите 4 месеци од оваа година спореден со истиот период од минатата година, како што знаете изнесува 11,2% просечно и се однесува кај 23 стопански гранки од вкупно 32. Овие стопански гранки кај кои е забележан пораст во овој предиот покриваат околу 80% од вкупното индустриско производство во земјата. Според тоа, не станува збор за спорадични појави, за зголемување во спорадичен број на гранки, туку практично би се рекло кај најголемиот дел од стопанските гранки во земјата. Тоа говори навистина дека станува збор за една стабилна основа за стопанисување и дека е очигледно станува збор за еден генерален тренд, општ, а не во одредени сегменти само на стопанството.

Јас имам евиденција пред мене кај кои гранки со колкав процент, но незнам дали е потребно да го цитирам, само би спомнал кај оние што се забележани најголеми пораси на пр. кај Електростопанството за разлика од јавното мислење порастот е само 0,2%. Индексто е 100,2%. Значи тука практично е на ниво од минатата година.

Кај производството на јаглен порастот е 12,8%.

Кај нефтените деривати 62,7%.

Кај црната металургија 81 /1%.

Кај производството на руди од обоени метали 6,1%.

Производството на обоени метали 4%.

Преработка на обоени метали 52,7%.

Понатаму кај производството на неметални минерали 37%.

Преработка на неметални минерали 27% итн.

Значи, најголем пораст имате од индекс 209 кај собирање на примарни суровини и секундарни суровини, потоа 29% кај текстилната индустрија, 40% кај производството и преработка на хартија. Имате зголемување и кај производството на базни и хемиски производи за 19,8% итн.

Значи само кај 9 гранки од вкупно 32 не е забележан пораст. Станува збор за општ тренд кој за наше задоволство има тенденција на одржување и натаму и би требало да се очекува дека оваа година навистина порастот на производството ќе биде околу двоцифрен износ што е над планираните 6,5% со Макроекономската политика за оваа година.

По однос на третото прашање дали во минатата година завршивме со зголемување на околу 100.000 лица како стечајни работници јас би рекол дека таа цифра не е реална, дека е тоа преголем износ и преголема цифра, ние ќе подготвиме прецизно во минатата година за колку е зголемен бројот на стечајните работници, деновиве правиме една посериозна анализа и набргу ќе биде готова таа информација и ќе можеме и други детали врзани за тоа ќе дадеме, но ќе соопштиме писмено точно за колку е зголемен бројот на стечајните работници во текот на минатата година.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За другите прашања, бидејќи не се тука министрите, одговор ќе добиете во писмена форма.

Има збор г-динот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани дами и господа.

Имам повеќе прашања. Првото би било следно: Поради кои причини со кои закон, подзаконски акт или одлука Владата на Република Макеоднија бројот на невработените во земјата за првите месеци од 1998 година го прогласи за државна тајна. Во спротивно доколку не постои таков акт или одлука, ја прашувам Владта зошто Заводот за статистика и Заводот за вработување не ги објавуват податоците за бројот на невработените и дали ќе бидат превземени мерки на одговорност, се разбира прекршочни, а можеби и кривични за прикривање или фалсификување на податоци против директорот на Заводот за вработување?

Имено според, Публикацијата на Заводот за статистика бр. 5 со назив Краткорочни статистички податоци за стопанските движења во Република Македонија бројот на работниците во претпријатијата и другите правни лица во Република Македонија во март 1998 година изнесува 314.681 лице и во споредба со предходниот месец е зголемен за 0,2%. Бројот на евидентираните лица кои бараат работа во декември 1997 година изнесува 257.666 лица и во однос на ноември 1997 година е зголемен за 0,3%.

Ова прашање го поставувам од причини што можеме да забележиме секојдневно во средствата за информирање било печатени били електронски како не затрупуваат со информации околу ефектите од Законот за стимулирање на вработувањето дека наводно 30-ина илјади луѓе ново вработени, меѓутоа, во истиот тој период еве и во оваа публикација од друга страна воопшто надлежните државни органи не ги објавуваат податоците за бројот на невработените во Република Макеоднија и се задржуваат на податокот од декември 1997 година. Моја оценка е дека тоа свесно се прави во пресрет на изборите за да се изнесат на виделина краткорочните ефекти од Законот за вработување, меѓутоа се прикриваат вистинските податоци за бројот на невработените, од проста причина што и покрај ефектите на Законот за вработување бројот на невработените во Република Македонија е драстично зголемен и изнесува повеќе од

320.000 невработени. Би молел, ако може, устен одговор на денешната седница, за тоа што тука е потпретседателот на Владата и министерот за стопанство.

Второто прашање на слична тематика, зошто во услови кога бројот на вработените во стопанството се намалува од годишниот просек во 1997 година кој изнесува 235,206 на 230.278 во март 1998 година бројот на вработените во вонстопанските дејности, значи образование, култура, наука, информација, здравствена и социјална заштита, органи на државна управа и др. бележи пораст од годишно просечен број во однос на просечниот годишен број за 1997 година кој изнесува 84.247 заклучно со март оваа година на 84.403 лица вработени во органите, односно буџетските корисници, да кажам попрецизно. Или ако сакате по конкретно само во месец февруари извршени се 43 нови вработувања во здравствената и социјалмата заштита а во органите на државната управа извршени се 358 нови вработувања во споредба со март 1998 година, годишен просек на бројот на работници во 1997 година.

Ова прашање го поставувам од следните причини. Колку што ми е познато во преговорите за добивање на кредити Владата на Република Македонија со Меѓународниот монетарен фонд пред две - три години се обврза дека бројот на вработените во државната управа треба да се намали, тоа беше 1995 година за првите 6 месеци за 5% и до крајот на годината за 10%. Наместо да се следи таа политика бројот на вработените во државната управа да се намалува со што би добиле мала, ефикасна, високо професионална и добро платена државна управа, податоците покажуваат дека бројот на врабаотените во државната управа е во постојано зголемување. Барам одговор од Владата, ако е можно, во усмена форма на денешната седница.

Исто така, уште едно прашање од оваа област до министерот за Труд и социјална политика или до некој од претставниците на Владата колку лица се вработени во Министерството за труд и социјална политика и Центарот за социјална работа во последната година и каква е нивната национална структура. Според информациите кои можам да ги добијам од контактите со подрачните единици на Министерството за труд и социјална политика и Центрите за социјална работа, можам слободно да констатирам дека е радикално зголемен бројот на ново вработени во овие институции од албанската националност во Република Макеоднија. Ако продолжи таа тенденција значи дека во иднина ќе имаме ситуација во министерствата кои ги раководат претставници од малцинствата да се вработуваат во огромен број претставници на малцинствата, што мислам дека е ужасно лоша политика на Владата на Република Макеоднија, без разлика дали оваа или некоја следна Влада.

Понатаму, ова прашање би било до заменик министерот за урбанизам, зошто Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на човековата околина не ја почитува одлуката на Уставнито суд на Република Македонија за укинување на упатството за постапката за издавање на одобрение за адаптација или пренамена и за решение за употреба на адаптација или пренамена на постојните објекти што се адаптирани или пренаменувани одреден простор за вршење на соодветна дејност донесено од минстерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина на 7 април 1995 година, а објавено во Службен весник на Република Македонија број 8 од 1996 година. Јас ја имам тука целокупната документација, ова е одлуката на Уставниот суд со која се укинува ваквиот пропис, односно упатство донесено од тогашниот министер Јорго Шундовски, меѓутоа, и пикрај тоа последните неколку години од донесувањето на ова упатство Министерството за урбанизам одбива да ја примени одлуката на Уставниот суд и се уште го става на сила ова упатство кое е поништено од Уставнот суд на Република Македонија.

Тоа значи дека голем број на граѓани на Република Макеоднија, моите информации зборуваат дека се работи за 20.000 предмети се изложени на создавање на некакви обврски кои не се поткрепени со закон, затоа што Уставниот суд на Република

Македонија оценкува дека овој подзаконски акт што го има донесено министерот за урбанизам не е во согласност со Уставот на Република Македонија, затоа што создава обврски за граѓаните кои не произлегуваат од некој закон во Република Македонија, дека тоа е противуставно и дека треба веднаш да се прекине. После тоа има кореспонденција од Уставниот суд на Република Македонија до новиот министер за урбанизам со која се предупредува дека треба да се престане со употребата на оваа мерка која е донесена од страна на предходниот министер за урбанизам.

Ако знаеме дека во моментот во затвор се наоѓа градоначалникот на општина Гостивар, заради непочитување на одлуки или треба да одат во затвор и други градоначалници и претседавачи на советите, прашувам како е можно во оваа држава така драстично да не се почитуваат одлуките на Уставниот суд, а никој за тоа да не одговара.

Сега имам серија на прашања кои се упатени до министерот за здравство.

Првото би било следно, дали Фондот за здравственото осигурување деловната 1997 година ја завршил со непокриени обврски во висина од 60.000.000 ДМ, од кои се пренесени од предходната година околу 43 милиони ДМ и новосоздадени околу 17 милиони ДМ? Доколку продолжи тој тренд веројатно до крајот на годината ќе биде создадена загува од околу 100 милиони ДМ Барам одговор дали се вистинити овие податоци и што Министерството за здравство и Владата на Република Македонија превземаат за разрешување на ваквата загрижувачка и алармантна состојба во Фондот за здравствено осигурување?

Второто прашање, дали набавките за лекови и медицински потрошен материјал по завршувањето на тендерот на 31 декември 1997 година се набавуваат и понатаму без договори и тендер веќе 6 месеци без примена на Уредбата за јавни набавки? За да се добие појасна претстава за каква сериозност станува збор, тоа значи дека се прават набавки во вредност од над 15 милиони ДМ, без почитување на уредбата за јавни набавки.

Исто така, министерот да одговори дали е формирана Комисија за утврдување на вистината, од кои причини набавката за дијализа која чини околу 200 до 300 илјади ДМ месечно се спроведува без јавен тендер? Во врска со тоа, дали причината за таков начин на недозволена работа се компензациите на побарувањата од Акционерското друштво "Силекс" – Кратово? Во тој контекс, барам минисетрот да одговори кој е главниот добавувач на храна за клиниките и здравствените организации и како се измируваат обврските за тоа.

Кога сме кај причините за таквите работи, би сакал министерот да одговори, дали е вистина пред неколку месеци е раскинат договорот за услуга во водење на евиденција на рецептите за лекови со Металски завод "Тито" - Компјутерски центар и без никакви понуди е склучен договор со "Семос" - Скопје. Познавајќи ги состојбите во Металски завод "Тито" и нивните тешкотии во работењето, кои се причините за напуштањето на МЗТ, исто така, дали министерот со посебна намера го доделил опремувањето без понуда во 8 градски аптеки во Скопје во висина од 50 илјади германски марки на "Семос" и дали со "Семос" има реализирано набавка на софтвер за потребите на аптеките во Скопје. Маркиците, бандеролите за лековите кои овие.денови се пуштени во употреба, во кој случај се дадени на "Семос", без претходно да се побараат понуди од други фирми. Само би ги потсетил пратениците дека раководител на фирмата "Семос" е сопругата на премиерот на Владата на РМ.

Следно прашање: Дали сите тие работи дадени на "Семос" без законска форма, не се намера министсерот на тој начин за сите овие финансиски трансакции погоре спомнати со "Семос" и прашањето за храната и дијализата не се во меѓусебна компензација? Исто така дали е точно дека министерсот на својот пријател, директор на ЗОИЛ Битола, за компензација на услугите кои истите со години му ги вршел за неговите

стручни патувања во Америка и на други места, ги компензирал со укажаната потреба за операција на срце. Имено, за пријателот на министерот, директор на ЗОИЛ Битола, за интервенција и операција на срце, 3 бај паса во Швајцарија на приватната клиника на професор Трун, по налог на министерот и в.д. директорот на фондот, платени се 90 илјади швајцарски франци или околу 110 илјади германски марки. Инаку, најскапата интервенција од тој вид направена во странство чини околу 30.000 ДЕМ, што му било добро познато на в.д. директорот Герасим Тренчевски, кој повеќе време работи на таа проблематика во Фондот и точно знаел која е реалната цена на таков вид операција. Познавајќи го министерот како стручњак во медицината, може да одговори што е судбината на разликата на средствата која е очигледна.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Поповска, потпретседател на Владата, за првото прашање.

**ЗЛАТКА ПОПОВСКА:**

За првото прашање во врска со бројот на невработените и вработени, претпоставувам г-дине Коцевски, дека го имате истиот принцип како мене, дека прво, за да оцените нешто треба да изанализирате, па потоа да просудите и да го донесете судот. Без разлика на острината на вашите, констатации, во основа е вашето прашање каде е бројот на невработени и зошто бројот на невработени не се јавува. Не треба да повторувам дека навистина да се брани теза дека нема државна тајна е нешто илузорно во ова време, ниту некој од позицијата ниту некој од опозицијата би се откажал од реалните бројки за вработеност и невработеност, или без разлика би направил било што тоа да биде во вид на државна тајна.

Податоците ги објавува Заводот за статистика и ние истите ги чекаме податоците за невработеноста и за вработеноста и за динамиката и за структурата бараме повеќе аспекти, да се видат сите можни аспекти и образовни и социјални, една по долгорочна динамика и додека тоа се направи, нема веројатно г-дине Коцевски да ги изгубиме живците и да сочекаме се како што треба. Јас верувам дека во многу скоро време сите овие кои учествуваат во формирање на информационата база тоа ќе го направат и Владата како корисник на податоци од Заводот за статистика и било кој друг како корисник на тие податоци, ќе ги добиме и можеби заедно ќе ги анализираме.

Инаку, Владата се занимава со мерките кои во рамките на економската политика ги донесува. Една од тие мерки беше и Законот за поспешување на вработеноста. Во надлежност на Владата е да ги следи директните и индиректните ефекти од таа мерка. Меѓутоа, глобалната база на податоци за вработувањето со сите овие аспекти на структурата, мора да ги сочекаме од Заводот за статистика и Владата настапува само во оној дел каде што врши оценка, како се движи реализацијата на тој закон. Нормално, претпоставувам дека сите ќе се согласите, во испитување е кога и каква е таа динамика на реализација на законот, во испитување е регионалната структура на тој закбн и секоја Влада претпоставувам, сосема ми е јасно, сака да види колку успеала со таа мерка. Донесувањето на мерката исклучиво е побудено од започнување на една серија чекори во доменот на ублажување на невработеноса, која добро знаете, таа серија веројатно ќе ја носи и една и друга и трета Влада, од проста причина што проблемот на невработеноста има своја динамика некаде од 50-тите години кај нас во Македонија и тие стапки на невработеност кои веќе покажаа акцелерација во 70-тите години, неможат да се надминат со 1 или 2 закона. Тоа е еден хроничен и многу голем проблем, на кој навистина треба сите да бидеме ангажирани и ќе принуди ангажман и од опозиција и во иднина.

Значи, проблемот за базата на податоци околу вработувањето е проблем на Заводот за статистика и ние го чекаме исто и како вие. Дали сте задоволни?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Коцевски, доколку имате дополнително прашање, повелете.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Високо ги почитувам напорите на Владата да го разреши проблемот на невработеноста. Тоа ќе биде тема број 1 веројатно и за следната Влада, без разлка кои партии ќе ја сочинуваат, меѓутоа г-ѓата потпретседател на Владата не ми одговори на клучното прашање.

Имено, јас зборував со факти, не зборував напамет, тоа се официјални статистички податоци на Заводот за статистика, кој е во надлежност на Владата, затоа што Владата го именува директорот, што значи дека Владата во секој момент може да преземе мерки против директорот и против раководниот тим на Заводот за статистика, затоа што дозволи една сериозна држава како Македонија да навлезе во шестиот месец, денес сме 3 јуни, а да нема никаков официјален статистички податок за бројот на невработените од декември 1997 година до денес, значи за цели 5 месеци.

Затоа, остаснувам на своето прашање, какви мерки ќе преземе Владата на РМ против директорот на Заводот за вработување, имено имавме можност минатата недела да прочитаме во некои дневни списанија какви интервентни состаноци, веројатно и дали по налог на Владата или не е важно, г-ѓата Николина Цветковска мислам беше, организирала со директорите на подрачните единици, за да ги средат податоците и да изгледаат што поподносливи за јавноста на РМ, односно да се вратам на основното прашање. Би инсистирал на одговор што ќе преземе Владата на РМ против раководниот тим и в.д. директорот на Заводот за статистика на РМ и против раководниот тим и директорот на Заводот за вработување, заради нивната неспособност првите 5 месеци од оваа година да ја остават македонскат јавност без официјални податоци за бројот на невработените во РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Поповска, потпретседател на Владата.

**ЗЛАТКА ПОПОВСКА:**

Цело ова прашање, конечно го сведовме на едно кадровско прашање, со имплицирана констатација дека нешто се прави под маса. Само да ве корегирам во констатацијата, оваа Влада никогаш не рекла дека ќе го реши проблемот на невработеност. Проблемот е реков премногу тежок и јас можам да ви покажам податоци како се акцелерира и од кога се акцелерира. Тој проблем ќе го решаваат повеќе влади. Тоа е едно.

Второ, вашава генерална грижа околу проблемот на вработеноста, сведена на кадровски проблем, заслужува само еден одговор. Утврдување на грешки кај луѓе кои ги именува Владата, значи постапка за нивно сменување. Значи, ако нема утврдени грешки и ако нема проверена грешка, неможе Владата врз основа на претпоставки да презема дејствија.

Инаку, морам да ви кажам дека јас лично, а претпоставувам и многу во оваа сала, никогаш нема да се согласат на еден автократски пристап на идентификација на авторитетот на поединец со одредена куќа. Одредена дејност во одредени институции, зависи од голем број на луѓе, ако сакате и од институционалната поставеност, а исто така и од нивото на развој на таа институција.

Ви благодарам Коцевски, што ми дозволивте можност да кажам во што е суштината.

(Во меѓувреме со седницата продолжи да раководи потпретседателот Џеладин Мурати).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Петар Илиевски, министер за здравство.

**ПЕТАР ИЛИЕВСКИ:**

Пратеникот кој ги постави овие прашања до мене како министер за здравство има, како да ви кажам, многу необјективни работи при самото поставување на прашања, јас

не би се осврнал со ред, туку би почнал од последното прашање кое ми е мнгоу познато. Бидејќи за другите прашања треба податоци и точно реални бројки, ќе бидете известени во писмена форма, а јас би започнал со вашето последно прашање. Тоа е за операцијата на директорот Благој Христовски, директор на Филијалата на ЗОИЛ во Битола. Да, тоа е точно, тој е мој пријател и другар, имаше потреба од операција на срце, но ќе ви го кажам следното.

Се што беше направено, беше направено легално. Имено, при дијагностицирањето на Кардиолошката клиника, тимот конзилијарни лекари на Кардиолошката клиника даде предлог каде да се оперира. Министерот навистина е хирург. стручњак, но не препорачува кои кардолошки случаи каде ќе се оперираат. Според тоа, постапката со предлогот на конзилијарниот преглед беше испратен до првостепена комисија и првостепената комисија даде решение, легално по сите прописи како и сите граѓани да оди и тој директор на лекување во странство. Имено, во Цирих е доста позната кардиохирургијата, а знаете дека јас како министер се интересирам да го решам и тој проблем, не е тајна, тоа е точно дека за неговата операција бараа да се депонираат 90.000 швајцарски франци, бидејќи не се знае исходот на операцијата колку дефинитивно ќе чини. Тоа беше еден депозит кој е легално префрлен преку Народната банка. Операцијата, за жал на неговите непријатели, беше многу глатка, пациентот многу убаво се опорави и трошоците беа далеку помалку, некаде околу, мислам дека е 45.000 франци.

Од тоа по Законот за здравство и здравствено осигурување, 20% учествува самиот пациент со свои средства и мислам дека уште не ги подигнал тие негови депонирани средства. Остатоткот од 45.000 франци е вратен некаде пред Нова година. За тоа најмногу се интересира вицегувернерот Бишев, до детал, до денар, до цент е вратено и мислам дека сета таа процедура е комплетно легална.

За другите прашања ако ве интересира, само да ви кажам дека се доста тенденциозни, не објективни, во писмена форма ќе добиете секако објаснување. Ако сте задоволни.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван потпретседтел, почитувани пратеници, почитувани министри и заменици министри, првото мое прашање е прашање до министерот за правда. Имено, што ќе преземе Министерството за правда за решавање на статусот на вработените како технички лица, односно како технички секретари во месните заедници.

Понатаму, следното мое прашање е до министерот за одбрана. Имено, во два наврати поставив прашање до министерот за одбрана, односно исто прашање во врска со донесувањето на законот кој ќе ја регулира службата, односно односите во службата во Армијата на РМ. Оној закон кој би го регулирал статусот на воените лица и другите лица во АРМ, бидејќи има веќе 8 години од формирање на Армијата на РМ и сеуште немаме еден таков закон. Од претходниот министер ми беше одговорено дека Законот е во завршна фаза, тоа беше пред повеќе од 1 година и дека ќе биде даден во собраниска процедура, а исто така пред неколку месеци и сегашниот министер за одбрана ми одговори дека наскоро ќе влезе во собраниска процедура, меѓутоа сеуште го нема и од таму е моето прашање до Министерството за одбрана, конкретно до министерот за одбрана до каде е постапката во врска со донесувањето на законот кој ќе ја регулира службата во АРМ.

Второто мое прашање до Владата е зошто се бара партиципација за здравствени услуги од крводарителите, кои немаат т.н. сини картони, бидејќи сметам дека крводарителите дарувајќи ја својата крв го задолжиле ова општество, односно помогнале на многу луѓе да го спасат својот живот, а еден дел од тие крводарители кои

давале 50-тина пати крв сега се најдоа во ситуација да немаат т.н. сини картони, односно да не се покриени со здравствено осигурување и сега кога е нарушено нивното здравје од друга страна, а немаат сини картони неможат да ги остваруваат здравствените услуги и сметам дека Владата треба да преземе посебни мерки за заштита на интересите на крводарителите, особено барем да им овозможи без партиципација користење ан здравствени услуги, бидејќи како што кажав голем дел од нив, еден дел од нив го нарушија своето здравје поради давање крв и мислам дека општественото, гледано пошироко, не само државата, треба да им одолжи на крводарителите.

Понатаму, моето прашање до Владата се однесува на следното. Граѓаните од населбите Ново Лисиче, Аеродром, 11 Октомври, Драчево, Долно и Горно Лисиче, Пинтија и други населени населби во неколку наврати почувствуваа непријатни миризби, за што бевме информирани и од средствата за јавно информирање. Моето прашање е што е причината за ова и дали се работи на тоа причинтиелто на загадувањето на воздухот да се отстрани, односно ако се лоцирани одредени загадувачи, дали Владата има намера дас преземе мерки за отстранување на ова загадување во смисла да преземе мерки и активности да им даде помош на овие загадувачи, бидејќи во нив се вработени голем број вработени и тие во моментот поради оваа состојба во која се наоѓа стопанството, немаа средства за набавка на пречистителни филтри и пречистителни станици и друга еколошка опрема. Оттаму и моето прашање што Владата ќе пеземе во смисла на финансиска и друга помош на овие загадувачи за набавка на еколошка опрема?

Понатаму имам прашање до Минситерството за урбанизам и градежништво. Имено, зошто за оваа година сеуште не се поделени средствата од буџетот, наменети за водоводи и канализации?

Исто така, имам прашање до министерот за сообраќај и врски. Имено, по добивање на концесиите за емитување на ТВ програми на територијата на Скопје, одредени ТВ станици побараа од Министерствот да вршат емитување на ТВ порограма од 2 репетитори, што е логично, бидејќи неможат да ја покриваат територијата на град Скопје, поради големината со 1 репетитор. Од таму и прашањето до министерот за собораќај и врњски, зошто Министерството за сообраќај и врски не им дозволува да емитуваат програма на два репетитори, бидејќи неможат да ја покријат цела територија на подрачје на град Скопје и не се работи овде за 2 фреквенции, како што некои луѓе во Министсерството за сообраќај и врски толкуваат, туку се работи за користење на една фреквенција од 2 репетитори, бидејќи навистина е невозможно територијата на град Скопје да се покрие со еден репетитор, без оглед каде ќе биде тој поставен?

Второто мое прашање до Минситерството за сообраќај и врски, односно до Фондот за патишта на РМ е за довршување на регионални патни правци, односно патниот правец што е отпочнат, а сеуште не е завршен е патниот правец Долно Лисиче - Драчево и реконструкција на патнот правец Драчево - Зелениково и што намерава Министсерството, односно Фондот за патишта, како надлежен за овие региуонални патишта да преземе за реконструкција на овој патен правец?

Имам, неколку прашања за Министерството за стопанство. Имено, дали Министерството за стопанство ги следи состојбите и дали ги знае причиние зошто не се намалени цените на некои прехранбени и други производи? Така на пример, знаеме дека Владата пред неколку месеци ги намали прелевманите на некои основнио прехранбени производи како што се: кашкавалот, месото и некои други прехранбени производи, меѓутоа цените соодветно на тоа не беа намалени, односно оваа мерка на Владата што, во принцип, беше позитивна не се ефектуира и цените останаа и понатаму исти. Дури некои се и зголемени и покрај тоа што прелевманите се намалени.

Да напомнам дека слична состојба имаме и со данокот на текстилот и обувките, бидејќи со закон ги намаливме давачките, односно данокот на промет за текстил и обувките од 25% на 10%.  Меѓутоа, исто такво адекватно на ова намалување на данокот, немаме намалување на цените. Оттаму е прашањето дали Министерството ги знае причините и дали ги следи состојбите? Знам дека тоа не е исклучиво во надлежност на Инспекцијата на Министерството за стопанство, туку е и работа и на Министерството за финансии. Но, бидејќи тој не е тука, а потпретседателот на Владата е тука, верував дека делумно ќе добијам одговор. За другиот дел од одговорот за кој што не се во можност, да бидам известен писмено.

Понатаму е прашањето до Министерството за стопанство и Министерството за урбанизам, дали размислуваат за олеснување на услови за добивање на употребни дозволи особено за производни објекти? Уште пред неколку месеци го поставив истово прашање. Ми беше одговорено дека Владата размислува како да го олесни добивањето на употребни дозволи, бидејќи постапката е навистина комплицирана. Имаме реакции особено од потенцијални странски инвеститори, дека таа процедура и постапка е доста компликувана. Потребни се многу документи, многу дозволи и сметам дека, меѓу другото, еден од факторите за одвраќање на вложување на странски капитал е тоа, сметам дека постапката за добивање употребна дозвола за сите објекти, стопански треба да биде многу по едноставна, а особено тоа да биде за производните објекти.

Исто така до Министерството за стопанство, дали со оглед на намалениот стандард на граѓаните, Владата на РМ размислува да ги намали цените на некои основно витални услуги од значење на граѓаните, како што се ПТТ услугите, цената на струјата, парното греење итн?

До Министерството за образование, бидејќи при упис на децата во прво одделение во основните училишта годинава за прв пат е наплатуван лекарски преглед, прашањето зошто се извршува оваа услуга за деца кои се запишуваат во прво одделение, бидејќи велиме дека и според Законот за основното образование, тоа е задолжително и бесплатно? Сега, место да се оди кон реализација на она што е декларативно предвидено во закон, бидејќи знаеме дека земји со условно да кажам, најконзервативни влади, на пример во Западна Европа, во тие земји е со закон и со други подзаконски акти предвидено учебниците на децата во основните училишта да се доделуваат бесплатно. Меѓутоа, наместо овде она што е декларативно кажано во законот, наместо основното образование да го направиме навистина бесплатно, се оди со една сосема друга мерка. Имено, за годинава, за прв пат и лекарскиот преглед на децата кои нормално се запишуваат во прво одделение, а согласно Законот за основно образование кај нас е задолжително, се врши наплата на овие услуги.

На крајот, последното прашање до министерот за земјоделие, водостопанство и шумарство, имено што намерава Министерството да преземе за заштита на шумите од присутните болести? Јас можам да наведам и конкретни примери во Скопје, дека Парк шумата "Водно", шумите над Пинтија во катастарска општина Горно Лисиче и шумата на месноста наречена "Три круши" - Драчево се нападнати од инсекти и дека од ден на ден состојбата станува се поалармантна. Оттаму, моето прашање до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство е во таа смисла што ќе се преземе, бидејќи навистина проблемот е акутен и дали веќе се преземени некои мерки, со оглед на опасноста што е евидентна, од овие болести. Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор госпога Поповска, потпретседател на Владата.

**ЗЛАТКА ПОПОВСКА:**

Ако ми дозволите, бидејќи се работи за голем број на прашања што може и да се групираат но важно е дека повеќе прашања заслужуваат одговор од повеќе ресори,

значи меѓуресорски одговор, предлагам писмено да Ви биде одговорено доколку се согласувате.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Пратеникот се согласува.

Има збор господин Докузовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**КИРО Д0КУЗ0ВСКИ:**

Сложеноста на земјоделството се состои во тоа што е изложено на природни влијанија. Ако има врнежи, има појава на гасеници, ако нема тоа, ќе има друго. Точно е дека во почетокот на мај имаше масовна појава на еден вид гасеници, што се појави особено во Скопско и Велешко. Согледувањата укажаа дека ако се изврши третирање треба да се потрошат околу 20 милиони денари, а ефектот, економски гледано преку прирастот ќе беше околу 5 или 6 милиони заштеда. Беше присутна дилемата ако се прска во Скопско и Велешко ќе предизвикавме штета на зеленчукот, бидејќи е раноградинарско производство во тој регион главно лоцирано. Нормално и другите штети што ги прави тоа кога се третира со пестициди. Нормално, екологистите имаат поставено илјада гледања. Ние, за тоа добивме, она што се вели "гнило јаболко", бидејќи ако третираме ќе критикуваат што третираме, ако не третираме, зошто имало гасеници. Биолошката рамнотежа е секогаш присутна и во случајов оставивме да не третираме во почетокот на мај и јуни. Тоа ќе биде некаде околу 15 јуни до крајот на јуни месец, доколку се повтори истиот степен на загаденост, односно на појава на каламитет на гасеницата.

Да завршам, состојбата е под контрола, ја следиме и се очекува, доколку појавата добие такви димензии, во текот на месецот ќе се изврши превенција со авиотретирање, односно пестициди.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, господа министри, почитувана претседателке.

Јас се определив да поставам повеќе прашања, но бидејќи не нема нас пратениците, а министрите во поголем број, само за оние за кои можам да добијам одговор.

Првото мое прашање се однесува за граничниот премин Јажинце. Јасно ни е дека Република Македонија се залага за еднакви односи во соработка со соседните земји. Но, незнам дали со одредена рутина може да се објасни определбата за отворени широки можности за соработка, зголемена стопанска, а воедно и движење на луѓе, граѓани, идеи, капитал итн. Во тој правец некаде нешто зашкрипува, за разлика од еден позитивен пример на Југот на државата, општината Гевгелија, каде се постигнуваат позитивни резултати. Моето прашање е во тој однос е следно: Кои се причините на овој државно - утврден и регистриран граничен премин, не ги дава сите можности и опции за комуникација? Зошто е тоа прашање, бидејќи на овој граничен премин во сегашниот момент дозволен е премин на граѓани и моторни возила за преминување на тој граничен премин. Соработка, стопанска, со зголемни тонажи. Во однос на преминот на оваа граница не се дозволени во овој момент. Во кое догледно време може да се очеквуа на овој граничен премин да се отвори можноста за поголема стопанска соработка со сите средства за комуникација? Тоа е првото прашање.

Второто прашање: Мозаикот на националната историографија го сочинуваат богат корпус сведоштва за македонската препознатливост а особено на нејзиниот најдраматичен дел, иселеништвото. Развојниот пат на македонското иселеништво се поклопува, во основа, со развојот на настаните на Балканот. Посебна димензија за

функционирање во однос на моето барање е процесот на сопственото организирање и функционирање на Македонците во новата средина, во чие средиште се наоѓа Македонската православна црква што ги покренува, организира, координира и синхронизира повеќето иницијативи и активности на македонските доселеници, без оглед на нивната социјална структура.

Прашањето гласи: Кои се причините за бранувањата и недоразбирањата, односно судирите во Македонската православна епархија во Австралија и Нов Зеланд, а се пренесуваат и пресликуваат и во Северно - Амариканската Епархија и дел во Европската?

Трето прашање, како што е познато во Република Македонија сточарството, особено ситниот добиток кај овците и козите, последните години е зголемена или сега е подобро евидентирана т.е. евидентирано заболувањето бруцелоза, што лесно се пренесува и кај луѓето. Во сузбивање на оваа болест инволвирани се: прво сопствениците, второ државата преку Министерството и Ветеринарниот институт, ако сум добро информиран.

Прашувам, кој е бројот на овци и кози во РМ, според соодветни податоци во приватниот и општествениот сектор во годините 1995, 1996 и 1997 година;

- колкав е бројот на овци и кози што се заболени и евиден-тоирани во истиот период 1995, 1996 и 1997 година;

- која е стратегијата за развој на овчарството и козарство-то во РМ и надминување на овие потешкотии?

Бидејќи се определив за министри што се наоѓаат тука, сметам дека можам да добијам усмен одговор и би било добро.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Наумовски, министер во Владата на РМ.

**ВЛАДИМИР НАУМОВСКИ:**

Околу прашањето за иселеништвото и бранувањата во Австралиско - Новозеландската епархија и исто и во Американско - Канадската, бидејќи се тоа повеќе слојни прашања од државен и црковен аспект, пратнеикот ќе добие писмена информација, каде што двата одговора ќе бидат сублимирани, нормално во кооперација со Македонската православна црква и со Матицата на иселениците, а исто и од Комисијата за односите со верските заедници.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали се согласувате? (Се согласува).

Има збор господинот Докузовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**КИРО Д0КУЗ0ВСКИ:**

Според пописот во РМ 1991 година, Република Македонија имаше околу 2 милиони овце. Меѓутоа, со дополнителни анкети што излегуваат во статистиката тој број во 1995 година беше евидентиран на околу 1.800.000, па потоа на 1.300.000 овци.

Ние, како Министерство, есента токму заради проблемите на појавата на лигавката, шапот и бруцелозата се определивме да извршиме комплетен попис и евиденција на бројот на овците во Македонија, токму заради сузбивање на болеста.

Утврдено е дека во Македонија, во ноември 1997 година имавме 812.000 овци, со една грешка ако некој прикрил малку број на добиток. Битно е тој што бројките што порано фигурираа не се, туку се некаде околу 800.000 овци. Од овој број околу 180.000 овци се во приватизирани и задруги земјоделски.

Појавата на бруцелозата е стара болка на државата. Пред се на стопанствениците, а во последно време и на граѓаните кои заболуваат од таа болест исто не ги применуваат мерките на употреба на пастеризирано и стерилно млеко и преработки. Во последниве неколку години се правени разни методи на уништување на болните животни. Зборувам пак кај овците, затоа што таму е најзиразено. Од есента 1997 година го

применивме методот на заболени грла, во случај на процент од 20%, се определивме тие 20% да бидат веднаш уништени. А, при следна проба, ако се утврди дека стадото е заболено, пак се јавува болеста во стадото, определбата е здравите грла во идентификувано болно стадо се колат за комерцијални потреби, бидејќи месото не е штетно за исхрана. Според тоа го применуваме принципот на чисти стада, односно населени места.

Овој начин се покажа дека е по ефикасен, бидејќи не уништуваме, ги чистиме постепено срединитe во Македонија. Според тоа, бројот на заболените грла зависи од тоа каде е испитувано, а сеуште состојбата е под контрола. Но, сеуште немаме доволно пари и неможеме да го применуваме овој метод. Се покажа дека тој е по рационален цело стадо да уништиме, наместо стално да испитуваме и да правиме. За решавање на овој проблем е врзан со проблемот, доколку се сеќавате, што го говорев кога го донесувавме Законот за сточарство. Ако не обезбедиме обележување на добитокот и контрола над целиот добиток, оваа мерка нема да даде цели ефекти.

Затоа, очекуваме во текот на годинава, со одбележување на добитокот, како мерка што ја правиме, ќе го затвориме кругот и евиденцијата ќе ја држиме под контрола. На овој начин, оваа болест, така да кажам, би ја држеле под контрола иако во цел свет таа болест е присутна. Меѓутоа, таму за среќа, а за жал кај нас сеуште употребуваме млеко што не го стерилизираме итн. Зборувам за приватниот сектор. Додека претпријатијата органргзирани со дозволи од Ветеринарната управа, тоа веќе не се прави, се прави под контрола. Ете, тоа е одговорот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг министер сака да одговори? (Нема).

Прашање ќе постави господинот Поповски Р. Никола.

**НИКОЛА Р. ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, прашање до д-р Ѓорѓи Спасов, министер за правда: Од кои причини претпријатието во општествена соптвеност за земјоделско и индустриско производство и промет на големо и мало "Агромин", поранешна "Скопјанка" во стечај од село Волково, е несолвентна и кои се причините за промена на стечајниот управник?

Образложение: "Агромин" од Волково е едно од најстарите претпријатија во Македонија за производство на кисела вода, за производство на сокови и други производи: Располага со големи материјални вредности, обработлива земја, недвижни средства, подвижен имот и продава кисела вода, сокови и друго. Поаѓајќи од тие причини, субјективно стои основното сомневање дека се сака да се манипулира со правото на тој имот, бидејќи е противправно присвоен, од тоа сомнение е и големата загриженост на вработените и јавноста поради ваквиот однос за целата постапка.

Респектирајќи ја самостојноста и независноста на стечајната постапка што ја води судот и од големиот интерес на јавноста во водење на тој стечај, барам да се информираме ние и јавноста за следното:

1. До каде е стечајната постапка;

2. Кои се причините да не се направи присилно порамнување во случај и повторно да се активира претпријатието како правно лице со сите права и обврски; и

3. Да се вратат сите вработени на своите работни места.

Одговор молам во писмена форма.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Бидејќи министерот не е тука, одговор ќе добиете во писмена форма.

Има збор господин Кире Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Господо министри, господине потпретседателе, со оглед на тоа што во меѓувреме дел од министрите за кои имам дополнителни прашања се присутни, јас би почнал со дополнителните прашања, а потоа би преминал и на нови пратенички прашања. Имено...

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Сега поставуваме само нови прашања.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Ние поставуваме нови прашања, но господинот Тито Петковски рече ќе поставиме дополнителни кога ќе дојдат министрите. Затоа што министрите се тука, сакам да поставам дополнително прашање. Ако сакате ќе го формулирам и како пратеничко прашање. Како сакате.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Формулирајте во ново прашање.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Имено, од госпоѓата Софија Тодорова добив одговор на моето пратеничко прашање, во врска со тоа што мисли Владата да преземе за заштита на младите граѓани од албанска националност, кои го трошат своето време на така наречениот Тетовски универзитет. Само ќе прочитан како ми одговорија, односно во одговорот децидно стои: "Изборот каде ќе се образува граѓанинот е негово лично право, кој слободно и независно одлучува на кои институции ќе го остварува ова право".

Дали со овој одговор ресорното Министерство укажува дека така наречениот Тетовски универзитет е образовна институција?

Во вториот дел од одговорот стои вака: "тоа подразбира дека ризикот за своето образование, односно студирање го превзема и сноси самиот граѓанин. Ве молам, дали граѓаните на оваа Република сносат ризик, затоа што живеат во оваа Република. Каде е системот да ги штити овие граѓани. Јас во таа смисла го поставив прашањето и барам, дополнителен одговор. Дали Минситерството со овој одговор го признава така наречениот Тетовски Универзитет за образовна институција, бидјеки така стои во одговорот и второ, дали ризикот поднаводници го сносат граѓаните или системот треба да обезбеди мерки или начини да ги штити граѓаните од сите зла што одат со криминалот или со другите дејности? Излегува дека независно од она што законите пишуваат, граѓанинот е повторно тој што треба да се грижи за себе, а не државата. Сличен е примерот со ТАТ кога излегоа граѓаните виновни.

Второ дополнително прашање се однесува на моето прашање, кое го поставив во март месец. Имено, се однесува на базенот кој требаше да се гради во дворот на училиштето, Средно-техничкото училиште во Битола, чиј камен темелник беше поставен во предизборните моменти во 1996 година. Тогаш од г-ѓата министерска слушнав дека во Буџетот за таа намена нема предвидено воопшто средства, а денеска добив одговор од Минситерството за градежништво и ќе прочитам само една реченица што е многу карактеристична. Со увидот во деталниот Урбанистички план во рамките на локацијата на Електро-техничкиот центар, не е предвидена градба на базен. До подрачната единица за урбанизам во Битола нема доставено никакво барање за градба на базен од страна на училиштето, ниту пак од Министерството за образование и физичка култура.

Доставувам дополнително прашање. Дали и што мисли да превземе Владата против тие што го поставија камен темелникот во 1996 година, односно против тие што поставуваат камен темелник на не легален објект, односно на дива градба? Таму беше најмалку 70% од тесното раководство од СДСМ, а г-динот Тито Петковски претседател на Собранието го поставуваше камен темелниккот на илегален објект. Затоа прашувам, што Владата мисли да превземе против тие што поставуаат камен темелник на диви градби?

Преминувам на делот на прашањето, да потсетам дека сеуште не ми е одговорено на моето пратеничко прашање од мај месец 1995 година, ако почека Владата ќе нема

шанси да ми одговори на четвртата година, бидејќи ќе биде сменета дотогаш. Значи поминаа 3 години, јас немам добиено одговор на моето пратеничко прашање што го поставив. Во делот на пратеничките прашања кој сакам да добијам одговор на оваа седница се следните: Зошто Владата сеуште нема предложено Закон за високо образование? Знаејки ги проблемите во кој опстојува високото образование сега во Македонија, знаејки дека сеуште работи на принципот на самоуправување, дека Синдикатот предлага кандидати за декани, дека се поместени многу криетируми во вреднувањето во работата на тие високообразовани институции и дека трајно и трезвено работат на тие институции го поставувам прашањето, кога Владата мисли да го донесе тој закон и зошто воошто не го прегледа тој закон?

Второто прашање се однесува на демографските движења во Битола и во околината на Битола. Кога Владата ќе ми даде одговор, дали е вистина дека во Битола бројот на жителите опаѓа? Дали е вистина дека бројот на прво одделенчиња опаѓа во Битола и битолско, посебно во Битола и дали е вистина дека во пограничниот дел на битолско каде што се претежно селата од албанско население, бројот на жители расте?

Сакам коннретен одговор на ова и како пандан на ова прашање, што Владата мисли да превземе да се намали концентрацијата на капиталот и на стопанските движења во Скопје, визави провинцијата? Излегува дека имаме еден град Скопје, а се друго е провинција. Јас не случајно еднододруго ги поставувам двете прашања верувам дека добар дел на претходното прашање за демографските дви-жења се наоѓа токму во делот на концентрацијата на капиталот и на стопанските движења во Скопје. Прашувам дали Владата има сознанија какви се тие движења во Скопје и што Владата мисли да превземе во врска со вклучување на барем малку повеќе на провинцијата на тие стопански движења?

И на крајот уште едно прашање. Зошто Владата сеуште нема одговорено на барањето на штедачите од ТАТ, во врска со нивниот предпог кој го доставија до Владата, дали мисли да одговори и кога мисли да одговори на тоа барање, бидејки година ипол помина од ТАТ, затоа конкретно прашиувам дали мисли да одговори и што мисли да одговори на псотавеното барање, или предлог доставено до Владата.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Прашањето што се однесува за базенот во општината Битола претпоставувам дека е упатена до Влаата на РМ, затоа што Минситерството за образование даде коректен одговор дека во рамките на финансиските средства и Програмата за инвестирање, не е предвидено за финансирање на таков зафат, што не значи дека не може да биде финансирано од локалната самоуправа и до други извори.

Вие сте добиле и одговорот од Минситерството за урбанизам, градежништво и заштита на човековата околина и не е коректно кога некои ставови се изнесуваат и нешто се прескокнува во одговорот во тоа Минситерство дека постои можност за градба за таков објекти во рамките на школската локација, значи постои можност, доколку се издаде потребната документација од подрачната единица за урбанизам во Битола. Така да можна е изградба и на добивање на финансиски средства, треба да се види од кои извори треба да се добие.

По однос на првото прашање што било поставено на некоја од наредните седници, повторно одговорот е даден од Министерството за образование и физичка култура, а се однесува на така наречениот Тетовски универзитет. Знаете едни од неспорните граѓански права е правото на образование, правото на самообразување низ различни форми и активности. Еден елемент од тој систем, најзначајниот дел се разбира, го уредува Државата, со нормативни акти, со воспоставување на посебни стандарди, кои мораат однапред да се исполнат, за да определена институција или определена активност и биде вклучена во рамките на постојниот образовен систем на Републиката.

Без оглед, дали процесот на образование се реализира во државни, во јавни институции, или пак се реализира во рамките на приватни институции.

Надвор од тој систем, што државата го признала како легален систем на образование, се разбира можат да постојат, различни форми на едукација, тоа не е спорно на основните сугестиии забелешки на Советот на Европа, во однос на текстот на Законот за високо образование кој патем да кажам се изготвува е и тоа дека не треба да се попречува со ништо слободната иницијатива на граѓаните за образование. Белким е подобро да се организира различни собирања, одошто младите да одат во кафеани. Тоа е нивниот ризик. Што ќе се случи со дипломите што тие ги добибваат? Тоа не се легални документи со кои тие можат да остварат право на воспоставување на работен однос во јавниот сектор, во јавните установи, дури и во комерцијалниот сектор, таму каде што со закон е пропишана потребата од остварување и исполнување определени услови од аспект на образованието. А дали некој приватник ќе сака да вклучи лице кое развило соодветни вештини, тоа е негов проблем, како што се вклучвуаат во различни школи за изучување на стрнаски јазик со различни до квалификации, пре квалификации каде се добиваат некави сертификати, кои не се во класификацијата на документи кои се во легалниот систем на образование.

Дури не постои можност, она што беше како дилема, дури вештачки поставена дилема за евентуалното признавање на таквите документи, се разбира, тоа не е можно, дури иако последните години на некакво школување се обезбеди во некоја друга земја. Затоа што при нострификација и издавање на потврда за еквивалентност на определен документ, ние имаме и право и обврска да изршиме увид за текот на студирањето на кандидатот што тоа го бара. И друго, во Лисабонската деклaрадија која се потпиша во почетокот во 1997 година, а потписник е и Република Македонија, децидно стои дека се нострифицира и признаваат дипломи кои се издадени од институции вклучени во образовани институции во образовните системи на земјата, од која таа диплома потекнува.

Околу првачињата кои се обновуваат и од страна на Заводот за статистика во нивните публикации и ние писмено ке одговориме за тенденцијата на пораст или намалување на бројот на прво одделенците, кои во Битола се запишуваат.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас имав чест г-ѓата министерка да ми одговори на сите прашања. Како прво во делот на така наречениот базен, велам така наречениот, затоа што нема да биде, јас бев наполно задоволен од министерката на претходната седница кога го поставив прашањето и денес бев комплетен и во одговорот е многу конкретно кажано дека, со увидот на деталниот Урбанистички план на локација на школото не е предвидена изградба на базенот. Дали некогаш ќе се дозволи или нема да се дозволи тоа е друго прашање, меѓутоа факт е дека тој базен легално не смее да постои и дека тогаш кога се поставуваше камен темелнник, се претпоставуваше камен темелник на дива градба. Моето прашање беше што Владата мисли да превземи против тие што поставуваат камен темелник на дива градба? А на тоа прашање се разбира, не добив одговор.

Во делот на така наречениот Тетовски Универзитет, во вашиот одговор стои терминот образовна институција. Значи вие тврдите дека е тоа образовна институција. Јас ова го гледам пред мене и знам дека во Тетово имаме уште една образовна институција. Владата во тој документ така пишува. Никаде не пишува нелегален, туку дека граѓанинот сам одлучува каде ќе се образува. Јас само заради тоа поставив дополнително прашање, дали тоа е така или треба да се направи или требаше малку поинаку да стои во одговорот.

**ФАИК АБДИ:**

Господа пратеници, би поставил едно прашање, кое се однесува на следното: За исхрана на два милиона граѓани колку ги има во Македонија, колкава е потребата од

лебно жито пченица, разно граднинарски култури, овошје, телешко, јагнешко, јунешко, риба, јајца, живинско месо, храна за добитокот, живина итн? Колкави количини се потребни, колакв фонд на земјиште се користи, а колкав е во угари итн?

Ние донесовме некој закон од областа на стопанството, Закон за трговија. Со г-динот министер за стопанство се договоривме за Законот за трговија, кој што сметам дека ќе дојде на ред, би сакал да не информира до каде е активноста за тоа.

Друго прашање, зошто Министерството за развој, односно Владата досега не е готова со новиот насловен список на степенот на развиеноста, односно на друг список на неразвиени општини на РМ, за да можат според механизмот, автоматизмот да може да се користат средства токму во неразвиените општини? Секогаш одговорот е дека немаме многу време, дека тоа е голема материја, меѓутоа година ипол за ваква материја, е ептен голема математика.

Имам уште едно прашање, зошто сеуште немаме делбен биланс меѓу РМ и поранешните општини и ново отворените? Еднаш зборував за ова прашање, меѓутоа ќе го повторам и сега во вид на прашање дали има намера Владата, односно министерот без портфе и Комисиајта за верски прашања, да покренат иницијатива со хуманитарните организации, односно Црвениот крст, Црвената полумесечина и сите други хуманитарни организации, кои што примаат доста помош, овие заедно со верските заедници да поведат иницијатива за отворање на народни кујни во Црквите, во Џамиитеи на други места каде граѓаните и минувачите би добиле бесплатен оброк? Ова не е никаква новина во развиените земји, ова постои. Постои и во сред Загреб, а ние сме многу развиени и многу богати, па не сакаме вакво нешто. Мислам дека ова прашање треба да се реши.

**КИРО Д0КУЗ0ВСКИ:**

Јас не знам дали пратеникот има добиено материјал, вчера беше доставен до пратениците 31 страница текст и 15 страници прилог елаборирана е состојбата со податоци и бројки од кои може да се види тоа што го интересира пратеникот.

Доколку тоа не го задоволува јас сум спремен повторно да дадам податоци.

Меѓутоа, мислам дека ќе го задоволи да погледате и мислам дека има се.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави г-дин Наумовски, министер во Владата на Република Македонија.

**ВЛАДО НАУМОВСКИ:**

Околу идејата во рамките на верските заедници да се формираат оние народни кујни кои што пратеникот ги наведе, Комисијата за односи со версктие заедници е Комисија која што се бави со односот на државата према верските заедници, се друго што верските заедници во својот домен на работа го прават, тоа е запишано во статутот на верските аедници и тоа би било нивна добра волја да формираат вакви кујни, можеби Вашиот апел ќе го прифатат како таков, но државата и Комисијата не може да се меша во тоа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави г-дин Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ;**

Ваков одговор мене не ми е непознат. Јас знам дека вака ќе одговореше г-динот министер. И порано зборував за еден ваков проблем и мислев дека нашата Влада, партиите, односно државата треба да ги провоцира овие хуманитарни организации и ова прашање не е ниту малку за смеење, во прашање е народот.

Ние постоиме заради народот, па ако тие не се, ние нема да бидеме овде. Заради тоа, треба да се провоцираат органиазциите, оние хуманитарни, не хуманитарни, па Вие за бога, г-дине министер, контактирате со црквите, со поповите, со оџите, со џамите и црквите итн, па не е лошо малку да ги поттикнете на ова прашање. Не е со значање државата тоа да го направи, туку тие тоа да го направат, да подигнат иницијатива за

отворање на овие народни кујни. Ова ќе биде добро за граѓаните. А, не да се плашиме од тоа, заради тоа што државата ќе се меша во работата на црквата. Никој нема да се меша. Ова е во корист и за Господ, и за Алах, и за Дебла и за сите.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Прашање ќе постави г-динот Жифко Јанкуловски.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Имам да поставам неколку парашања.

Прво прашање до Министерството за стопанство и земјоделство, со оглед на тоа што жетвата е на прагот, поставувам прашање колкави се потребите на Република Македонија од лебното жито, од пченица? Колку беше обезбедено од сопствено производство на пченица во оваа година? Колку пченица е увезено во Република Македонија во оваа година и колку се планира да се увезе до крајот на годината? По која цена се увезе пченицата, која е купена од другите држави франко донесена во Македонија?

Второ прашање до Министерството за урбанизам, минатата година беа обезбедени средства околу милион и шестотини илјади денари за изградба на водовод во село Могила. Ова село е едно од најголемите села во Битолската општина, кое нема за жал, сеуште вода за пиење, оваа година поднесено е барање заедно со комплетна докуметнација и проект, прашувам, дали Министерството планира да обезбеди доволно средства да се доизгради овој објект, односно овој водовод заедно со средствата од минатата година? До истото Министерство се однесува за обезбедувањето за вода за пиење за селата Ивањевци и Вашерејца, кои села, исто така, имаат поднесено комплетна документација оваа година и кои села, исто така немаат вода за пиење, дали Министерството ќе ја има предвид оваа ситуација, дали планира да обезбеди доволно средства за да се изградат и овие водоводи во овие села?

Следно прашање е до министерството за сообраќај, по прецизно до Фондот аз патишта. Патниот правец Крушево - Буџим, Ивањевци - Битола, каде редовно постои автобуска линија, на делот од патот Крушево - Буџим е поставен нов асфалт уште од минатата година, а останатиот дел кој се протега од селата трњовци, Ивањовци, па се до Лознани моментално е во катастрофална состојба и доведено е во прашање постоењето на оваа автобуска линија. Да споменам дека доколку не постои оваа автобуска линија, овие села кои се одалечени околу 30 км. од Битола, ќе бидат отсечени од градот. Поставувам прашање, дали Министерството за сообраќај, односно Фондот аз патишта, планира, а веќе е редно да планира, оваа година да го докомплетира овој патен правец?

Исто така, следно прашање до Министерството за сообраќај, кога селата Лознани, Ивањевци, Долно Српци и Беранци ќе бидат поврзани односно приклучени на новиот, а сега веќе и стар патен правец Битола - Прилеп, кои села во досегашниот период се целосно отсечени од овој патен правец?

Последно прашање до Министерството за финансии, познато ми е откако се формираа новите локални општини, локални управи, секоја година Министерството за финансии издвојува, односно обезбедува финансиски средства за изградба на патишта, улици, улично осветлување и друго. Прашувам, колкави средства се обезбедени за споменатите намени во општина Могила? Барам писмен одговор.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-динот Рикаловски сакаше да одговори на г-динот Абди Фаик.

**БОРИС РИКАЛОВСКИ:**

Г-динот фаик мислеше на измени на Законот за трговија, а не за донесување на нов закон. Тој подолго време се залага за измени во смисла да се овозможи на пазарите да се продаваат и стоки за широка потрошувачка паралелно со некои други производи и да се отворат пазари, со цел наменети за продажба за таква стока. Ние тие негови

предлози внимателно ги проучувавме, но мислевме дека полесно и побрзо можеме да заземеме став. Но, се испостави дека по тоа прашање при донесувањето на Законот за трговија, токму во овој Парламент имало многу различни гледања и многу прашања кои неусогласено, мислам биле поставувани за кои не можеле да се усогласат интересите и гледањата, од исти причини нам ни е навистина потребно тоа да го согледаме во поголема подробност, за да можеме да предложиме решенија кои ќе бидат прифатливи.

Има размислувања дека може да се најдат решенија во овој правец и ние наскоро ќе излеземе со одреден одговор по однос на неговата иницијатива и доколку тој биде задоволен со тоа што можеме да го понудиме,  би понудиле закон и измени на законот. Доколку не, мислиме дека треба да важат одредбите на постојните закони. Затоа, тоа е прашање на кое, јас не можам ни да го охрабрам, ни да го обезхрабрам, но мислам дека нашите сознанија можеме да ги проанализираме со него и потоа да заклучиме дали треба да се оди во измени, дали тоа што можеме да го понудиме го задоволува или не и ако го задовлува, тогаш би оделе на измени. Доколку не, мислиме дека прашањето не би требало да биде предмет на расправа, затоа што тоа во одредено време е дискутирано во многу големи детали и нема ништо ново од тогаш до сега.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Прашања ќе поставува г-динот Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседавач, почитувани министри, дами и господа пратеници?

Најпрво, бидејки една исклучително ретка прилика ќе искористам комуницирање преку собраниската говорница, со потпретседателот на Владата г-ѓа Златка Поповска.

Првото прашање е од процедурален карактер, дали на г-ѓата потпретседател на Владата и е познато, дали знае дека во остварување на пратеничката функција пратеникот има право да бара во контекст на спроведување на одреден законски или друг пропис средба и комуникација со член на Влада и во таа смисла, тоа е битно и за остварување на неговата пратеничка функција, примерот е што госпоѓата потпретседател веќе три месеци на мое барање не овозможува јас преку таа комуникација со нејзе како член на Влада или со нејзиниот кабинет, да ја остварам мојата пратеничка функција на застапување на преку 2 илјади земјоделци водокорисници од Кавадарци. Тоа ми е потребно, затао што после тоа да оценам дали да покренам иницијатива за интерпелација за г-ѓата Златка Поповска.

Второ прашање до истиот член на Владата е следното. Како потпретседател на Влада задолжена е за реализација на програмата Фаре. Како пратеник имам сознание дека во рамките на оваа програма во делот на поддршката на земјоделството, има предвидено позиција за финансирање на проекти за наводнување во земјоделството. Барањето е од голем број на земјоделци од Тиквешијатата, конкретно од Кавадарци. Во делот на изготвување на проекти за изградба на системи за наводнување во месностите Мовшка Река, месноста Бегниште Ресова и месноста Дреново. само тие се непокриени со систем за наводнување во Тиквешката околија на земјоделскиот реон. Прашањето е во смисла, бидејки Кавадарци поседува со едни од најголемите количини на капацитети на акомулација, иако се одобрени 10 милиони долари за реконструкција и санација на постојниот систем за наводнување, едн голем дел на земјоделски површини се непокриени со системот за наводнување и токму оваа проектна документација за која е прашањето дали се финансира со поддршка од проектот Фаре, за што имам како сознание дека има таква позиција, дали може да се отвори постапката со подготвување на таква проектна документација, за да можеме потоа пред меѓународните финансиски асоцијации да конкурираме кога ќе има проектна документација за реализација на истиот проект?

Бидејки одредени ресорни министри не се овдека, како потпретседател прашање е со следната содржина. Поголем број на работници во поранешниот систем на

Пелагонија, градежното претпријатие "Пелагонија" меѓу кои и организациониот дел на Пелагонија од Кавадарци, по осамостојувањето на овие делови имаат од централата, така да кажам, бившата централа побарување во делот на намирување на пензискиот стаж. Објаснувањето е од господата актуелни раководители на ГП "Пелагонија" дека, тоа ќе се реши со некои законски пропис, со кој што Владата ќе интервенира за намирување на побарувањата што Република Македонија за градежните претпријатија, конкретно за ГП "Пелагонија" ги има од побарувањата од Ирак. Прашањето е дали се предвидува таков закон, во кои рамки и за вкупниот број на регулирање на пензиски стаж на работници од Пелагонија и посебно што мене ме ентересира за делот на работниците од Кавадарци ќе се најде форма на решавање на нивниот пензиски стаж?

Трето прашање за г-ѓата потпретседател, на последната седница за пратенички прашања добив одговор дека во делот на доцнењето на детскиот додаток и посебниот додаток за ретардираните деца, дека тоа доцнење од една година во тековниот период во 1998 година со еден интензитет на мирување забрзан да се реши, за што има и средства во Буџетот на Републиката. Покрај почетниот, да речам ете потег на едно забрзано намирување на ова социјално право, да не објаснувам од какво значење е социјалната функција на детскиот додаток и нагласувам за посебниот детски додаток за ретардираните деца, повторно имаме еден застој, па прашањето се однесува дали Владата преку ресорното министерство предвидува во наредниот период до крајот на тековната година, ова доцнење на детскиот и посебниот детски додаток да се пристигне до некој начин и доплати до крајот на тековната година.

Еден блок на прашања до министерот за земјоделство г-динот Докузовски. Познато е дека има општ застој на одобрување на земјоделски кредити, иако од Светска банка, неколку банки беа овластени за конкурирање пред истите и за поддршка на земјоделците во приватниот сектор кои што предвидуваат да се занимаваат со земјоделство и сточарство. Има банки кои што, иако им се одобрени средства и се овластени за вакво кредитирање во земјоделството, воопшто и неотпочнале со издавање, односно на одобрување на земјоделски кредити за приватниот сектор на земјоделството и сточарството.

Има објаснувања дека пласманите во земјоделството, иако за тоа се овластени од меѓународна финансиска помош, која е по поволна за земјоделството и за која ќе потсетам и ресорниот министер и комплет Владата се публикуваат дека, ете во почетокот на годината во макроекономската политика предвидуваме за поддршка на индивидуалното земјоделство, дека се овластени 5 комерцијални банки, кои што под поволни услови ќе издаваат. Сега тоа е прекинато под изговор дека, пласманите во земјоделството се ризични. Проблемот со хипотеките кој е познат и со потребата од инвестициони програми, да не го спомнувам. Што презема ресорното министерство и Владата на Република Македонија, за реактивирање на постапките за конкурирање и одборување на земјоделски кредити, конкретно што мене ме ентересира, лозарство, овоштарство и приватен сектор на сточарство?

Владата има донесено Одлука за формирање на Фонд за помош на земјоделството од донации, врсти видови на помош и од буџетски средства, кои се за поттикнување на земјоделството. Дали профункционира тој фонд во рамките на Министерството за земјоделство и ако не е зошто не е профункционирано како еден практичен потег, ако веќе комерцијалните банки не го поддржуваат развојот на индивидуалниот сектор на земјоделството, зошто државата, која исто така има функција за поддршка и поттикнување на земјоделството и за што има формирано и Фонд и за што е надлежно Министерството за земјоделство, не профункционира за конкретните финансиско - кредитни помошти и поттикнување на индивидуалниот сектор на земјоделството и сточарството?

Второ прашање за г-динот Докузовски, имаше на последната седница на Собранието на Република Македонија реакции од три големи земјоделски реони во Републиката, меѓу кои и од Тиквешијата, реакција на прекинувањето на водоснабдувањето на земјоделците, поради неизм-рени обврски за 1997 година во делот на постојаниот дел. Но, потенцирам дека делот на користена вода, така наречен променлив дел е поштено и редовно исплатен од страна на земјоделците, водокорисници, додека овој дел не е исплатен од едноставна причина што 85% од цената на водниот надоместок учествува тој дел. Фактички, со оваа превисока застапеност на сталниот дел во цената на воден надоместок го призна и самата Влада и со донесениот закон нов за води, го призна и овој Парламент, кога кажа дека цената на сталниот дел се намалува од 85% во цената на водниот надоместок, на 10%.

И, кога сега, поради тоа признавање само на оваа Влада и на ресорното министерство, на намалување на сталниот дел на воден надомест што е евидентно и евидентно е дека не исплаќањето на обврските од 1997 година е само во овој дел, дали ресорното министерство го има како сознание дека луѓето не да не сакаат да платат вода, мислам земјо-делците, туку им е превисоко тоа како давачка, дали ресорното министерство, кое веќе го призна намалувањето на сталниот дел на водниот надомест, не предвидува преземање на мерка на ослободување на обврскатг за воден надомест за 1997 година во делот на намалувањето на сталниот дел, колку што и изнесува и намалувањето во самиот закон од 85% на 10%.

**ПАНЧО МИНОВ:** (Продолжение)

Трето прашање за господинот Докузовски, министер за земјоделие, шумарство и водостопанство. Во неодамнешната посета на Гевгелија јас како пратеник, повторно во областа на наводнувањето, бидејќи повеќе земјоделските култури од раноградинарството се во гевгелиско, се јавува една состојба на користење на вода за наводнување за раноградинарството, која е некаде до крајот на летото или во тековниот летен период, за што се обврзани со одредена количина за водоснабдување, водокорисниците кои што во продолжение на одгледување на друга земјоделска култура повторно се обврзани со одредени количини на обврски за вода кон водната заедница Гевгелија за водоснабдување. Фактички испаѓа иако за раноградинарството не го искористиле доволното количество на вода што им е предвидено од водните заедници и при засадување на втората земјоделска култура е и за тоа повторно под истите услови се наплаќа, така да цената на водниот надоместок во гевгелиско испаѓа да е поголем од неготинско, кавадаречко итн. Дали тоа Министерството го има како сознание и дали ќе ја испита состојбата со цената на водниот надомест во Гевгелија и што во таа насока ќе превземе? Исто така, дали ќе се обврзуваат и оние водокорисници кои користат природни потоци, природни бразди за наводнување, не се во системот за наводнување?

Трето, дали ќе се обврзуваат оние што се подалеку од хидрантите и додека дојдат на ред фактички не можат да бидат квалитетни корисници на вода за наводнување. И покрај сите овие проблеми, иако имаме природен тек на наводнување, иако поради недореченоста на земјоделските површини не се во можност да користат вода за наводнување, има една состојба на повластеност на водните заедници и тие без разлика на овие моменти истите ги оптоваруваат како да тие користеле редовно вода за наводнување.

Четврто прашање за господинот Докузовски, каква е судбината со вклопување на хидрометеоролошката станица Кавадарци, во хидро метеоролошкиот систем на Република Македонија?

Наредното прашање е повторно до господинот Рикаловски и господинот Спасов. Прашањето е Дали двете надлежни министерства се подготвуваат за спроведувањето на новиот Закон за стечај, а господинот Спасов ми одговори дека интензивни се подготовките на судските стечајни органи за примена на новите одредби од Законот за

стечај. Како што знаете од 6 мај тие влегоа во сила и прашањето е немаме забелешка на битните новини во новиот закон, кои фактички се заштита и на претпријатијата во стечај и на правата на работниците од претпријатијата во стечај. И понатаму една фамозна одредба од преодните одредби од законот остана, постојните стечаи да продолжат по претходниот закон, што значи одолжување во еден недоглед на спроведувањето на стечајните постапки на ниво на Република, а посебно во Кавадарци каде има околу 70 претпријатија во стечај. Прашањето е до двете ресорни министерства, за стопанство и за правда.

Бидејќи во овој закон и во претходниот закон постапката за стечај е итна, затоа што во стечајните постапки има интерес на стечајните судии и стечајните управници да ја одолжуваат постапката нерешеавајќи го притоа раздолжувањето на претпријатието во стечај, туку.решавајќи ги само должничко - доверителните односи на побарувачите и во сомнителни калкулации со истите, со опарничување на стечајната маса и доаѓање до обезвреднување; на капиталот на стечајните претпријатија и до нивна распродажба, како и катастрофалната последица со оставање без работа на голем број на работници по основ на стечај, со праксата на одолжување на стечајните постапки, фактички дали тоа не е еден голем предизвик, една голема фактичка аргументација за двете надлежни министерства, да преземат мерка под итно да се преиспита текот на времетраењето на стечајните постапки, од аспект на нивно завршување во смисла на раздолжување на стечајниот должник и можност преку реорганизација за повторно ангажирање на претпријатијата, а со тоа и со повторно ангажирање на работници како извршители во тие претпријатија.

Прашање до министерот Рикаловски. Има пракса во Охрид при посета на бугарски туристи водичи да преземаат од Република Бугарија, иако по Законот за туризам обврска е туристичките водичи да бидат организирани во здружение на граѓани - туристички водичи и дека би требало по можност да имаат положено испит за таа работа. За жал контролата не функционира, не функционира и обврската на самите хотели за истата работа, што ќе преземе во таа насока за спроведување на Законот за туризам, во делот на правата на туристичките водичи и обврската на хотелите да се ангажираат само организирани Здруженија на туристички водичи и водичи во Република Македонија, а не сомнителни туристички водичи, како што е во конкретниот случај од Република Бугарија.

На крајот две прашања до министерот Илиевски. Прашањата се однесуваат на следното. Постои голема загриженост и неизвесност кај вршителите на промет на мало на лекарства во делот на подзаконските акти, за вршење на дејност промет на мало на лекарства, односно аптеките по делот на стандардите во одредувањето на максималното, односно минималната расположива површина по м2 и екипираноста со дипломирани фармацеути.

Прашањето е, дали со овие подзаконски акти, иако имам лично сознание од министерот дека, тоа е и обврска според договорот со Светска банка, дали во тие подзаконски акти ќе се предвиди еден преоден период за усогласување на овие услови од страна на вршителите на промет на мало со лекарства, како во делот на просторот, посебно во делот на ангажирањето на дипломирани фармацеути, бидејќи треба да се штити категоријата на техничари кои се со средно образование и сега ангажирани кај овие лица преку моделот на нон - стоп работење или работење двократно?

На крајот уште едно прашање, со поздравување во делот на обезбедената поддршка за селските амбуланти и предвидувањата за екипирање на селските амбуланти во Кавадарци, за што имам лично сознание од министерот, временскиот момент на отпочнувањето на опремувањето на овие селски амбуланти.

**ЗЛАТКА ПОПОВСКА:**

Господине Минов, јас морам да кажам дека прв пат примив информација дека сте ме барале. Не знаев дека сте ме барале повеќе пати, дека сте ме барале долго, не знаев

дека воопшто сте ме барале. Меѓутоа тоа имплицира нешто друго и затоа се чувствувам повикана уште еднаш да потенцирам.

Откако сум потпретседател на Владата, во ниеден момент во моето дејствување и однесување не сум ги навредила партиските бои или било каков коалиционен интерес над државниот интерес и над директните потреби на луѓето. Според тоа, основна појдовна точка ми е да видиме што може што повеќе од потребите да се решат. Немало никаква причина да не се видиме посебно вака како што викате, имало голем отвор и сложен проблем, освен причина да не сум била информирана. Јас Ве молам тој проблем навистина да го разгледаме и да видиме дали може и заеднички нешто да направиме напред чекор.

Тоа е што се чувствувам должна да го потенцирам и имам право, затоа што мојот работен ден трае долго, точно заради тоа што вие и лично ме познавате, комуникациите со луѓето ми значат навистина многу, затоа што низ тие комуникации се создава претстава и можност за оценка на реалноста на некое барање или потреба.

Вие поставивте голем број на прашања, едно од нив беше и за Ирак, за побарувањата на нашите фирми, Владата работи на тоа да се пронајде решение за да се олесни ситуацијата на нашите фирми, затоа што тие должат на Владата. Се бараат решенија во доменот на компензациите, меѓутоа основно ни е да се види структурата на побарувањата према Ирак. Министерството за финансии ја прави таа структура и многу брзо ќе излеземе со еден предлог.

Дали ќе се согласите, бидејќи поставивте голем број на прашања, другите прашања да ви ги дадеме во писмена форма.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Може да ми одговорите и при посетата.

**ЗЛАТКА ПОПОВСКА:**

Добро, во ред.

**КИРО Д0КУ30ВСКИ:**

Денска и на минатата седница доминираат прашањата за наводнувањето, затоа што сега е сезона за наводнување и со право се поставуваат тие прашања. За тоа немам забелешки, меѓутоа кратко да повторам. Мора да има доследна примена на законот што го донесе овој  Парламент. До сега немаме случаи да се крши законот.

Бидејќи има многу интерес за оваа тема, ќе подготвиме една информација со цел да ги запознаеме пратениците по одделни региони какви се проблемите, од кој аспект се проблемите покренати, зошто се такви и кои се решенијата за тие прашања. Значи, ветувам дека набрзо ќе добиете информација за наводнувањето.

Добро е овде да се потенцира, да се сврти вниманието и обратно. Еве го поставивме пратеничкото прашање, дискусија во Парламентот, па сега ќе има промени. Промени нема да има. Заради тоа што законот го донесовме пролетва, а тој во неговите фази ќе се применува за некои одредби и од Есен, тоа е времето кога ќе се пријавуваат површините, ќе се утврдуваат цените за 1999 година, се определивме 1998 година да важат истите цени што важеа минатата година, под услов да се плати тоа што е извршено. Бидејќи основица за тој спор е до донесување на Законот за надоместок, претставуваше 10% од просечната цена на наводнувањето во подрачјето. Таму има одредени недоразбирања некаде, нешто заради нејасно, нешто заради грешка.

Ова прашање ќе биде предмет на согледување и веќе е, а за наредната година ние се договоривме со Светската банка, со германска фирма да направиме комплексна оценка на целиот систем на цената на чинење на водата, почнувајќи од објектите и амортизацијата како цена на чинењето што го товари доста наводнувањето, завршувајќи со делот на енергијата, уклучувањето на максиграмите итн., што значи големо оптоварување на наводнувањето. Во текот на есента ќе имаме потполно нов елаборат за начинот на утврдувањето на цените со европските стандарди. Ако и тоа нас не ни

одговара, тогаш незнам што друго ќе сакаме, меѓутоа битно е тоа да се свати и добро е отпочнат процесот наводнувањето да го остваруваме во нови услови и дека таа услуга мора да се плати.

Никој не повикува на бунт и се кажа точно на оваа говорница дека, јас ќе ги повикам за реализирање на законот. Денес се вика дека селски бунт ќе покренуваме. Тој што ќе ги кани на бунт, тој да го гасне бунтот, но нашите селани не одат така. Со еден збор ќе добиете информација, а ќе завршам дека во областа на стопанството допрва почнуваме да ги воспоставуваме новите односи според Законот за земјоделство.

Беше поставено прашањето за кредитирањето. Пратениците од Комисијата за земјоделство добија комплексна информација за кредитирањето во земјоделието. Истата ќе ја доставиме и до пратеникот Панчо Минов. Ново е тоа дека оценките се дека за кредит има голем интерес, меѓутоа самите интересенти за кредити не сваќаат дека и тие треба да ги исполнуваат обврските што ги бараат прописите. Сега испаѓа дека ние немаме земјоделци. Не плаќаат придонеси, а сакаат да бидат земјоделци. Тогаш не е земјоделец. Кога е во прашање интересот и правото да го искористи е земјоделец, а ако треба да се осигура, не сака да се осигура и сл. Значи треба да го свртиме вниманието и кон другата страна, бидејќи и моето посредување да инсистирам кај Светска банка и кај нашите шест банки, повеќе ми беше страв дека немам право тоа да го правам, бидејќи банките се самостојни и така треба да работиме.

Меѓутоа, слушате вие и преку медиумите последната мисија на Светската банка беше таа дека, во земјоделството ќе има нова кредитна линија и нови средства за земјоделството. Според тоа ќе има пари, но прашање е дали комплетно ќе се спремиме сите овие кредити да ги користиме за намерите за кои се дадени, а не она што се случуваше 1981 - 1982 година да правиме со нив друго, а најмалку земјоделие.

Фондот за земјоделие беше споменат, таков не постои, постои Програма за поттикнување на развојот на земјоделството во рамките на Министерството. Таа е објавена во Службен весник со мерки кои што се јавно објавени и се спроведуваат во праксата.

Прашањето на хидрометеоролошката станица во Кавадарци, дали може да се финансира или припои кон некого, кој ја основал тој ќе мисли за нејзе, Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство не е основач на таа метеоролошка станица. Сигурно некој ја основал, сега нема пари и чека друг да влезе и затоа предлагам прашањето да биде упатено до Хидрометеорлошкиот завод на Република Македонија, кој може да даде компетентен одговор, бидејќи на едно место може да се решава прашањето на метеорологијата, а не на повеќе места во државата. Јас за тоа не сум надлежен и исто така укажувам дека ние не сме ни основачи, нити пак можеме да земеме обврска да го решаваме прашањето, за кое некој друг го основал и кое треба да се решава на локално ниво.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Кој друг министер ќе одговара на последните прашања?

Има збор господин Петар Илиевски, министер за здравство.

**ПЕТАР ИЛИЕВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Минов, кој постави доста умесни прашња во областа на здравството. Навистина неговото прашање за загриженоста на прометот на мало на аптеките, е прашање кое што сакам да го разјаснам пред овој Парламент, бидејќи со донесувањето на Законот за лекови, познато ни е дека тој закон мораше да се усогласи со Европската унија, со ФАРЕ, Светска здравствена организација, Светска банка, бидејќи често бевме критикувани зошто не се спроведуваат реформите. Реформите не се спроведуваат на ваков начин кога законската регулатива ќе се изедначи со овие институции кои претходно ги спомнав. Од таа усогласеност на нашата законска

регулатива со Европа постојат и некои стандарди, меѓу кои стандардите се за квадратура на едни такви објекти, како што се објектите.

Да ве информираме и за следното. Денеска во нашите апотеки покрај лековите и другите помагала се продаваат и други комерцијални работи. На пат сме тоа да се издвои, да биде чисто, да се установи каде што ќе се продаваат лекови и други медицински помагала.

Мислам дека со донесувањето на законот, сите ние се залагаме за една правна држава, а правната држава вака изгледа. Со законска регулатива, со точно одредени норми и мислам дека сите тие апотеки и со кадар и со опрема и со простор мора да ги исполнат условите, ако сакаат да ја продолжат својата дејност.

Јас би се осврнал на врторото прашање, околу така наречените селски амбуланти, сега во нашиот жаргон модерно е да ги викаме рурални амбуланти, тоа е терминологија што ја употребуваме со Светска банка и ќе ви кажам дека ние до неодамна започнавме прво со опремување на пилот општините, кои се предвидени со самиот проект за транзиција на здравствениот систем, а деновиве јас ги разгледував и другите населени места во Републиката да се опремат по исто така шема, со исто таква опрема. Бидејќи сте вие пратеник од тиквешкиот предел, јас гледајќи го населението по број Росоман и некои други населби, наскоро ќе бидат опремени со исто таква амбуланта како пилот општините, како амбулантите во пилот општините Охрид и Прилеп и можеби деновиве или веќе се некои опремени.

**БОРИС РИКАЛОВСКИ:**

Јас го делам мислењето на министерот Илиевски дека дел од прашањата навистина се крајно актуелни и претставуваат поширок интерес, отколку што е интересот на еден пратеник. Двете прашања кои беа упатени до Министерството за стопанство по однос на едното заеднички со Министерството за правда, јас би го прокоментирал на начин дека, навистина во изминатиов период тежиштето на нашите активности врзано за стечајните постапки, беше концентрирано на обезбедување на услови што е можно за по ефикасна примена на новиот закон, односно елементите кои се новина во Законот за стечај. Во таа смисла редица на подготовки, консултации се правени со правосудните органи, со судовите, со судиите и мислам дека успеавме мноштво од прашањата што беа според нас од значење за постапката да ги усогласиме и да ги акцентираме, да ги издвоиме прашањата на кои треба да се посвети посебно внимание.

Во оваа смисла, осбоено внимание посветивме и на именувањето на стечајните управници, бидејќи се сеќавате дека во новиот закон постојат одредени критериуми и услови што треба да ги задоволат стечајните управници, за да можат да ја извршуваат таа задача. Со голем број судови се остварени контакти од наша страна, бидејќи Министерството за стопанство треба да даде свое мислење за кандидатите. Морам да кажам дека наидовме на проблем кој не го очекувавме. Од голем број на предложени кандидати од судовите, ние кај голем број констатиравме дека не ги задоволуваат условите и се редуцира бројот на можните кандидати за тоа. Но, со заеднички напори со судовите се обидуваме и таа празнина да ја надминеме и мислам дека тоа ќе биде успешно завршено.

Во подготовка сме на една анализа за тоа прво, над колкав број на претпријатија е воведена стечајна постапка, колку долго таа трае, кои се се обврските на претпријатијата према државата, за да можеме навистина да изнајдеме ефикасни решенија за она што значи долг на претпријатието, она што значи постапка и сите прашања кои се врзани со тоа, а стојат отворени. Тоа е еден по замашен материјал при крај сме со него и намера ни е заедно со Министерството за правда откако ова ќе го завршиме, а тоа ќе биде во наредниве десетина дена, да свикаме регионални советувања со судовите, со судиите стечајни, за да можеме токму да укажеме на овие прашања на кои со право г-динот Минов укажува, бидејќи навистина е недозволиво одредени прашања од овој вид кои се

од витално значење за опстанокот на некои претпријатија, со години да се држат отворени.

Јас ова го кажувам само и како наше незадоволство, но од друга страна сум свесен какви се проблеми постојат кај судовите и тие се различни од суд до суд, но мораме да бараме решение таму каде што тие прашања брзо можат да се надминат. Кај некои судови наидуваме и на други проблеми, наидуваме на проблем да кажеме одредени пријави кои се поднесувани за прекршоци да се враќаат после две, или три години зависно од рокот е апсолутна застареност и да не можат да се преземат мерки против сторителите на некаков прекршок, заради тоа што не е изречена мерката во законски предвидениот рок. И не се работи за индивидуални случаи, туку се работи за предмети кои се бројат на илјади.

Според тоа, тоа е едно прашање навистина за кое тука можеме да кажеме дека, заради преголема затрпаност на судовите одредени прашања и од овој карактер од стечајната постапка, остануваат ненавремено решени. Тоа е уочен проблем и навистина со сето разбирање за проблемите кај судовите што ги имаат, сепак мораме да пристапиме на еден по организиран начин и тоа ќе го направиме наскоро.

Што се однесува до прашањето врзано за ангажирање на квалификувани, односно не квалификувани туристички водичи морам да кажам дека тоа е една непријатна појава од туристи од една од соседните земји, кои доаѓаат со сопствени водичи и на еден начин низ сопствена призма ги презентираат историските настани, историските личности и се останато врзано за нашата национална историја. Тоа е непријатна појава и злоупотреба на гостопримството јас би рекол на нашата земја, на нашите граѓани, нашата отвореност и гостољубие се злоупотребува.

Она што е во надлежност на инспекциските служби, нашите служби веќе добија налози на ова прашање да му посветат соодветно внимание, зголемено отколку досега што беше правено и морам да кажам дека првичните оценки покажуваат дека не се работи за превиди, или пропусти масовно кај нашите хотелиери. Нашите хотелиери кога од нив тоа се бара, ангажираат квалификувани и проверени водичи. Но, најчесто проблемите се таму каде што одредени групи индивидуално ангажираат, или си доаѓаат со сопствени водичи. Тоа е скоро невозможно да се контролира, секој има право да се движи со група и да објаснува така како гледа. Но, ќе ја зголемиме контролата и кога станува збор за презентација на нештата во спомениците на културата и таму каде што се бара од нашите туристички организации водич, да не се случуваат пропусти да сугерираат не квалификувани лица.

Но, подвлекувам не е проблемот таму, проблемот е што тоа се прави произволно од страна на туристичките групи кои доаѓаат. Тоа е состојбата, со зголемена будност ќе ги следиме натаму овие така да речам девијантни појавувања, кои се од ново време и па ќе речам непријатни, се злоупотребува она што ние можеме како земја да го понудиме со своето гостољубие. Таму каде што постои можност за интервенција од страна на нашите органи бидете убедени дека тоа ќе се стори согласно на прописите кои го регулираат тоа прашање во земјата.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас излегов на говорница само да се заблагодарам на потпретседателката Поповска, на г-динот министер за стопанство и министерот за здравство. Иако, во поголем дел сум задоволен од одговорите на министерот за земјоделие, сметам дека не се работи за не спроведување на законот, во делот на обврската за ако не се плати претходната обврска да се прекине снабдувањето, туку дека се работи за еден премин од претходна обврска, во кој што имаме еден преоден период на промена и на начинот на пресметување кој е по новиот закон и елементите кои влегуваат како импути во цената во делот на сталниот дел.

Инаку во делот на ова што значи кредитирање, јас можеби направив лапсус во делот на тоа дали е фонд. Јас знам дека има овластување на Министерството што се средства од донации, странска помош и евентуално буџетски средства да се наменуваат во делот на поттикнување и помош на индивидуалното земјоделие и сточарство.

Јас ќе ве молам за прашањето за хидрометеролошка станица Кавадарци, Ви се извинувам што го поставив.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор Котевски.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, господа министри, колеги пратеници, јас имам пет пратенички прашања.

Првото пратеничко прашање до Министерството за градежништво, урбанизам и екологија, се состои во следното. Дали регионалнито водовод од село Кравари до Македонско - Грчката граница, поточно до преминот кај селото Меџитлија, до крајот на оваа година ќе биде завршен?

Ова прашање го поставувам, бидејќи има огромен интерес од селските населби с. Оптичари, с. Егри, с. Жабени, с. Меџитлија и с. Лажец. Селата Оптичари и Лажец веќе имаат изготвено проекти за селската мрежа, а селото Егри е во тек на изработка на проект за селската мрежа. Исто прават конструкција и прибирање на пари како би можеле со самата изградба на регионалниот водовод да се приклучат на истиот.

Две пратенички прашања имам до Министерството за собораќај и врски.

Првото се однесува за изградбата на патниот правец Велес – Битола – Македонско - Грчка граница премин Меџитлија. Во печатот, а исто и во неколку интервјуа на г-динот министер Беџети имаше изнесено дека, има интерес од 10 до 15 странски инвеститори кои сакаат да се вклучат во изградбата на овој правец. Ме интересира дали до нова година ќе има изгледи да се отпочне со изградбата на овој пат?

Второто прашање се однесува за изградбата на клучката кај село Кажани на магистралниот пат Битола - Ресен. Ова болно прашање четири години го поставувам, а е од огромно значење за економскиот развој на селата Кажани, Доленци, Ѓавато, Маловиште, Рамна Лера и Горно Српци. Имам сознание дека некои почетни зафати се започнати, меѓутоа дали интензитетот со работа ќе продолжи, бидејќи пред 3, 4 години исто така се почна па се чекаа други подобри времиња.

Две прашања имам до г-динот министер за земјоделие Докузовски, од кои едното беше поставено, можеби ќе го повторам. Наредното прашање се состои во тоа, кредитите кои што се доделени, односно кои што се определени за ридско - пограничните села од поширокиот дел на Пелагонија, во сите населени места беа организирани состаноци, беа објаснети условите за користење, постои огромен интерес, во некои општини од државата како што е Берово, Пехчево веќе се користат такви кредити, меѓутоа во Битола сеуште немаме доделено и не е отпочнато искористување на овие кредити. Дали се јавува некој проблем, или ова ќе се реализира во наредниот период?

Второто прашање се однесува исто така еден претходен пратеник постави прашања, во однос на цената на пченицата до Министерството за земјоделие. Точно е тоа дека, цената на пченицата веќе две, три години е иста, свесен сум дека домашната пченица секогаш треба да биде поевтина од увозната пченица. Меѓутоа, мислам дека оваа година треба да се изврши некоја корекција, имајќи ги во предвид трошоците за производство кои што се зголемени. На прашањето може и усмено, а и писмено да се одговори.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Одговорот ќе го добиете во писмена форма.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван потпретседател, дами и господа пратеници, почитувани министри од Владата, имам намера да поставам три прашања.

Едното прашање е упатено до мојот почитуван колега и сега заменик министер за внатрешни работи, со кој што најпоеќе имаме проблеми. Се работи за регистрација на едно здружение на студенти "Фан - Ноли" и тоа што е зачудувачки, прашањето се однесува на тоа дали Министерството за внатрешни работи има намера да го почитува решението на Врховниот суд на РМ, да го преиспита своето решение и да го регистрира здружението. Не е првпат Министерството за внатрешни работи да се постави над сите институции во државата и да не ги почитува дури и законите. Ова кога го кажувам, сега пак се надоврзувам на Законот за лични карти и на неспроведување на истиот, кој што заради разни објаснувања до ден денешен не профункционира.

По однос на ова прашање имам прашање до јавниот обвинител г-динот Стеван Павлевски, се знае дека во оваа држава во одредени случаи тие што не ги почитуваат законите одговараат пред суд. Дали има намера јавниот обвинител да покрене обвинение против одговорниот, односно министерот за внатрешни работи, или пак некој друг кој што е виновен или одговорен за не спроведување на законите, кои што се донесуваат во оваа држава?

И третото прашање, е едно прашање кое што повеќе пати го поставуваме, за кое што немаме одговор, а се работи за следното, дали Владата има информација за застапеноста на националностите во државната администрација, државните установи и јавните претпријатија, дали ја следи кадровската политика, или вработувањето на припадниците на националностите во овие претпријатија и кога ќе добиеме информација која што неколку пратеници ја бараат?

**ИЛО ГАЈТАНОВСКИ:**

Околу регистрацијата на здружението "Фан - Ноли", не ми е познат овој случај. Меѓутоа, Министерството за внатрешни работи секогаш ги почитувало и ќе ги почитува наодите, односно одлуките на Врховниот суд. Бидејќи не ми е познат случајот би одговориле писмено.

Што се однесува до второто прашање, ми беше исто поставено истото прашање на една од претходните седници и јас можам да го дадам повторно истиот одговор, во смисла на тоа дека Законот за лични карти целосно се спроведува, освен во една одредба што се однесува на пишувањето на имињата и на јазикот на националностите.

Одговорот беше дека навистина сеуште не се создадени услови за материјални, технички за спроведување на ова, иако да речам се прават напори тоа да се обезбеди.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Не сум задоволен од одговорот, затоа што секогаш се одговара дека не се створени условите. Не се согласувам дека законот се спроведува, затоа што не се спроведува во еден многу важен дел за голем број на граѓани.

Што се однесува до Здружението "ФАНТНОЛИ" еве ја пресудата од Врховниот суд и тие сеуште чекаат на регистрација.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Значи одговор во писмена форма.

Има збор г-ѓа Поповска, која сака да го дополни одговорот.

**ЗЛАТКА ПОПОВСКА:**

Дали ќе се согласи пратеникот Таири да биде во писмена форма, всушност имате три прашања, па за сите три.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Прашање ќе постави г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри.

Јас нема да поставам прашање, ќе поставам едно прашање и ќе ве вратем пред четири години, ќе се подмладиме, пред четири години на 11 Октомври почна изградбата на пругата кон Бугарија. Ова е дел од весникот Нова Македонија, каде со мрсни букви е назначено дека почна изградбата на на пругата кон Бугарија.

Многу години наназад оваа пруга уште од Отоманското царство или Империја имала проекти за оваа пруга. Не биле реализирани. За време на окупацијата, постарите се сеќаваат на тоа, беше почнат дел од Куманово до Бељаковце, но и тој дел не беше довршен до Бељаковце. Владата на Република Македонија по осамостојувањето на еден многу свечен начин на 11 Октомври 1994 година стави камен темелник и изрази волја, односно желба оваа пруга конечно да биде изградена, како некое вековно тежнение на народот на овие краишта да се поврзе со соседните земји и понатаму кон Блискиот и Далечниот Исток.

За време на поставувањето на камен -темелникот г-динот Црвенковски претседател на Владата на Република Македонија, меѓу останатото рече: "на развоен план пругата помеѓу Македонија и Бугарија е само еден од низата проекти со кои треба да го оствариме новиот инвестиционен циклус во нашата држава".

Нормално пругата не се изгради, дали можеби инвестициониот циклусот заради тоа не е реализиран. Ова беше кратко образложение, а сега ќе го поставам прашањето. Прашањето е во два дела.

Прво, кој е статусот на пругата денеска во смисла на изградба и второ, колку средства до сега се потрошени на активностите околу оваа железничка магистрала?

Барам писмен одговор.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Значи одговорот ќе биде доставен во писмена форма.

Прашање ќе постави г-динот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дин потпретседателе, дами и господа министри, господа пратеници. Ние се договоривме на денешната седница дека требаше да има одговори на пратенички прашања на пратеници кои не се задоволни. Бидејќи имам повеќе одговори од повеќе министерства, а бидејќи е тука министерката за образование, едно додатно прашање затоа што не сум задоволен од одговорот на моето пратеничко прашање, поставено на 19 март 1998 година.

Имено, моето прашање беше во писмена форма да ми одговори Министерството колку има малолетни зависници на дрога во основните и средните училишта. За жал, одговорот е дека Министерството за основното и средното образование па едно дополнително прашање, зашто е одговорно Министерството за образование и физичка култура ако не е одговорно за основното и средното образование на учениците? Не е одговорно за платата на наставниците и професорите, а е одговорно за именување на директорите. Дали тоа е главната функција на ова Министерство?

Второ прашање, се однесува до Министерството за стопанство и Министерството за финансии. Имено, во месец април Владата на Република Макеоднија спроведе тендер за набавка на сурова нафта од 70.000 тони, за потребите на материјалните резерви. Колку ми е познато, а сигурно и на јавноста дека ова е реализирано, ме интересира дали е точно дека Владата за реализација на тендерот има подигнато кредит од 7.000.000 ДМ? Ако е така на кој правен основ е направено тоа, бидејќи колку ми е познато подигањето на кредит и издавањето на гаранции е можно само преку донесување на соодветен закон, а законот треба да го носи Собранието на Република Македонија. Ние таков закон немаме донесено.

На ова прашање барам министерот за стопанство да одговори усно.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Одговор ќе даде г-ѓа Тодорова, министер за образование и физичка култура.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Најпрвин помислив дека е можно да сме направиле таква грешка и не сме кажале дека Министерството за образование не е надлежно за основното и средното образование. Прочитав во одговорот на пратеничкото прашање се разбира не стои така.

Меѓутоа, стои фактот дека навистина на ова Министерство во неговиот делокруг на работа и во водењето на тековната политика во оваа област не е да ги евидентира зависниците, за тоа постојат други надлежни институции. Ние за реализирање на нашата политика се обидуваме и добиваме определени информации за кои се сомневам дека се до крај точни. Знаете тоа се на база на определени прашалници и увидот на наставниците кои контактираат со учениците. Употребата на таква бројка би била крајно чувствителна, заради нејзината апроксимативност.

Но, Министерството делува во друг домен, делува во доменот на превентивата за што веќе има подготвено програма која започна успешно да се реализира ширум Републиката, пред се од аспект на вклучување на соодветни теми низ одделни предмети, низ одделни вон наставни активности, низ едукација на директорите, на стручните работници во училиштата, низ работа со учениците посебно да се спречи проваторството меѓу учениците.

Г-динот Даневски многу често го поставува ова прашање и мене навистина ми е жал што како градоначалник на Св. Николе не смогна сили да соработува со Министерството и тој да ни го презентира бројот со кој наводно располагаше, а упорно го криеше во фиока, едноставно не сакаше да ни ја презентира бројката со која тој располагаше. Ние на таков начин доаѓаме до тие информации. Јас не сакам да поверувам дека се точни пишувањата во еден од весниците, дека тоа г-динот пратеник го прави во функција на развој на некаков бизнис на некој негов роднина. Сигурно не верувам меѓутоа, еве за ова прашање повторно би го дала истиот одговор.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Одговор ќе даде министерот Рикаловски, министер за стопанство.

**БОРИС РИКАЛОВСКИ:**

За набавка на танкерот нафта за потребите на стоковите резерви државата, односно Директицјата за стокови резерви се нема задолжено во странство, според тоа, не е побарана ни гаранција ниту донесен закон за таа работа. Финансирањето на оваа набавка е извршено преку комерцијѕлните банки во земјата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господине Даневски, дали сте задоволен од одговорот?

Има збор г-динот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Видете, по првото прашање, по првиот одговор од г-ѓа министерка кога стана збор за превентивата, мислам дека вие како министерка уште кога дојдовте направивте хаос во ова Министерство и вие за овие две години уште кога укажував дека се шири дрогата и дека се зголемува бројот на пробатори, вие тогаш направивте една мини кампања и сега со некои примитивни методи дали јас сум имал роднина што се занимавале, тоа би било “дали мајка ти беше бремена пред да те роди“.

Таков е одговорот, ако сакате да ви кажам сега на ова ваше примитивно прашање, а дека вие сносите одговорност да кажете јавно во Министерството да не знае колку има зависници во основните и средните училишта, па зошто сте министерка? Вие треба веднаш да си одите од Министерството, веднаш да си одите моментално, не од Министерството, туку воошто да не стапнете во Министерството. Сега ми продава тука демагогија, па знаете ние имаме програма, превентивно, Св. Николе. Вие треба да исклучите, јас ве прашав лично вас како министерка колку има зависници во основните и средните училишта. Вие сега ми продавате некоја демагогија, ми мешате некои лични работи што нема врска поврзувате таму некои хипотеки, што нема потреба од тоа.

Затоа морам на овој начин вака да ви одговорам. Вие како министерка треба да знаете колку има зависници, а ако не знаете жалам или сте ја промашиле целата филозофија, вам не ви е местото за министерка за образование. Вие секаде бевте министер, девојка за се, се покажа каде бевте секаде ја укашкавте работата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Прашање ќе постави г-динот Ристо Николоски.

**РИСТО НИКОЛОСКИ:**

Ќе поставам прашање до Министерството за земјоделие. Можеби е малку пост - фестум, но чисто ме интересира сезоната за извоз на јагнешко месо, условно речено кај нас заврши.

Во Македонија, како што го слушнавме министерот има некаде сса 800.000 овци и од тука може да се изведе предпоставениот број на јагниња што може Македонија да ги произведе. Од она што до сега е изработено извезени се сса 100 до 110 илјади заклани јагниња, меѓутоа, стои еден друг податок, па ме интересира дали Министерството има прецизни податоци околу тоа добар дел од македонските јагниња живи се прошверцувани во другите држави околу Македонија? Излезени се нелегално со што е направена штета преку тоа што е оневозможено нашите индустриски капацитети тоа јагне да го преработат и извезат на пазарите каде се пласира тоа јагне.

Ме интересира дали Министерството за земјоделие, бидејќи знам дека има случаи каде се фатени такви обиди за прошверцување на тоа јагне, има сознание колкава бројка е изнесена надвор од Макеоднија нелегално, кои се субјектите и дали и кој мерки се превземени спрема таквите субјекти, бидејќи со ваквиот начин на однесување оние капацитети што ги има Македонија остануваат без ангажман? Не можат да имаат обемна работа за кои се наменети.

Второто прашање пак е од истата област, беше најавувано дека забраната за извоз на јагнешко место од Европската Унија ќе биде симната после 15 август. Знаеме дека одредени резултати од пробите што се доставени до Европската Унија, се работи за проби од земена крв од живиот добиток низ Макеоднија. Начинот на кој е доставено и од кои грла е земено не навлегувам, меѓутоа, факт е дека имаме позитивни грла. Дали и како ќе делува тоа, дали ќе стои дека забраната за извоз во Европската Унија ќе биде тргната или овие добиени резултати од таквите испитувања на крвта од земените грла ќе реперкуира со продолжување на забраната за извоз во Европска Унија?

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Одговор ќе даде г-динто Докузовски, министер за земјоделие.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Точно е тоа дека во Босна има нормално нови инвестициони циклуси во обнова на сточниот фонд на селата и интересот за набавка на добитокот е голем, а од каде ако не од просторите на Балканот, бидејќи тие овци можат единствено таму да се одгледуваат. Имаше разработено мрежа на шверц на добиток. Прилеп, Гостивар преку Куманово и скопските села беше местото каде се шверцуваше добитокот. Не сум подготвен да дадам точни бројки, но пред некој ден беа фатени и одземени 2.000 јагниња, нешто овци, конфискувани од тие што го направија шверцот. Нормално тие што шверцуваат сугурно и натаму ќе се обидуваат, тие грла се конфискувани, не се јавуваат сопствениците тоа го прават со деца ги носат до граница и ги протеруваат и сите што се фатени им е конфискувана стоката, нешто заклано, нешто уништено, но тие странки што го направиле тоа не можеме да ги фатиме. Санкција е во тоа што е фатено е запленето.

Уште е заострено со тие мерки, бидејќи ќе се очекува дека овој процес ќе продолжи со интерес за оваа работа. Ова ќе биде илегално до тогаш додека трае забраната во Македонија и од Македонија, заради појавата на шапот и лигавката која, како што знаете е востановена и ќе трае две години од последниот ден на вакцинацијата, а тоа е 15 август 1998 година. Тогаш е можноста забраната да се симне. Пред тоа никако порано.

Под услов во овој временски период да не се внесат нови грла и жаришта на оваа болест. Бидејќи сите грла беа третирани со принципот на вакцинација, значи и потенцијалните грла кои биле вирусонозни со вакцинирањето е конзервирано и болеста е ставена во мирување.

Точно е тоа дека ние и покрај тоа сознание за да покажеме дека сме држава која многу води сметка за ветерината и заштита на животните, особено интересот за јагнето направивме додатни напори да извршиме испитување, за да покажеме пред светот дека сме подготвени. Лабораторијата на Белгија деновиве ќе дојде во Македонија и ќе оствариме најконкретни разговори што ќе се случува после 15 август заради симнување на оваа забрана.

Не барајте и не е коректно да изјавам дека ќе се симне, бидејќи болестите се подмолна работа која не знаеме кога ќе се јави и од тие причини да соопштам дека се што пратите ригорозни мерки од обласа на ветерината кога се во прашање кланици, кожи, затворање на месарници се е во функција да докажеме дека овде мора да владее ред, за да ја симнеме забраната што е можно побрзо.

Според тоа официјална информација за прашањето кога ќе треба да ја добиете, откако ќе ја добиеме лабораторијата е вистинскиот одговор.

ЏЕЛАДИН МУРАТИ:

Дали сте задоволен од одговорот?

Прашање ќе постави г-динот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТ0ЈАН0ВСКИ:**

Јас имам две прашања, кои изгледа се разбира ќе треба да се образложат.

Собранието на општина Демир Хисар, на својата седница од 12 јуни 1992 година, донесе Одлука со која покрена иницијатива за измена на Водостопанската основа на РМ, со тоа што наместо предвидена Акумулација "Бучим", која ќе акумулира 215 милиони метри кубни вода и ќе потопи 1.825 ха. плодно земјиште и најактивните села во општината, предложи постапно да се изградат повеќе помали акумулации, со кои би се постигнале приближно истите ефекти како и акумулацијата "Бучим".

Донесените заклучоци на Собранието беа уредно доставени до Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина и Министерството за земјоделство, шумсрство и водостопанство на РМ рамно пред 6 години.

По покренатата иницијатива и доставените заклучоци, како и непосредните контакти со одговорните лицас во надлежни министерства, сеуште нема позитивне одговор. Со актуелната Водостопанска основа, која е сеуште во сила во РМ, во рамките на Хидросистемот "Бучим", се предвидува изградба на камено - насипна брана на Црна Река, на прифилот кој е лоциран на 2 км. низводно од селото Бучим. Реализацијата на ваквата концепцијата на системот "Бучим", овозможува наводнување на околу 47.000 ха. обработлива површина од Прилепско и Битолско Поле, како и простор за сместување на поплавниот бран на река Црна.

Респектирајќи ги техничките карактеристики на браната, може да се констатира дека се работи за поволен профил за изградба на насипна брана. Наспроти предностите, проектот "Бучим" кој повеќе од 4 децении ниту се реализира, ниту се откажува, има недостатоци кои ако се ценат во целина, истиот може да се оцени каќо неприфатлив.

Како посебни недостатоци на тој проект, кој е предвиден со актуелната Водостопанска основа на РМ, треба да се одбележат:

1. Со системот "Бучим" се поплавуваат 1.825 ха. обработлива површина со висок бонитет од I до III класа, а ќе бидат потопени поголем број на села од Демир Хисар. Покрај тоа, исто така, ќе биде одземено земјоделско земјиште во поширок дел на села во општината Демир Хисар.

2. Во потопените и загрозени села, по пописот од 1994 година, над 1.000 домаќинства за кои земјоделството претставува главно занимање, ќе остане без

земјоделско земјиште. Според тоа, за 73% од вкупниот број земјоделски домаќинства во општина Демир Хисар, ќе пресуши единствениот извор на егзистенција.

Најатрактивниот, односно најголемиот дел од општината ќе биде потпен или загрозен од водената акумулација. Потопени ќе бидат следните населени места: Бараково, Граиште, Сладуево и дел од населбат Демир Хисар, стариот дел на Боргашево, со вкупен број 700 жители, вкупно 200 домаќинства, до нив 170 земјоделски, од нив 200 станови, а загрозени населени места ќе бидат Света, Вардино и Динаковци, Прибилци, Белче, Кутретино, Суводол, Демир Хисар и Слепче, со вкупен број од 5.600 жители од 1.550 домаќинства од кои земјоделски 881. Податоците се дадени според пописот од 1994 година. Со ова ќе биде разбиерна и онака слаба демографска компактност на Демир Хисар и поширокиот простор од Кичево во Битола, во должина од 70 км. и ширина од 40 км. во Југозападниот дел на РМ.

3. Со изградба на браната "Бучим" за наводнување на дел од предвидентие површини со дождење не се обезбедува гравитационен притисок, туку е потребно дополнително пумпање на водата, за кои би биле потребни 12 пумпни станици, со вкупно 46 пумпи и изградба на околу 60 км. далекуводи и 12 трафостаници.

4. Ќе бидат потребни веројатно огромни парични финансиски средства за експропријација на земјоделските површини, станбените и стопански згради, кои ќе бидат потопени и загрозени од акумулацијата.

Имајќи ги предвид горенаведените недостатоци, особено тоа што што акумулацијата би се потопиле поголеми обработливи површини и поголем број села, се пристапи кон барање алтернативни решенија, со цел да се спасат обработливите површини и населени места од раселување.

Во 1992 година од страна на Хидромелиоративниот систем "Стрежево" од Битола и Водостопанското претпријатие "Стена" од Пролеп, изготвена е проектна задача за изработка на пред инвестициона студија за Хидросистемот "Бучим". Од повеќе дадени алтернативи, на седницата од 12.6.1992 година на Собранието на општина Демир Хисар, како најприфатливо го избра решението за изградба на 5 брани со акумулациите Жван, Оберни, Кочишта, Журче и Слепче. Со изградба на 5-те брани се избегнува поплаување со изградба евентуална на 5-те брани, се избегнува поплаување на најквалитетното земјоделско земјиште и потопување на села со активно население, се добиваат повеќе предности.

Така, површините кои се потопуваат се двојно помали со послаб квалитет и се наоѓаат на простори каде има незначително активно земјоделско население. Освен тоа, со алтернативното решение се овозможува етапна градба, што е особено важно во поглед на обезбедувањето на финансии и средства за градба.

Ова алтернативно решение се имаше предвид и при изготвување на Нацрт генерален урбанистички план на Демир Хисар, чија изработка започна во 1993 година, а во месец јули 1997 година е изготвен како Нацрт генерален урбанистички план и сеуште не може да биде донесен.

Со Нацрт генералниот урбанистички план е предвидено е урбанизирање на 40 ха површина источно од регионалниот пат Р - 416, тоа е Битола - Демир Хисар - Кичево, што претставува изграден дел ан Демир Хисар, така наречен Р - Мургашево, уште пред донесување на Водостопанската основа на РМ, уште пред 4 децении. Во овој дел од градот, кој е плавен од Хидросистемот "Бучим" не се одобрува никаква градба, доградба, реконструкција или санирање на постојни објекти, што значни дека не се дава согласност за негова урбанизација, што во реалниот и тековен живот предизвикува огромни проблеми на граѓаните и вклучително тука и на органите одговорни во врска со спроведување на постапка.

Всушност, актуелната Водостопанска основа практично е пречка за било каков развој на овој дел од градот, како и на потопените и загрозени села, плавени од

предвидената акумулација. Со цел да биде дадена согланост на Нацрт генералниот урбанистички план, Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животна средина, со свој допис бр.18-7266 од 20.10.1997 година побара соодветно мислење, водостопанска согласност од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Ваква согласност не е добиена, ниту е одговорено на дописот. Согласност не е добиена и по барање на Собранието на општина Демир Хисар, бр.08-23/1 од 29.4.1996 година, една година порано.

Во смисла на изнаоѓање рационално решение и добивање соодветна согласност, по барање на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Републичката управа за водостопанство на 22.12.1997 година од општина Демир Хисар, по барање нејзино, од општина Демир Хисар, доставено е дополнително изготвено техничко образложение и надолжни профили на можно решение на обиколниот пат Р - 416 Битола - Демир Хисар - Кичево. И после оваа дополнително доставена документација, писмено, водостопанска согласност по Нацрт - планот не е даден.

Неизвесноста продолжува, граѓаните на општината Демир Хисар, посебно кои живеат во населените места кои се потопени или загрозени од предвидениот хидромелиоративен систем "Бучим" несмеат, односно спречени се да подигаат новоградби и да реконструираат или доградуваат постојни објекти.

Во услови кога 4 децении скоро над најголемиот и највитален дел на Демир Хисар лебди хидросистемот "Бучим" како отворена закана, која ниту се реализира, ниту пак се брише од водостопанската основа на Републиката, граѓаните на општината Демир Хисар се оневозможени да ги планираат перспективниот развој сопствен и на своите идни поколенија.

Во таа смисла, ги поставувам следните две прашања:

1. Дали Владата на РМ ќе ја донесе во релативна идна извесност Водостопанската основа за дел од Вардарскиот слив, со кој наместо изградба на браната "Бучим", која е предвидена по должината на Црна Река - општина Демир Хисар, да се предвиди изградба на повеќе помали брани во Калкочиште, Журче, Обедник, Слепче и Жван?

2. Дали Владата за дел од Вардарскиот слив, според претходните точки, Владата на РМ ќе го поддржи, а Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерство за урбанизам, градежнигатво и заштита на животната средина ќе дадат согласност на изготвениот Нацрт урбанистички план за Демир Хисар, кој подолго време неможе да биде донесен со сите последици што произлегуваат од тоа, заради сеуште неиздадените согласности?

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Го слушнавте прашањето на пратеникот Стојановски.

Има збор г-динот Киро Докузовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Бидејќи прашањето е до нашето Министерство, јас сакам накратко да одговорам.

Прво, денес на самата седница "Бучим" се спомна двапати. Првиот пат, во контекстот зошто не се гради "Бучим" и кога ќе се гради и вторпат дека "Бучим" не треба да се гради со аргументи прочитани и кажани дека, тоа е објект кој тешко ќе даде ефекти, односно прави повеќе штети.

Јас несум ни за првото, ни за второто и немам време, ако имаме време да ја земам таа водостопанска студија која е толку голема што можам до сабајле да читам, што значи "Бучим" за оваа држава со сите параметри. Никаде не пишува право на министерот Докузовски или сеедно како ќе се вика, да може самиот да потпише согласност на нешто што не е ни овластен, ни надлежен, ниту може. Дури ниту Владата може да го промени документот што го донело Собранието на Македонија. Водостопанската основа е документ кој е еднаков по својата тежина како и Просторниот

план на државата и може само тој дом што го донел по иста постапка да го промени тој документ.

Не случајно се влечка проблемот од 1992, 1996 година и јас јавно кажувам дека ниту ќе потпишам документ за било каква промена, додека не се промени Водостопанската основа. Дали таа ќе ги елиминира тие објекти и ќе предложи нови решенија, е работа на доста високо стручна работа. Затоа, и во Законот за водите стои обврска државата да изготви нова Водостопанска основа, бидејќи таа веќе е стара и времето ја надминало и нормално економските прилили во државата се битно променети.

Што ќе предвиди таа неможе да прогнозира, ниту сакам да се впуштам во таа работа, меѓутоа, битно е тоа дека ние веднаш пристапивме кон договарање за изработка на нова водостопанска основа на Македонија. Законот предвидува 5 години, бидејќи станува збор за еден сложен документ, за нејзино донесување. Дали ќе биде ова сега побрзо, зависи од тоа како тие експерти што ќе ги ангажираме и странски институции, во кои се вклучени и од Германија, германска институција, е прашање кое останува да се види, бидејќи Законот скоро го донесовме.

Од таму, да завршам ние можеме ако заклучите Владата да даде инфомрација по ова прашање, ќе ја дадеме, но јас кажувам кое е нашето мислење, бидејќи споменуваме дека ние сме тие што не се согласуваме. Јас кажувам зошто не се согласуваме, бидејќи не сме надлежни ниту овластени да менување еден доста сложен објект, за кој морам да кажам можеби имаме и наклонетост како министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство прилепскиот дел на Пелагонија, другиот дел фна "Бучим" и т.н. да добие вода за наводнување. Тоа што некаде се градат објекти, даречам надвор од дозволи и т.н., тоа е прашање на тој што ветил, на тој што отстапил од прописите и т.н. Јас тоа несакам да го направам.

Го зборувам ова затоа што и јас сум минситер сега, меѓутоа, не ја кријам одговорноста за минатото, сум бил и помошник министер 8 години заменик, тогаш се викавме инаку, меѓутоа, одговорноста ја носам и за тој период кога сум бил на тие функции, бидејќи не беше толку лош како што го напаѓаме минатиот период, особено во областа на земјоделството и водостопанството. Тие објекти останаа и сега се наша стварност.

Ако заклучи Парламентот, ќе одговориме, Владата сигурно ќе даде одговор и должна е да даде, меѓутоа, сакам да не створиме забуна дека ова прашање така едноставно ќе го решиме со едно мислење на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и министерот за урбанизам, и дека ќе се промени. Тоа мора да дојде овде на начин и постапка пропишани со Законот за води.

Јас жалам што вака можам да одговорам за Демирхисарци, кои се загрижени сигурно и загрозени не по вина на еден или двајца, со текот на времето што поминало така, но за подолго време зборувам, за 4 години, најмногу тоа прашање да остане сеуште отворено.

Но, останува обврска Владата да одговори официјално на пратеникот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господине Стојановски, дали сте задоволни од одговорот.

Има збор г-динот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас неможам да бидам задоволен од одговорот, не се работи за мене, се работи за граѓаните и за еден реален и објективне проблем кој постои, егзистира во реалниот живот. Кога веќе сме тука, ако внимателно се следеше министерот, во неговото говорење овде има некоку контрадикторности.

Прво, од позади да кажам, рече дека Владата ќе даде званичен одговор, значи ова што го зборуваше тој можеме да заклучиме дека е незванично, кажа само мислење како министер.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:** (Од место)

Како министер, официјално како мислење, како Влада не.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

И дека Владата ќе даде официјалне одговор, веројатно дека тогаш ќе треба јас да кажам дали сум задоволен од одговорот или не сум задоволен од одговорот и така заврши господинот министер.

Инаку, некои контрадикторности во врска со говорењето на министерот да се разбереме, демирхисарци и јас како дел од нив ја знаеме потребата од наводнување, особено посебно особено на пелагонискиот дел, од прилепскиот дел и левата страна од Црна, Посег, Неотино до грчка граница. И само оние што не поминале во тој период некаде во периодот помеѓу 20 јули и 20 август не знаат што тоа значи, да тој простор во Македонија надежен и економски, земјоделски профитабилен изгледа во тој период, со сите култури што се сеат во тој период. Оние кои поминале на тие простори во тој период ќе знаат и веројатно многу по жестоко ќе реагираат на тоа прашање дека тоа се едни од најпририоритетни задачи што треба да ги направи власта во оваа држава.

Тоа е навистина едно неисцрпно богатство на ресурси кое за жал е запоставено во сиве овие периоди и нужно треба да се бара некое решение проблемот треба актуелно веќе да почне да се разрешува. Мене акцентот не ми беше на тоа прашање, мене акцентот ми беше сублимиран во овие две прашања кои прецизно ги поставив.

Со оглед на тоа дека ние трпиме последици на еден дефиниран проект пред 40 години, кои и вие овде го кажавте како, кој проект веројатно во новите настанати општествено економски услови не коинцидира со реалноста и неговата мегаломаност што е поставена и веројатно изискувањето на прекумерните финансиски средства што ќе ги бара тој проект, ќе треба да се редефинира.

Проектот е псотавен во услови, во време кога на овие простори, во оваа држава важеше паролата “електрификација и индустријализација е рамно на прогрес и развој". И, кога на еден ефективен начин се исцрпуваа руралните средини и се концентрираше населението во градовите, со сите негативности што подоцна се покажа една таква политика.

Но, дефакто, таквиот дефиниран проект...

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ако може да прекратиме г-дине Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам?

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ако може да прекратиме.

Одговор ќе добиете во писмена форма.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Да.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Вие широко образложивте, што Ви дозволивме без преседан да зборувате, широка елаборација за проблемот за последното прашање.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Еве, благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам. Има збор г-дин Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

Имам неколку пратенички прашања:

Првото прашање е до Министерството за образование и физичка култура и до министерот за урбанизам. Сите знаеме дека градот Скопје има околу 800 илјади жители. Се работи за спортот. Знаете дека имаме разни натпревари (кошарка, ракомет и други), а во градот Скопје нема сала што може да ги собере граѓаните од градот. Имаме сала за 1500 до 2000 посетители, но сите знаете кога таму се собираме од 2 до 3 илјади граѓани, тоа е како да сме во гасна комора. Мислам дека другите градови што бараат некои други работи имаат подобри спортски хали, како на пример Штип, Битола, Кавадарци и други. Значи, гледате дека сега се натпреваруваме на европско ниво, во европски првенства во ракомет, кошарка, и други, а немаме ниту една хала која може да собере 5, 6, 7 па и 8 илјади граѓани.

Затоа го поставувам ова пратеничко прашање до Министерството за образование и физичка култура, дали имаат намера во текот на оваа година во градот Скопје да се изгради спортска хала, исто и до Министерството за урбанизам, дали има определена локација во градот за истата?

Второто пратеничко прашање е до Министерството за сообраќај и врски и до Министерството за стопанство. Да образложам, се работи за таксистите во градов, а исто и за цела Македонија. Има околу 8 илјади регистрирани таксисти. Тие работат и возат со автомобили стари и по 20 години, што веќе не се за сообраќај, го загадуваат Градот. Тоа се граѓани отпуштени од работа, кои за едно парче леб мора да работат и својата фамилија да ја прехранат.

Моето пратеничко рпашање е, дали Министерството за сообраќај и министерот за стопанство имаат предвид да им се овозможи на тие регистрирани 8 илијади таксисти во Република Македонија, на здруженијата на таксистите, да им се овозможи место да возат 20 години стари автомобили, бидејки сигурно не се моќни да купат многу скапи автомобили од 40 - 50 илјади марки, а сега правото на увоз на возила е до 3 години старост, дали би можело или сакам да се одговори, дали може таа граница да се помести од 3 на 5 или 6 години? Не мора да возат 20-ет годишни автомобили.

Како потпрашање, дали ќе бидат ослободени од царински давачки и од данок при увоз на автомобили, бидејки таква пракса постои во Словенија и Хрватска, таму таксистите се ослободени од данок и плаќање при увоз на автомобили и репроматеријали, бидејки тоа им е основно средство, а деловите се како за репродукција.

Фактички делови за набавка на тие возила и за набавка на истите возила што треба да се купат, мојот предлог е старосната граница да се помести на 3 или 5 или 6 години за да може да им се овозможи, бидејки се работи за 8 илјади таксисти, да можат да возат подобри возила, а не се во состојба да купат нови. Со тоа возниот парк на такси службите во градот Скопје ќе биде многу подобрен.

Третото пратеничко прашање е до министрите за урбанизам и стопанство. Сите знаете дека со Законот, во врска со што пратеникот Фаик Абди постави пратеничко прашање за уличното продавање и пазарските продавања на текстил, пластика и други дребулии, со Законот се донесе да не се дозволува улични продавања и надворешни продавања од пазарот. Нормално, за тоа требаше да се изгради еден пазар во градот Скопеј, во кој што ќе бидат сите сместени за продажба на такви забранети производи.

Прашањето до министерот за урбанизам, дали има обезбедено локација, а до министерот за стопанство, мислам дека би требало околу тоа да поведете псотапка или да кажете дали тоа ќе го поддржите, бидејќи тоа води кон едно добро, кон вработување, а не улично прдодавање и улично живеење. Мислам дека тука многу граѓани ќе најдат свое вработување, ќе плаќаат придонеси и други работи.

Четврттото прашање е до Министерството за екологија и сообраќај исто. Сите знаете дека имаме градски автобуси во градот Скопје, кои се стари 30 до 40 години. Тоа

се разни автобуси што се возат низ градот, донесени од Словенија, од Хрватска купени на отпад по 2, 3, 4 илјади марки.

Во врска со дозволите што се издаваат за нивна употреба, Министерството за екологија, бидејќи имаме такво министерство, треба за ова да поведе постапка, бидејќи имаме еден градски сообркаај, имаме исто и од овие кои сакаат да работат со свои лични автобуси во градскиот превоз, меѓутоа, ваквите автобуси во другите држави и градови се обраќаат само до Гадот, од селските општини до Градот, а во Градот автобускиот превоз се врши со автобуси стари најмногу 5 години. Постари од 5 години не се возат. Но, нам ни е толку можноста во Градот, овде и во Републиката, што немаме трамвајска линија, за да бидеме заштитени од еколошки и друг аспект.

Доколку може да ми се одговори веднаш, ако не на сите мои четири пратенички прашања барам писмен одговор. Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали ќе одговори некој на поставените прашања? (Не).

Одговорите на псотавените прашања пратеникот ќе ги добие во писмена форма.

Има збор г-дин Стојановски Томислав.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, потпретседател на Владата, еве малку останавме и ние и да ги забрзам работите, претпоставувам дека ова е последна седница на која што ќе има поставување на пратенички прашања, претпоставувам, па ќе поставам неколку прашања.

До министерот за образование и физичка култура, на 11 мај беше најавено поставување камен - темелник на Средното медицинско училиште "Никола Штејн" во Тетово. Таа чест му беше доверена на премиерот, беа пратени покани и на тој ден оваа официјална радост на сите нас таму, бидејки требаше да се стави темелник на училиште во кое учат 2 илјади ученици, беше откажана. Ќе ве молам усно ако може за причините на одлагањето на поставувањето на овој камен темелник?

Прашање до Министерството за правда или потпретседателот, сеедно, ние тука на една седница дискутиравме, повеќе реплициравме за обврските на Владата да постави повереници во Тетово и Гостивар во улога на градоначалници на овие два града. дискусијата беше дали е во ред да се поставува како барање на информација, компетенции на Влада се и не се, мислам дека работите во меѓувреме се избистрија и мислам дека целата јавност ја интересира, кога Владата ќе постави повереници во овие два града?

До Министерството аз стопанство, и после 2 години најавеното формирање на Дирекцијата за туризам не е релизирана. Колегата Минов додирна еден од сегментите на оваа проблематика што гледаме дека е доста актуелна. Многу работи можат и да не изненадат. Мислам дека оваа дирекција, ако сакаме да имаме реални амбиции во туризмот, а имаме услови, треба да биде итно формирана, за да може да ги координира сите дејности што значат унапредување на туризмот, туристичката понуда, координација и кон ова би додал само уште едно прашање.

Тоа прашање е иницирано од комплексот на претходните дискусии, дали во областа на туризмот, туристичкото стопанство, особено она што сега значи мноштво на туристички агенции, треба да се предвиди минимум на училишно образование, за да може таа дејност да се обавува. Ја сметавме како профитибилна и добро е што тука се направи еден напор да нема некоја рестрикција. Но, мислам дека веќе созреваат условите и мораме да бидеме сигурни кој организира туристички патувања, воопшто аранжмани, како што. Имаме и регулатива, но мислам дека не се почитува. Затоа, често пати сме изненадени од она што беше пред малку изречено.

До заменикот министер за градежништво, урбанизам и заштита на човековата околина, долго најавуваниот Закон за прогласување на дел од Шара за национален парк,

дали ќе биде брзо во собраниска процедура и кои се причините што не е така, евентуално?

До Владата, до потпретседателот, со одлуки на судови беа вратени на работа неправилно прогласените за технолошки вишок со профункционирањето на единиците на локалната самоуправа во Тетово и Гостивар. Се случува практично овие судски одлуки да не се земени предвид, а овие две локални самоуправи и натаму вршат нови вработувања, надвор од овие лица прогласени за технолошки вишок.

И, едно прашање, мислам дека е ред еднаш да поставиме прашање директно на премиерот, со задоволство се разбира, едно прашање што провејува кај многу стопанственици, но незнам од кои причини, не е поставено. А, и мене ме интригира, па ќе го псотавам.

Се работи за тоа дека, особено пред изборниот период, а и во друг период, но особено тогаш премиерот практикува при своите посети на градовите, покрај другите активности да организира и така наречени средби на стопанственици на СДСМ. Досега слушнавме многу нешта за тоа што значи државотворност итн., меѓутоа веќе промовираме нешто што е најлошо, што е многу опасно. Промовираме Клуб на стопанственици или како да го наречам, практично на некој начин асоцираме дека, ако не сте во тој Клуб на стопанственици, шансите на тој стопанственик и на неговото претпријатие за развој се ограничени. Еве, вака да поедноставиме. Мислам, една непријатна работа и премиерот ќе треба да даде директен одговор, затоа што тој е премиер на Владата на Република Макеоднија, тој треба да се ентересира за развој на целокупното стопанство во оваа држава, а не да биде некој привилегиран или на еден елегантен и дискретен начин принудуван да биде во редот на она што значи да се биде стопанственик од СДСМ.

Ако вака се продолжи ризикуваме целата транзиција, сите реформи повторно да ги вратиме на почеток. Практично, ако сите директори, сите стопанственици ни бидат од една партија, тогаш зашто сем ние, сме направиле повторно еднопартиски систем, бидејки стопанството е движечката сила. Се друго е секундарно и подредено на ова. Дури, треба да се биде привелегиран да не се биде во владејачката партија а добро да се стопанисува и да се потхрануваат и поддржуваат таквите стопанственици и директори. Во спротивно одиме во погрешни води, матни води што ги следи и странскиот фактор и мислам дека навистина нема смисла во еден град, директорите кои не се од СДСМ да се чувствуваат непријатно, да не употребам некој полош збор. Благодарам.

Може кој е присутен да даде усмен одговор, а другите писмено се разбира.

**ЏЕЛАДИ МУРАТИ:**

Ги слушнавте прашањата на пратеникот.

Дали некој сака да одговори?

Има збор г-ѓа СоФија Тодорова, министер за образование и физичка култура.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Постои нагласена потреба за изградба на ново училиште од медицинската струка во Тетово, заради рапидно зголемениот број на ученици кои се школуваат во ова училиште. Не само од Тетово, туку и од поширокиот регион. Токму затоа се пристапи и кон изведување, проектирање и изведување на овој зафат. Меѓутоа, локацијата за која што се сметаше најнапред дека многу соодветствува за изведување на овој зафат, се испостави дека не се докрај расчистени имотно - правните односи за две парцели. Се работи за површина од околу 4.700м2. Иако формално е направена експропреација уште во 1975 година, не е определен или не е добиен праведен надоместок за тие парцели.

Сега се согледува можноста ова училиште да биде лоцирано на површина во сопственост на државата. Уште повеќе доколку училиштето се лоцира на површината што сега се зема предвид се разгледува можноста, ќе дојде до поевтинување на зафатот, затоа што на тој дел не мора да се гради и училишна спортска сала.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор пратеникот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Точно е дека има проблеми со решавање на имотните односи. Но, со законите што ги имаем на овие парцели каде беше предвидено да се гради медицинското училиште и со деталниот урбанистички план и со најавената градба, практично тоа се празни парцели што практично експропријацијата е завршена, а согласно на последните донесени закони во таа сфера, договарањето ќе биде понатаму проследено, затоа што нема тука објекти што треба да се уриваат, посебно да се решават проблемите.

Оваа локација е во непосредна близина на Медицинскиот центар, каде овие ученици треба да обавуваат практична настава. Најавената нова локација, г-ѓо министер, ако се претпоставува за онаа за која имам јас слушнато до Спортскиот центар во Тетово, мислам ќе се направат неколку грешки ако се дислоцира овој објект.

Практично, еден прекрасен центар со спортска дворана и веќе едно училиште, таму е во непосредна близина Средното економско училиште, 10 - 12 илјади квадрати да се зафатат за еден оваков амбициозен проект, значи практично ќе се реши проблемот на Медицинското училиште, делумно, но практично го нарушуваме она што значи Спортски центар со спортска дворана, што значи практично еден поширок интерес на Градот.

Би замолил, да не се оди по линијата на помал отпор, имаме еден комплекс, еден Спортски центар, означаен, па сега можеме да градиме наједноставно, затоа што таму Владата може веднаш да донесе одлука и одлуката е донесена. Вие тоа не го кажавте. Извршена е дури и измена во ДУП и мислам дека еден не сериозен приод за парцела за која што се градени и создадени предуслови. Прашањето во 12 - 13 илјади метри квадратни, бидејќи не е постигната согласност за 2, 3, 4 илјади м2 не може да биде причина за една лесна дислокација, особено што ваму веќе оваа локација мислам дека има едно пошироко значење за целиот град. Оној кој го познава Тетово, лоцирање на еден ваков објект, нормално дека решава индиректно прашање на физичкото воспитание и образование, меѓутоа од друга страна го нарушува целиот тој комплекс и да речеме еден од оние објекти кои значат украс на градот со своите зелени површини, отворени игралишта итн. Добро е Министерството да вложува напор ако може да не се обесхрабрува концепцијата, концептот за пртходната локација. Мислам нема потреба од дополнителни објаснувања.

Јас ја земав таа по неблагодарна улога да објаснам, но тоа е што е.

**ЗЛАТКА ПОПОВСКА:**

Првото прашање ми беше околу назначувањето на повереницитe. Во рамките на своите надлежности, Владата многу брзо ќе ја информира јавноста.

Второто прашање беше во врска со Законот за националне парт Шар Планина. Колку што сум информирана прво треба да претходи Законот за природните реткости, тој е во процедура и после тоа како дел од таа регулатива, ќе следи и овој Закон за национален парк.

Третото прашање е од партиска природа. Инаку јас не се сеќавам дека било кога премиерот на Влада водел седница и сме дискутирале за клубови.

Значи, како држава, како Влада тоа е надвор од разгледувањето.

**БОРИС РИКАЛОВСКИ:**

Гледајќи телевизија видов дека г-динот Стојановски постави прашање во врска со формирањето на Дирекцијата со туризам. Сакам да информирам дека, ние интензивно работиме на подготовка на актите за оваа Дирекција и наскоро ќе излеземе пред Владата со предлог за нејзино формирање. Можеби уште во текот на идната недела, ќе одржиме еден консултативен состанок со политичките организации, кои би можеле да придоенсат за што е можно по успешно концепирање на нејзината дејност и

организациона поставеност и штом тоа го завршиме, практично пристапуваме кон постапката за формирање на Дирекцијата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

На другите•прашања ќе се одговори во писмена форма.

**РАТКА КУЉАН - ЗОГРАФСКА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани господа министри, почитувани пратеници, јас ќе поставам едно единствено прашање, а се однесува на две министерства имено, на Минситерството за градежништво, урбанизам и заштита на човековата околина и на Министерството за правда. Бидејки не се тука господата министри, ќе барам одговор во писмена форма.

Прашањето е дали планираат и кога реконструкција и проширување на улицата Дижонска, односно пристапот до специјалната болница за гинекологија и акушерство Чаир од ул.Цветан Димов?

Ова прашање, според моите информации е поставено во минатиот состав на Парламентот и има доволна временска дистанца да се постави повторно, бидејќи во меѓу време ништо не е направено од една стрнаа, од друга страна претпсотавувам дека знаете дека дел на оваа болница е во фаза на реконструкција и тоа особено делот кој што се однесува на сместувачките капацитети за породилки и новородени деца, така што во моментот болницата расплолага со намален капацитет од 65 болнички кревети за таа намена на 49 болнички кревети, така што феквенцијата по оваа улица е зголемена, од причина што дел од пациентите ги пренасочуваме кон гинеколошката клиника во договор со Клиниката, по претходно направен преглед и не би било убаво да се заглават заради ширината на делот на улицата Дижонска.

Имено, во еден свој дел, улицата не дозволува разминување на две обични возила, а камо ли возила кои што се во сопственост на градежната оператива, која што ги изведува работите кај нас и прашањето всушност, го поставувам во име на пациентите, на идните пациенти и сите граѓани, кои што гравитираат према оваа Болница, која што го содржи најголемото породилиште во РМ, со над 5.000 породувањеа. Голем процент од овие случаи се итни, доаѓаат со сопствени возила, не секогаш бараат брза помош, туку доаѓаат со сопствени возила и навистина, постои опасност од заглавување во овој мал дел на спојните улици од улицата Цветан Димов од едната страна, и до Булеварот Македонско - Косовско Ударна Бригада.

Значи прашањето е дали планираат да се прошири и да се реконтсриија во функција, макар и на оваа институција од посебен интерес за граѓаните на РМ? Бидејќи на минатото прашање одговорот бил дека не биле решени имотно - правните односи, се причина што не се реконструира таа улица, дали во догледно време Министерството за правда ќе покрене завршување на овие имотно - правни односи, особено заради информацијата која што ја поседувам, дека дел од тие се дивоградби и претставуваат зидови на дворишта, кои што се диво изградени.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Ќе поставам неколку прашања, поставени до министерот за финансии и до минситерот за правда, а се однесуваат за едно деновиве мошне актуелно прашање, кое доби голем публицитет во средствата за јавно информирање.

Се работи за стечај на постапка во “Нова трговија“ во Кочани. Во тој контекст сакам да го прашам министерот за финансии, бидејќи стечајната постапка по стариот закон ја покренуваше Заводот за платен промет, дали Заводот за платен промет ги покренуваше овие постапки, по некои принципи или ги покренуваше селективно? Имено, познато е дека голем број на претпријатија кои должат према државата односно, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Фондот за здравствено осигување е голем, па и во самото Кочани, во сите организации, а се покрена стечајна постапка само во Лозар во Велес, кое што потоа беше стопирана и сега во “Нова трговија“.

Ме интересира по кој критериуми се врши оваа селекција и второ, до минситерот за правда, бидјеки судското рочиште за оваа постапка е водено на 28 април оваа година, а стариот закон стапуваше во сила на 6 мај значи очигледно дека нешто се брзало и веројатно оваа е посебна псотапка која е водена по тој закон, иако во законот е предвидено одлуката да се објави на самото рочиште, или во рок од 3 дена, одлуката е објавена на 19 мај, значи 13 дена по стапувањето на сила на новиот закон и сега рочиштето е водена пред двајца судии, наместо тројца како што предвидува законот, а решението го потпишале тројца судии.

Ме интересира дали судијата кој што не присуствувал на рочиштето, а потпишал одлука за воведување стечај, направил прекршок со оглед на позитивните законски прописи? Во тој  контекст, ме интересира дали одлуката која е објавена 13 дена по стапувањето на новиот закон, може да предизвика правно дејство и трето потпрашање, по истото прашање до министерот за правда, со оглед дека именованиот стечаен управник е директор на фирмата “Деликатес“, која користи деловни простории од “Нова трговија“, односно со други зборови тој е кирајџија таму, значи има директен интерес дали неговото именување ќе обезбеди неутрална разврска на самиот стечај.

До министерот за образование и физичка култура, јас поставив пред 6 месеци две прашања, од кој добив одговор, на едното немам забелешки, а на другото не сум задоволен, па би сакал да поставам дополнително прашање, бидејќи се работеше за состојбата во Карате спортот, јас поставив прашање, ми беше одговорено за состојбата каква... Јас состојбата ја знам и не барам да ми се опише, затоа поставувам дополнително прашање, позната е состојбата, постои поделеност веќе година ипол дена, нарушен е јавниот интерес, не отстапуваат младинците на Европското првенство сега се одржа Европско првенство во Белград, каде што отпатува само еден дел од Македонија, министерот напиша писмо мислам дека беше коректоно напишано и ја очекуваше состојбата, мегутоа, тоа писмо од организаторот од Југославија беше со потсмев со многу вулгарни зборови прокоментирано и едноставно игнорирано урфлено и одлуката за тоа кој ќе настапи на тоа првенство ја донесе Југославија. Така се случи друга држава да ни одлучува, кој ќе ја застапува Македонија на еден врвен европски натпревар.

Бидејки е нарушен и понатаму јавнот интерес, дали Министерството за образование планира да преземе нешто, или ќе третира статус кво и понатаму?

За истата проблематика тогаш поставив прашање до министерот за внатрешни работи г-динот Чокревски, тој не најде засходно до денеска да не удостои да одговори, парашувам од кој причини не сака да ми одговори.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Токму заради фактот што ја познавате добор состојбата во Карате спортот, која за жал е обременета со низа проблеми, можеби десетина години и заради фактот што ја познавате законската регулатива, ме изненадувате да бидам искрена, со ова прашање.

Знаете со Законот за спорт постои одредба според која, во една спортска гранка може да се формира еден спортски сојуз. И нешто друго што е многу битно се промовира висок степен на самостојност на спортските клубови и на спортските сојузи.

Иако го имавме ова предвид, за да излеземе од ваквата ситуација која беша за жал, на штета на спортот и спортистите, во оваа спортска гранка, се обидовме и како Министерство да придонесеме да се разрешат проблемите, но не само што не успеавме во тоа, не само што таа поделеност и натаму остана, туку бевме сведоци на сериозни критики упатени до Министерството, дека неосновано, а тоа значи без основ во постојната законска регулатива се обидува да арбитрира меѓу поделените страни. Кога ќе имаме состојба да постои еден спортски сојуз, за кој ќе бидат вклучени претежниот дел, или најголемиот дел од клубовите кои се занимаваат со оваа спортска активност, тогаш Министерството ќе го регистрира тој сојуз, тоа значи ќе го верифицира фактот

дека преку него се остварува јавниот интерес и се разбира, финансиски ќе го поддржи во рамките на расположивите средства.

За жал, нам ни се случи во исти ден да се одржат две изборни собранија и сега и поранешната Македонска карате федерација, наместо да се обезбеди спојување на модерното со традиционалното карате, сега имаме две спротивставени и би рекла, крајно конфронтирани групи. Можеби проблемите повеќе лежат во раководните луѓе, структури, во не спремноста да се седне заеднички да се разговара на маса и да се направи обид да се излезе од оваа состојба.

Министерството и јас како минситер овде објавувам дека нема натаму да арбитрираме во изнаоѓање на решенија, Сојузот ќе биде регистриран кога ќе се обедини вакво спојување.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-дине Лазаров дали сте задоволни од одговорот.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Министерката убаво кажа дека добро ги знаеме пропистие во рок до 6 месеци требаше да се перерегистрираат сите спортски организаиции во Македонија, согласно Законот за спорт, кој што го донесе овој Палрамент. Оттогаш се поминати две години. За две години требаат сите спортски организации да се пре регистрираат. Министерката рече претежен дел. Токму така, прр регистрираните согласно Законот за спорт организации од 70-тина колку се пре регистрирани, 53 се на едната страна. Значи не претежно, претежнато е веќе.

Второ, таа страна постојано ги почитува одлуките и препораките што ги носи Министерството. Другата страна постојано не ги почитува. Сега ставаме знак на равенство, оној што ја почитува државата и оној што не ја почитува државата.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почиувани најупорни министри и пратеници, без оглед на денеска дадените квалификации, по однос на тенденциозност или не тенденциозност на одделни поставени прашања на пратениците и без оглед на квалитетот на сеопфатноста на квалитетот на одговорите од министрите, би сакал да го искажам своето задоволство од начинот на кој денес работевме, а тоа е што во најголемиот дел на поставените прашања беа давани усмени одговори, а мислам дека со тоа најблиску се доближуваме до права форма која треба да ја има овој институт, пратенички прашања.

Се разбира, квалитетот би бил уште поголем, доколку целосно бидеме присутни ние, се разбира и министрите во Владата на Република Македонија. Инаку, прашањето е од социјалната свера, која што е посебен мој интерес, немам други прашања, меѓутоа, првото прашање е до Министерството за правда.

Имено, како што и сами знаеме од средствата за јавно информриање во текот на 1996 година и некаде во почеготот на 1997 година, во Центарот за социјална работа на Град Скопје беа донесени несразмерно голем број решенија за еднократна парична помош и врз основа на пројавени сомнежи за веродостојноста на таквите донесени решенија, беше извршена инспекција од страна на Министерството за внатрешни работи, кој што констатира во таквите случаи се направени злоупотреби, грабеж на средствата наменети на корисниците на социјална помош и на средствата кои беа наменети за изградба на нов центар.

Со таквите констатации, беше и подигнат обвинителен акт проитив 5 лица од Центарот, меѓу кои и директорот на Центарот, а тој обвинителен акт мислам дека беше доставен од Општинскиот суд II и до ден денеска веќе 6 и повеќе месеци, нема никаков резултат од постапката до каде е и што е и према тоа прашањето до Министерството за правда, дали оваа постапка сеуште е во тек, до каде е и со кој интензитет се одвива

постапката во врска со покренатите обвинителни акти, против 5 лица во Центарот за социјална работа?

Второто прашање е до министерот за труд и социјална политика, а е врзано со ова првово. Имено, на директорот на тој центар му истече мандатот на директор на центарот, меѓутоа и покрај тоа што му истече мандатот до ден денеска ниту е распишан конкурс и сега автоматски се наметнува одговорот дека тој директор е директор на центарот, надвор од она што го регулираат прописите за постапката за избор на директор. Значи, го поставувам прашањето, по кој основ сеуште е тој директор на Центарот на социјална работа на Град Скопје и зошто, макар што мене ми е јасно зошто, зошто сеуште не е покрената постапка, односно не е објавен конкурс за избор на директор?

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Добро, одговор ќе добиете во писмена форма.

По втор пат се јавува да постави прашање, пратеникот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас имам уште неколку пратенички прашања, затоа што пред малку слушнав дека ова е изгледа последен пат кога се поставуваат пратенички прашања, па најнормално е ова да го искористиме. Гледам дека смз седум пратеници и седум министри, а за ова сакам да знае јавноста.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам поставувајте прашања, не број колку сме тука.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Колку сме толку сме, да се знае. Седум министри сторојат седум пратеници, толку ни е сериозноста на пратениците. За тоа треба да знае јавноста.

Мислам дека тоа право не можете да ми го скратите.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Вие само поставувајте прашања.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Тоа право, господине потпретседателе, неможете да ми го скратите, затоа што седум пратеници сме овде и седум министри. Нека знае јавноста колку сме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Тоа е нивно право, ете се пренесува.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Првото пратеничко прашање ми е до заменикот министер и до министерот за внатрешни работи во Македонија, дали во Македонија сеуште постои тероризам и што се случува околу Македонија, што значи ова фрлање на бомби во Куманово, се фрлаат бомби, се фрлаат бомби на Бит Пазар, се фрлаат во Тетово, во Гостивар, па сакам како пратеник да кажам за ова, затоа што прв меѓу вас пратениците сетете се многу добро поставив пратенички прашања до министерот за внатршени работи на Република Македонија пред две години и ве предупредив и на сите ви кажав прв пат беше моето излагање на Парламентот на РМ на оваа говорница, дека во Македонија, немојте, размислете, затоа што треба да донесеме некој закон, затоа што гледате дека голем замав се зема во РМ.

Моите стенограми стојат овде во Парламентот и можете многу убаво сите да ги прочитате каде имам три пати излагање и на трите во кратки црти имам одговорено. И тогаш прашував дали постои мафија во оваа Република Македонија? Дали и во Република Македонија има тероризам? Гледате дека тоа до ден на ден се шири во Република Македонија. Ова ви го кажува, затоа што почнува предизборна кампања, а тоа почнува, тоа ви го напомнав и минатиот пат, ви кажав и пред две години дека пред избори ќе се случуваат многу работи во Република Македонија. И еве го моето дојде на видело, тоа да го знаете. Затоа што гледате серија на бомбардирања во РМ секаде и се

по полициски станици. Значи, ова нешто значи почнува залетот во Република Македонија, затоа, ние овде сме Парламент, го носиме законот, овде гласаме и треба да се знае до пред избори, до пред изборна кампања, би требало МВР и Владата до Парламентот на РМ, треба да изгласаме овде некој закон, нормално се шири оваа работа во Република Македонија. Тоа е до министерот за внатрешни работи. Не сакам никаков одговор директен да добијам сега туку, тоа нека ни го дадат во писмена форма да го добијам.

Второто пратеничко прашање ми е до министерот за здравство. Сите знаевте дека во Република Македонија најнормално е дека дрогата се шири насекаде, дека во Република Македонија еве за жал, и кај нас ромите почна да се шири, а минатиот пат исто тоа го кажав, но сакам да потенцирам дека има многу ромчиња, малолетни деца бараат спас од оваа дрога. Бараат спас да се лечат. Тоа се се малолетни деца од 14,18, 19 и 20 години, што за мене тоа е многу сериозна работа. Тоа го има во општината Шуто Оризари, Центар, во Топаана, каде што сум пратеник има многу малку двајца или тројца, па сакаат да се лечат и лично до министерот за здравство ми е прашањето. Тие сакаат да се лечат, немаат парични средства, не се осигурани, па дајте да видиме за тоа.

Сакам да ми одговори министерот за здравство како и на кој начин ќе ги лечиме оние кои сакаат од тој пат, тие дечиња кои се излажани млади деца, нормално тоа е сериозна работа, да ги тргнеме од овој пат? Тие не се многу околу 30 или 40 се, па да ги извлечеме и да ги излечиме. Многу од нив сакаат во душевната болница Бардовци да се лечат, но нормално немаат никакви документи, немаат здравствени книшки, не ги примаат ги враќаат. Тие се обраќаат до мене како пратеник, а јас сум се обратил до многу места, но не ги примаат.

Во интерес на државата, во интерес на ширење на дрогата, барам да се поведе грижа од министерот, да помогнеме за овие дечиња.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, поставете го прашањето.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Г-дине потпретседателе, не ми го ускратувајте правото пратенички прашања имам право да поставувам ако сакам до сабајле.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас ви кажувам, поставете прашање на кое што треба да одговори министерот.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас не би сакал да влегувам во реплика г-дине потпретседателе, но нормално имам право и сега можам да продолжам да поставам уште пет пратенички прашања. Ако сакам сега ќе поставам и 20 пратенички прашања. Нормално, пратеник сум и се што ќе поставам пратенички прашања, ако вон пратеничките прашања поставам, тогаш повелете и укажете ми на нешто. Но, не би сакал, поради тоа што тука сите сте уморени, нормално и министрите овде не би сакал да ги малтретирам, некои можеби и тука не ручал, се извинувам на репликата, само барам одговор.

Усмен одговор барам од министерот за здравство, а од Министерството за внатрешни работи барам во писмена форма.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Го слушнавте прашањето, дали некој од министрите ќе одговорат на овие прашања?

Г-дин Илиевски, министер за здравство.

**ПЕТАР ИЛИЕВСКИ:**

Прашањето кое што го постави пратеникот Амди Бајрам е многу умесно и доста загрижува. Мислам дека не само меѓу таа популација, туку и другите националности, мислам на сите. Дрогата, јако многу се шири со една голема брзина. На пат сме да формираме една заедничка меѓу министерска комисија и работна група, тука мора да

учествуваат Министерството за здравство, за правда, за внатрешни работи. Пред мои, како да кажам столови е донесен еден таков проект.

Има многу нерешени проблеми, мислам дека со новата законска регулатива, со Законот за здравствено осигурување имаме предвидено, кој утре треба да биде на седница на Парламентот до 30 дена, лекување на тие зависници. Тука е отворено прашање, бидејќи мора да финансира и државата да финансира буџетот, затоа што тоа е еден таков проблем, кој свесно самиот ја употребува дрогата ја зема, не е нарушено здравјето од некои други фактори, како што се биолошки агенции, физички итн.

Мислам дека она што го кажавте дали имаат социјални книшки итн., во новата законска регулатива предвидуваме дека оние што немаат да бидат како социјални случаи, што во случајов лесно можат да докажат, да бидат лечени на товар на буџетот, на товар на државата. Јас би ви кажал дека постојат центри, Центарот во Кисела Вода. На пат сме Шуто Оризари во затворот иституција да отвориме во прво време за затвореници кои што издржуваат казна, но не значи дека тој принцип на терапија на третман на дрога ќе го прошириме и за другите не по затворски услови, можеби во други институции.

Навистина, ова е многу сериозен проблем, сериозно го разгледуваме во Владата и мислиме дека сме на прав пат да најдеме такви решенија, какви што ги има денес Европа, во врска со третманот на дрогата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-дин Станковски по втор пат.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Се извинувам, ова е мое дополнително прашање кое дојде во меѓувреме, се однесува до г-динот министер за здравство. Во Македонија егзистираат и постојат околу 400 приватни стоматолошки ординации. Значи, голем број на наши граѓани својата егзистенција ја бараат преку својата работа и труд. Здружението на приватните стоматолози, како што сум информиран, многу пати и многу одамна бара контакт со министерот за разрешување, преку нивното здружение и комората, бара контакт, за да проблемите со кои се соочува, да ги разреши.

Прашањето е, зошто министерот ги игнорира таквите барања за контакти и за разрешување на статусот на ова Здружение на приватните стоматолози?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Илиевски.

**ПЕТАР ИЛИЕВСКИ:**

Благодарам на вашето прашање.

Навистина министерот никого не игнорира, поготово Здружението на стоматолозите. Само ќе ве потсетам дека вчера на седницата на Комисијата за здравство, беа поканети претставници од приватните стоматолошки ординации, претставници на нивни здруженија итн. Истиот тој проблем сме го дискутирале пред лекарска комора, на кој што беа повикани стоматолозите. Јас како министер наоѓам за сите време, можеби не сум нашол време лично да разговараме, но сме разговарале на такви состаноци, на такви собири, каде што се дискутираат тие проблеми.

Навистина, стоматолозите се по специфични во своите барања и во врска со одредување на лекар, мислиме дека и тие ќе бидат опфатени. Во моментот се преговара тим од Министерството и од Фондот и нивни претставници, затоа што стоматолошката пракса е многу по специфична. И нив ќе ги вклучиме во капитациони систем, плаќање, но тешко е да се одреди до која е границата, кои интервенции ќе бидат да учествува Фондот, да учествува Министерството, а кои интервенции ќе бидат самиот пациент да ги плаќа.

Јас никого не запоставувам, но можеби не сум обрнал повеќе внимание, додека на сите советувања, на сите трибини што се организирани за реформа на здравствениот

систем, присуствувале стоматолози или нивни претставници. Ако имаат некоја посебна желба, можат утре да дојдат и да ги примам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали пратеникот Владимир Станковски е задоволен? (Да).

Дали има уште некој што сака да постави пратеничко прашање? (Нема).

Бидејќи никој нема што сака да постави пратеничко прашаше, констатирам дека дневниот ред е исцрпен и ја заклучувам 93-тата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 18,20 часот).